# ПЕНЗИОНЕР плус

СЗПМ **БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК**
» за сегашни и за идни пензионери

Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 **e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk**

NLB Тутунска банка

Година VIII, број 80 ISSN 1857-7660 27 март 2015 година


Изборите завршија, следува работа за подобар и подостоинствен живот на пензионерите

## За претседател на СЗПМ со акламација повторно избран Драги Аргировски

Врз основа на член 18 од Статутот, на 24–ти март 2015 година, Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија ја одржа својата изборна седница.

Откако беше избрано работно претседателство, записничар и двајца оверувачи на записникот, беше донесен и усвоен Деловникот за работа на седницата. Потоа беа избрани членовите на Верификационата и Кандидационата комисија. За повторно да се кандидира за претседател на Сојузот досегашниот прв човек на оваа најмасовна невладина асоцијација, на своите изборни седници поддршка дадоа голем број здруженија членки на Сојузот.





По извршеното гласање со силен аплауз од присутните **Драги Аргировски** едногласно беше избран за **претседател на Собранието,** а со тоа и на **Извршниот одбор** на СЗПМ.

Аргировски видно возбуден, но и почестен заради искажаната



доверба која повторно му ја даде членството рече:

Почитувани другари и пријатели. Од срце ви се заблагодарувам за дадената доверба уште четири години да го водам и претставувам Сојузот. Вашата доверба ми прави чест. Таа во исто



време значи и потврда дека патот по кој чекориме заедно, сите наши резултати и успеси добиле верификација. Но вашата доверба значи и голема обврска за мене, но и за вас. Обврските и работата секогаш во животот ми беа предизвик, бидејќи пред сè тоа се мои карактерни особини. Ако на тоа го додадам сознанието дека сите вие овде присутни, но и оние кои не се тука сте мојот тим со кој ќе соработувам, убеден сум дека во наредниот мандат ќе имаме уште подобри резултати, уште повеќе активности, уште повеќе средби и незаборавни дружења.

Ќе се договараме, ќе се консултираме за сè што е од интерес на пензионерите.

И понатаму ќе соработуваме со локалната и државната власт за афирмација и добробит на пензионерската популација, за нашиот живот да биде подобар, а пензионерскиот стандард повисок.

Ќе го афирмираме Сојузот и во земјата и надвор од неа како организација за пример, бидејќи и во изминатиот период ние бевме тоа, а со нашите активности и го потврдивме тоа.

Она што го организиравме како Сојуз за многу поголеми држави од нашата е мислена именка. Впрочем нашиот Сојуз бил и ќе биде примерен претставник на нашата земја, на Република Македонија.

Со уште поголема енергија и ентузијазам ќе продолжиме и во наредните четири години, поткрепени од нашето искуство, знаење и мудрост, акумулирани низ годините кои чесно си ги носиме и им служиме за пример на помладите генерации дека годините не се пречка ниту за пеење, ниту за спортување, ниту за пишување книги, ниту за сликање...



Уште еднаш ви благодарам и ветувам дека мојата единствена цел и преокупација ќе ми биде подобар и подостоинствен живот на пензионерите и на сите стари луѓе во земјата. Во овој момент се чувствувам горд на постигнатото во СЗПМ, но и среќен и радосен што заедно со сите вас ќе го надградуваме започнатото и ќе создаваме и поддржуваме нови проекти во интерес на пензионерите.

Во името на тоа ви посакувам среќни пензионерски денови и активно стареење.

Потоа за потпретседател на Собранието на СЗПМ беше избран **Бесник Поцеста**, докажан активист и борец за пензионерските права.

По неговото пригодно обраќање беа избрани членови на Извршниот и Надзорниот одбор, како и на Статутарната комисија на Сојузот.

За **Извршниот одбор** беа избрани:

м–р **Методија Тошевски,** за потпретседател и **Станка Трајкова** за секретар, а за членови м–р **Илија Адамовски, Ѓорге Андонов, Ѓорѓи Серафимов, Данче Даскаловска, Александар Захариев, Шабан Сабриу, Душан Ристески, Јордан Костадинов, д-р Крсте Ангеловски, д-р Мирко Макрешански, Станко Сипковски, Димитрија Богатиноски, Салтир Каровски, Олга Новачева, Ристо Трајковски, Ментор Ќоку и Ристо Франгов.**

За претседател на **Надзорниот одбор** беше избран **Миле Стојановски,** а **Драги Стоилковски, Нијази Џељиљи, Благоја Арсов и Мирко Данаилов**, за членови.

За **Статутарна комисија Зико Зиков** за претседател, а **Јован Гиновски, Пеце Гештаров, Руфат Рамадани** и **Весна Попова,** за членови.

Ова беа успешни избори на новите раководства на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија. Следува работа и ангажирање на сите полиња, во сите сегменти.

**Калина С. Андонова**

### ВО ОВОЈ БРОЈ...


АКТУЕЛНОСТИ стр. 2



ГОЛЕМ ПРИДОНЕС ЗА ПОДОБРО ПЕНЗИОНЕРСКО ЖИВЕЕЊЕ стр. 3

АКЦЕНТИ ОД ИЗВЕШТАЈОТ НА СЗПМ ЗА 2014 ГОДИНА стр. 4

ИНФО стр. 5

ПРАВИЛА ЗА РЕД ВО РАСПРЕДЕЛБАТА стр. 7

ХРОНИКА стр. 8

ЖИВОТ СО ПЕСНИ И МУЗИКА стр. 9

СЕДНИЦИ стр. 10 и 11

ИЗБОР НА АЛБАНСКИ стр. 12

ПАНОРАМА стр. 13

РАБОТИЛНИЦА СО ДОПИСНИЦИ НА СЗПМ стр. 14

ИНТЕРВЈУ СО ДРАГИ АРГИРОВСКИ ЗА НАША ТВ стр. 15



ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 8-ми МАРТ стр. 16

ЗДРАВСТВО стр. 17

ЗАБАВА стр. 19

ВООДУШЕВЕНИ И ГОРДИ ОД ВИДЕНОТО стр. 20




**ЌЕ ИЗЛЕЗАТ**
**9. Април**
**во „Нова Македонија“ - Пензионерски видици**
**24. Април**
**„Пензионер плус“**


Вашата пензија секогаш на први во месецот.
НЛБ Сребрен пакет
NLB Тутунска банка



Колумна

# Татковината треба да ја славиме а не да ја измачуваме

**Методија Ст. Тошевски**

Некогаш, реакција која е сосредоточена додека трае еуфоријата на некој настан, може да ја изгуби поентата која се настојува да се постигне. Во таков случај, ако се почека со реакцијата може да се изгуби на актуелноста, но сигурен сум, ќе се добие на суштината.

Последната година сведоци сме на еден безпоштеден наптпревар да две губитнички технологии на однесување на досегашните политички носители на власта во републиката, со кои до дното се маргинализира интересот на суверениот народ да ја гради својата држава како единствена градба која еднакво ќе одолева на политичките колебања во општеството.

Политичките водачи занесени во разгорот на политичката борба за одржување на власт, заборавaат на своите основни државнички обврски, па како јатрви, во конфронтацијата со своите политички конкуренти, наместо предностите (ако ги имаат) на своите политички и економско социјални програми, ги обесуваат на тераса сите нечисти алишта (а ги има фала Богу во секоја куќа помалку или повеќе, човечки е тоа) без да водат сметка какви лузни оставаат врз телото на државата, што ќе рече врз мирот и спокојството на својот суверен народ.

Дали народот го сметаат за суверен, или пак однапред му го одземаат тој епитет и самите се прогласуваат за врховен суверен на ситуацијата, не оставајќи место за ниеден друг субјект на просторот на државата, е прашање за математичка разврска.

Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, не може да биде имун на ваквото однесување на политичките водства во државата и на овој начин сака да потсети дека детските болести на непромисленост на политичарите одамна требаше да бидат елиминирани со вакцина на толеранција и политичко-економски натпревар, а не со искористување на каприци и детска своеволност при живи родители (народот). Дури и детето во фамилијата, ако родителот го испушти од процесот на воспитување и едукација може, и по правило го постигнува тоа, да го разори единството меѓу родителите, а последицата од тоа нема потреба посебно да се нагласува. Никогаш комшијата (читај меѓународната и сл. дилетантски организации, не можат да ја залепат скршената погача, а откако по процепите на погачата ќе навлезе мувла, лебот е веќе неупотреблив. Знаат ли политичарите што станува со лебот потоа? И, знаат ли политичарите дека расипаниот леб, никогаш, со никаква нова технологија не може да се рециклира. И знаат ли политичарите што станува после тоа со лебот? Го јадат кучињата. Кога кучињата ќе се настрват, има ли потреба да ви зборувам што потоа следи? Колку и да се моиве зборови сликовити, намерата им е добра. Со нив не сакам никого да навредам или омаловажам, напротив, сакам да го нагласам значењето на секој од учесниците во политичкиот дијалог, во политичката борба за власт, но секогаш со дигнитет кон политичкиот конкурент, оти и тој не поднал од небо, туку и тој, колку и да е послаб, неорганизиран, напапи и да делува изгубено, има исти претензии, намери, цели, интереси. И спортистите, боксерите и слични те, по изгубениот меч изгледаат и делуваат немоќно, но натпреварите продолжуваа. Можеби едно првенство да се изгуби, и две, но потоа следи консолидација. Дури шампионот и да е непобедив, нему му треба партнер со кого ќе се натпреварува, инаку нема спорт, бокс, шах. И со политичарите е исто. Публиката бара меч, дијалог. Публиката не љуби монодрами, тие се заморни, неинтересни.

Штетите кои настануваат со непотребните делби на народното јадро, со омаловажувањата, навредите, судските спорови и сл., го оттргнуваат вниманието од основните животни активности, економија, образование, здрава средина, народно здравје, и го селат вниманието на спореден колосек од којшто не може да се очекува ефективен придонес кон напредок во која било област. Од друга страна, се губат мноштво продуктивни спони меѓу економските субјекти на конкурентните страни, односите се затвараат во своето трло, настанува натамошна сепарација во економијата, во општеството, во општината, во семејството. Кој го гледа крајот на тој процес, и каде? Има ли одговор некој од водечките политички личности на ова прашање. Земете пример од природата. Ако водечката гранка на некоја билка не следи што станува зад неа, таа нема да се извишува, да води, да го храни целото стебло. Политичката опција на власт не може да се грижи само за својот дел од суверениот народ. Народот е неделив. Секој кој се обидел да го подели народот, порано или подоцна си пресудил самиот на себе.

Народот е потребен и за добро и за зло. Народот е потребен и повикан да се брани самиот од себе, од занес и заборавеност. И тоа, како лилипутанците, можеби за момент ќе задреме, но брзо се буди и уште побрзо реагира. А тогаш огнот не избира кого ќе зафати. Водат ли потлитичарите сметка за тој факт? Или сметаат само со својот дел од народот? И кој е тој дел, има ли критериум по кој ќе се направи таква поделба. Ако имаше таква можност и Господ ќе ја направеше. Немаше да остави народот со сите свои неволји и доблести да се усогласува, и низ животните процеси на векот да го минува својот ак.

Дотука бевме дома. Што станува, малку полево или малку подесно од дома, Малку поблизу или малку подалеку од границите на милата ни татковина. Татковината не е комшија да ја каниме на слава. Татковината е слава. И треба да ја почитуваме како секоја слава. Да ја славиме, а не да ја измачуваме. Кој од надвор може да ви направи ред дома! Знаете ли како се прави ред во туѓ двор? Зар да се враќаме неколку векови назад во историјата за да се потсетиме каков ред се прави во туѓ двор. За што се раѓале, бореле, гинеле, се потресувале генерации и генерации од нашиот народ за да стигнат да се наредат на плоштадот на слободните народи во светот, за сега назад да го враќаат сопствените недораснатаи „елити"? Дури и да ми забележите за престрогоста на зборот недораснати, со тешко срце и нелагодност го употребувам, но годините ми налагаат со нешто да ја отсликам состојбата во која и самиот се наоѓам, бидејќи на таква состојба не сакам да бидам дел. За мене, за мојата генерација, за генерациите во чие име ова го пишувам ваквата состојба е повеќе од штетна и ние повикуваме на соработка и разбирање на политичките водства на партиите кои се борат за власт. Не се согласуваме со злоупотреба на власта од која било политичка опција. Бараме суверенитетот на народот да се почитува, бараме исти аршини да се практикуваат и во нашето секојдневие какви што се практикуваат и во средините кон кои стремиме, се бориме, докажуваме, очекуваме. Политиката на два чекори напред три назад ја осудуваме, и нема да ја поддржиме ни во обидите насилно да биде промовирана.

Доаѓањето на коекакви емисари кои ни држат лекции од добро однесување го доживуваме како навреда, и како родители и како членови на суверениот народ. Чувствуваме вина дека не сме си ги воспитале сопствените деца за почит кон татковината. А што е татковината ако не севкупноста на земјата и народот со својата култура на живеење и однесување, на градење и напредок, на почит кон другиот како кон себе!

Затоа, водства на политичките презенти на интересите на народот, свртете го листот додека не го одвеал ветерот, потоа, откако листот како детски змеј ќе се изгуби некаде во синилото на небото, доцна ќе биде да пееме Додоле за дождот да ни го врати берикетот што сме го упропастиле сами.

Ова не е прокоба, ова не е ни пророкување. Ова е глас на немоќ на силата која непотребно ја предизвикуваме да излезе од затаените пространства на човековото трпение пред разузданите деца на многуте татковци од меѓу нас. Ова е самокритика, глас што треба да го слушнеме одвнатре и пред да се потресеме, како после заносен сон, трезни да го одмериме нашето влијание како суверен народ пред насилието на политичките елити кои настојуваат да застанат над волјата на народот.

Што може еден странски емисар да направи во нашата средина ако ние во основа несакаме да ја смениме технологијата на политичкото живеење, да ги усогласиме стандардите на однесување такви какви што сметаме дека треба да се применуваат кон нас, а ние не ги применуваме кон другите, се повикуваме на волјата на народот, а не ја почитуваме таа волја, бараме другиот да не признае за врховен чинител, а ние него го сметаме за ништожен, изгубен, збришан.



**Станка Трајкова**

# Времена инвалидска, односно семејна пензија

Повод да го напишам овој текст беа пензионери кои го посетија Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија со реакции дека Фондот на ПИОМ престанал да им ја исплатува инвалидската односно семејната пензија која ја оствариле со решение од соодветна филијала на Фондот.

Пензионери кои ги користат времено овие пензии значајно е да бидат информирани дека кога се работи за остварување на правата врз основа на инвалидност, односно неспособност за работа врз основа на која се остварува право на инвалидска пензија, односно семејна пензија фактичката состојба се утврдува врз основа на наод, оцена и мислење на Комисијата за оцена на работната способност, формирана во рамките на Фондот на ПИОМ.

Во Наодот, оцената и мислење се утврдува постоење на инвалидност, неспособност за работа како и обврска за задолжителен контролен преглед кој се врши во рок не пократок од една година од денот на утврдената инвалидсност. Контролниот преглед може да се врши најмногу два пати до наврвшување на 65 години живот на корисникот на пензија. На задолжителен контролен преглед не поделжи корисник на пензија за одделни заболувања утврдени со актот за организација, составот и начинот на работа на Комисијата за оцена на работната способност.

Задолжителниот контролен преглед го врши Комисија за задолжителен контролен преглед составена од доктори специјалисти во орган, односно установа определена од министерот за труд и социјалана политика.

Задолжителниот преглед не можат да го вршат исти лица кои претходно учествувале во постапката за утврдување на инвалидноста.

До донесување на решение по извршениот задолжителен контролен преглед на пензионерот му се исплатува времена инвалидска, односно семејна пензија.

Правото на инвалидската, односно семејната пензија престанува доколку корисникот не се јави на задолжителниот преглед во утврдениот рок од година дена од денот на утврдента инвалидност.

**Во случај кога корисникот нема да се јави на контолен преглед, односно не ја исполни оваа законска обврска со решение му се запира исплатата на времената инвалидска, односно семејна пензија и се губи својството на пензионер.**

**Според тоа оние корисници кои користат времена пензија во нивни интерес е да внимаваат на определениот рок за контролен преглед кој е наведен во диспозитивот односно изреката на решението и да внимаваат на поканата со која Фондот на ПИОМ ги поканува на контролен преглед како не би се довеле во ситуација да им престане правото на пензија.**

Отчетна седница на Собранието на СЗПМ

# За постигнатите резултати заслужни сме сите

Собранието на СЗПМ на 19–ти февруари 2015 година ја одржа својата отчетна седница на која расправаше за работата и постигнатите резултати на Сојузот во минатиот четиригодишен мандат. Со седницата раководеше претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски, кој ги поздрави членовите на Собранието и другите присутни гости, а по усвојувањето на дневниот ред даде поширок осврт за работата на Сојузот и го потенцираше големиот придонес во подобрувањето на квалитетот на пензионерското живеење. Притоа ги посочи позначајните резултати кои оставија белег во досегашниот развој и дејствувањето на Сојузот постигнати низ разни форми и соработка со Владата и релевантните институциите, што беше поздравено со силен аплауз.

Како успеси од историско значење тој ги наведе културно забавните манифестации, пред сè ревиите на песни, музика и игри, кои поради придонесот во развивањето и зачувувањето на традициите и културното богатство се прогласени за државен интерес, како и Пензионерската спортска олимпијада која оваа година одбележува 20 годишен јубилеј.

По импресивното обраќање на претседателот Аргировски, по Извештајот за работата, Финансискиот извештај и за Завршната сметка на СЗПМ за 2014 година, дискутираа **Илија Адамоски, Доне Николовски, Зоре Мицкоски, Јордан Костадинов, Ѓорѓи Анѓушев, Поликсена Тунтева, Бесник Поцеста и Станка Трајкова**, а на крајот сите документи беа едногласно усвоени.

На седницата стана збор и за други актуелни прашања од работата на Сојузот, а беа дадени информации и насоки за одржување на изборната седница на Собранието. **М.Д.**

26–та седница на ИО на СЗПМ

# Едногласно усвоени Извештаите за 2014 година

На 10 март 2015 година се одржа 26–тата седница на Извршниот одбор на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија. На седницата покрај членовите на одборот присуствуваше Бесник Поцеста, потпретседател на Собранието на СЗПМ, Доне Николовски, претседател на Надзорниот одбор, Петар Андреевски, главен сметководител на СЗПМ, Калина С. Андонова претседател на Комисијата за информирање и издавачка дејност и Мендо Димовски уредник во весникот „Пензионер плус". Бидејќи кон крајот на март ќе бидат изборите на телата и органите на Сојузот, оваа седница беше отчетна, и на истата беа поднесени: Предлог–Извештајот за работа на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија и неговите органи и тела за 2014 година и Предлог–Финансискиот извештај на Сојузот за 2014 година. За двата докумета воведно излагање даде претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, кој меѓу другото истакна дека минатата 2014 година се работело домаќински и рационално, се остварени одлични резултати и активностите биле многубројни. Извештај на Надзорниот одбор за Годишната сметка на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија, за 2014 година го елаборираше претседателот на одборот Доне Николовски при што рече дека во изминатата година се работело според законот, програмата е успешно реализирана, а остварена е и заштеда која ќе биде пренесена во наредната година и ќе биде искористена за опремување на новите простории. По извештаите дискутираа повеќемина од присутните и



тоа: Стево Бојаџиев, Илија Адамоски, Станка Трајкова, Ѓорѓи Серафимов, Данче Даскаловска, Јордан Костадинов, Душан Ристески и други. Беше констатирано дека Извештаите се сеопфатни, стручно и квалитетно изработени и покажуваат дека активностите на сојузот биле насочени кон фундаменталните прашања поврзани со пензионерската популација.

На седницата беше усвоен и Извештај за извршениот попис на имовината на СЗПМ, со состојба на 31.12.2014 година. Сите извештаи беа едногласно усвоени.

Беа усвоени и неколку предлог измени во Правилникот за песни, музика и игри на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија, предложени од здруженијата преку Комисијата за културно забавен живот. Битна измена е што во 2015 година ќе има 8 наместо 6 регионални ревии и тоа:

**Прв регион:** Кочани, Виница, Македонска Каменица, Делчево, Берово и Пехчево.

**Втор регион:** Карпош, Ѓорче Петров, Тетово, Шуто Оризаре, Бутел и Тафталиџе.

**Третти регион:** Кисела Вода, Воени пензионери, Гази Баба, ОВР, Сарај и Солидарни пензионери – Илинден.

**Четвртти регион:** Солидарност – Аеродром, Центар, Чаир, Куманово, Крива Паланка и Кратово.

**Петти регион:** Струмица, Пробиштип, Штип, Свети Николе, Злетово, Радовиш, Ново Село и Лозово.

**Шестти регион:** Велес, Неготино, Кавадарци, Богданци, Гевгелија, Дојран, Валандово и Демир Капија.

**Седми регион:** Битола, Прилеп, Ресен, Крушево и Демир Хисар.

**Осми регион:** Гостивар, Кичево, Македонски Брод, Охрид, Вевчани, Струга, Дебар и Лабуништа.

**К.С. А.**

Осврт на претседателот на СЗПМ Драги Аргировски на отчетната седница на Собранието

Значајни постигања на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија во мандатен период 2011 – 2015 година

# Голем придонес за подобро пензионерско живеење

Во овој свечен и значаен момент, гледајќи ве вака собрани во голем број од сите здруженија членки на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија имам впечаток како да беше вчера денот кога ми ја дадовте вашата доверба и ме избравте за претседател на Сојузот. Тоа е така затоа што изминатиот четиригодишен период многу работевме, имавме многу активности. Денот изгледа како година само на оној кој ништо не работи, а на оној кој е активен денот му е кус и му недостасува време. За точноста на оваа народна мудрост се нашите постигнати разултати и успеси!

Почитувани пензионерки и пензионери, дами и господа, со денешнава отчетна седница на Собранието на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија завршува четиригодишниот мандат на овој состав на највисокиот орган на нашата асоцијација која од ден на ден станува сè позначаен фактор во државата. Пензионерите не се веќе на маргините на случувањата, туку се учесник и поттикнувач на сè она што е поврзано со оваа популација.

На почетокот на нашето дејствување поставивме четиригодишна стратегија при што основен акцент дадовме на значењето на искуството, знаењата, мудроста, хуманоста, патриотизмот и меѓуетничкото разбирање и соживот со нагласување дека без спојот на искуството на возрасните и енергијата на младоста тешко може да се развива нашата организација како значаен дел од општествениот живот во државата.

Ваквата стратегија беше потврдена и на свечената академија на СЗПМ која се одржа во 2011 година по повод 20 септември, Денот на пензионерите на Македонија. Добро организираната академија и пораките од неа значеа и поддршка на потребата за создавање услови за достоинствен живот на пензионерите во нашата држава, за активно и здраво стареење, во духот и насоките дадени во долготрајната Владина национална стратегија за стари лица 2010–2020 година. Со остварувањето на дел од стратегиските цели Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија во последните години се разви во една од најдобрите и најактивни невладини организации во Република Македонија, успешно промовирајќи ги и застапувајќи ги правата и интересите на пензионерите и нивното интегрирање во социјалниот живот и севкупните општествени текови во државата. На тој начин Сојузот стана пример како може да се вгради сопственото членство во сите текови на секојдневниот и општествениот живот со што дојде и до обезбедување на повеќе поволности за пензионерите. Со таквата активност Сојузот стана репрезентативен партнер на пензионерите на Македонија и заедно со Министерството за труд и социјална политика овозможи да се поттикнуваат и поддржуваат значајни мерки за унапредување и подобрување на животниот стандард на корисниците на пензија, а со тоа и на нивните семејства.

Како резултат на тоа, во овој мандат, со законски одредби, Сојузот доби постојан претставник во Управниот одбор на Фондот на ПИОМ, покрај претставникот кој веќе го имавме во Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Во минатата година тројца наши членови беа избрани во Советот за социјална сигурност, а веќе три години учествуваме во работата на Економско–социјалниот совет на Владата на Р. Македонија.

Денес Сојузот непосредно учествува во градењето на политиката поврзана со пензионерите и во донесувањето на одлуките за подобрување на работата на институциите и унапредување на социјалната положба и подобрување на нивниот стандард.

Впрочем и преку овие форми на дејствување нашата основна цел беше пензионерите да остварат што повеќе права кои тие ги заслужуваат.

Како илустрација на ова, да споменеме дека кога во повеќе земји во Европа, поради големата економска криза дојде до значително намалување на висината на пензиите, во Република Македонија имаме редовна исплата на пензиите во првата седмица во месецот како и нивно континуирано зголемување. Тоа придонесе просечната пензија која во 2006 година изнесуваше 7.600 денари да се зголеми за 62% и сега изнесува 12.450 денари или 202 евра.

Веќе шеста година успешно се спроведува проектот „Бањско–климатска рекреација” на корисници на пензија, кој бенефит досега го искористија 27.430 пензионери со пониски примања. Проектот се реализира и оваа година со што ќе бидат опфатени нови 5.000 пензионери.

Во овој период воведен е бесплатен превоз во јавниот превоз во Скопје кој постепено се зголемуваше од еден на четири денови во неделата, а кој важи за жени над 62 и мажи над 64 години, бесплатен железнички превоз низ Македонија во вториот викенд од месецот, а годинава започнува и нов проект за бесплатен тродневен „туристички викенд” со превоз, сместување и исхрана во одредени туристички места во Македонија.

Во изминатиот период, Сојузот го поддржуваше отворањето на дневни центри за стари лица, како и на дневни центри – социјални сервиси и служби за стари лица. И со овој проект се подобрува социјализацијата на повозрасните лица преку нивна секојдневна комуникација и дружење.



Здруженијата на пензионерите членки на нашиот Сојуз во овој период заедно со локалната самоуправа отворија нови клубови на пензионери чиј број е околу 400 и во нив секоја недела престојуваат повеќе од 150.000 пензионери. Посетителите на клубовите главно ги користат благодетите од членарината, а со воведувањето на акцијата „Од вас – за вас” со организиран превоз со средства од здруженијата се одржаа и повеќе пикник–средби, излети, екскурзии и слично на кои само минатата година присуствуваа околу 70.000 пензионери. Голем број пензионери престојуваа и ги посетија прекрасните убавини на Македонија и надвор од неа.

Непобитен факт е дека парите од скромната членарина се користат рационално и наменски за меѓусебно дружење и за хуманитарни активности, особено минатата година која Сојузот ја прогласи за „Година на солидарноста”.





Со настојувања од Сојузот и разбирање од одговорните органи и институции во овој период започна и реконструкција на неколку домови за пензионери во сопственост на ФПИОМ во Скопје и други градови, со што значително ќе се подобрат условите за живеење на корисниците на пензија кои се сместени во домовите. Со законски измени се воведува и поголем ред во одлучувањето за доделувањето сместување во домовите со кои управува ФПИОМ.

Сојузот има трајна определба да помага во областа на прописите кои ја регулираат здравствената заштита на пензионерите, да се остваруваат правата, да се унапредуваат и да се донесуваат поголеми поволности за превенција и лекување. Конкретно од 2013 година сите пензионери кои имаат пониска пензија од просечната, а тоа се 160 000 возрасни лица, се ослободени од сите давачки и партиципација за време на болничкото лекување, воведена е и домашна посета од лекарска екипа кај болни и изнемоштени возрасни лица, отворени се амбуланти и аптеки во селата, намалени се цените на околу 4.000 лекови и друго.

Фондот за здравствено осигурување заедно со СЗПМ спроведе едукативни работилници во пензионерските здруженија со цел да се запознаат пензионерите со своите права, со начинот на добивање на ортопедските помагала, со превентивните мерки за заштита од хроничните заболувања и друго. Досега одржани се преку 20 работилници, а континуирано ќе се спроведуваат и во иднина.

Со Одлука на Министерството за култура на Македонија пред повеќе од две години пензионерите добија попуст во висина од 50% на цените на влезниците за секоја претстава во националните културни институции. Благодарејќи на покровителството на Министерството за култура три години едноподруго одржувавме Републичка ревија на песни, музика и игри во Универзалната сала во Скопје, како финале на шесте регионални ревии. Успехот на овие ревии придонесе Министерството за култура на Република Македонија да ги прогласи за манифестации од национален интерес за културата во државата.

Почитувани присутни, видливи резултати во континуитет се постигнуваат и на полето на спортот со одржување на 8. регионални и Републичка спортска олимпијада. Остварен е рекорден број како на натпреварувачи, така и на здруженија кои земаат учество во овие активности.

Годинава оваа спортска олимпијада ќе го одбележи својот дваесетгодишен јубилеј.

Одборот на Регистрираната организација за членарина и солидарен фонд во минатите 4 години презеде повеќе конкретни мерки за ажурирање на евиденцијата, при што е остварен значаен напредок за разрешување на организационите прашања.

Во Здружението на пензионерите Ѓорче Петров остварен е пилот–проект „Социјална карта на пензионерите” со кој се придонесува согледување и пресретнување на социјалните потреби на пензионерите. Проектот ќе продолжи и во другите здруженија.

Во минатите 4 години остварена е и збогатена меѓународната соработка на здруженијата и на Сојузот. На свечената академија во 2011 г. присуствуваа претставници од Хрватска, Србија и Словенија, а делегација на нашиот Сојуз овие години оствари посета во Албанија и Србија. Пет години редовно бевме учесници на Фестивалот за трета животна доба во Љубљана, Словенија. За покажаниот квалитет и успешната соработка на овој фестивал го добивме Првото меѓународно признание во 69–годишната историја на Сојузот што е поттик за натамошно развивање на меѓународната соработка.

Успешна соработка е остварена со Сојузот на синдикатите на Македонија и со Црвениот крст на Македонија со кои имаме потпишани и меморандуми за соработка, а претходно таков меморандум беше потпишан и со ЗЕЛС.

Во минатите години СЗПМ како граѓанска невладина организација континуирано се залагаше за збогатување на меѓугенерациската соработка и солидарност.

Во овој период остварено е поквалитетно и објективно информирање на членството и пошироката јавност за сите постигања во Сојузот и здруженијата како и за проблемите поврзани со пензионерската популација.

Во тоа посебен придонес имаа весникот на Сојузот „Пензионер плус”, во кој за првпат е воведена страница на албански јазик, се обнови прилогот „Пензионерски видици” во „Нова Македонија”, се воведе страната за пензионери во весникот „КОХА” на албански јазик, успешно проработи нашата ВЕБ–страница, а не изостанаа и настапи на наши истакнати членови во националните и локални медиуми. Обновена е и емисијата „Трето доба” на МТВ, а се воведе емисијата „Златни времиња” во Македонското радио.

Програмите за работа на СЗПМ во минатите 4 години успешно се реализирани во целина, а често и збогатувани со нови содржини. Остварени се позитивни финансиски резултати во работата, а во извештаите од извршените контроли на финансиското работење не се констатирани незаконитости и неправилности. Се работеше економски рационално со значително зголемување на приходите од донации, спонзорства и реклами. Додека во претходниот мандатен период на ваков начин биле остварени само 250.000 денари, во овој период со наши проекти оствaривме 4.118.000 денари или за 16 пати поголем износ на дополнителни приходи од 67.000 евра.

Треба да се истакне и фактот дека од 2011 година за членка на СЗПМ се врати Здружението на пензионери Битола со над 16.000 членови, а при крајот на 2014 согласно со Статутот од Сојузот се раздружија 4 инвалидски здруженија кои пристапија во Сојузот на инвалидските здруженија.

И покрај сите остварени резултати кои заслужуваат голем респект можеме да кажеме дека никогаш не треба да бидеме задоволни. Во овој мандатен период и покрај нашите настојувања не се оствари очекуваната изградба на нови домови за пензионери, а доцни и донесувањето посебен закон за пензионерското организирање во Македонија.

Покрај сето ова, Сојузот и здруженијата придонесуваат и за развој на влијанието на позитивната енергија помеѓу пензионерите, што треба и понатаму да се стимулира со јакнење на основните етички концепти како што се разбирање, почит, љубов, солидарност, простување и поддршка. Само на тој начин пензионерската популација ќе може да добие уште поголемо значење во општеството особено за подобрување и развиток на положбата за здраво стареење.

На самиот крај дозволете ми на сите членови на Собранието, на Извршниот одбор и на сите други органи и тела на СЗПМ искрено да им се заблагодарам за придонесот во постигнатите успеси на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија бидејќи сето ова го постигнавме заедно. На сите пензионери им посакувам здравје, среќа и радост во третата животна доба.

Нека продолжи Сојузот да чекори по патот на нови успеси и постигнувања.

# Акценти од Извештајот за работата на СЗПМ и неговите органи и тела во 2014 година

Во 2014 година за Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија според постигнатите резултати може да се смета дека отиде понапред во развојот на организираниот живот на пензионерите, бидејќи активностите и задачите што беа планирани се остварени во целост.

И натаму активноста на пензионерите на полето на културните и спортските дејности, на пикник средбите, екскурзиите и дружењето во клубовите на пензионерите беа главната содржина од пензионерското живеење, но значително се проширија и добија поквалитетна содржина.

Во 2014 година, раководството на СЗПМ, Комисијата за здравство и социјална политика и преставникот на пензионерите во УО на Фондот за здравство, придонесоа со својата активност да се донесат повеќе законски и нормативни акти кои се однесуваат на проширување на листите на лекови за кои не се плаќа партиципација, или партиципацијата се намалува, третманот на болничкото лекување на пензионерите со ниски пензии и слично.

Организацијата на руралната здравствена заштита на старите лица и воопшто на возрасното население е унапредена со отворање на нови 30 рурални амбуланти, а на тоа ќе се работи и во иднина.

Во текот на 2014 година беа организирани регионални едукативни средби со пензионерите од страна на Фондот за здравство и СЗПМ, на кои присуствуваа голем број пензионери.

Сето тоа придонесе за подобрување на здравствениот стандард, иако има уште многу други потреби во оваа сфера значајни за пензионерите како што е организирање на домашна здравствена услуга и нега, проширување на листата на ортопедски помагала без партиципација и слично. СЗПМ бара од Фондот зајакнување на организацијата, подобрување на односот и грижата на медицинскиот персонал со старите лица, проширување на патронажна служба за помош и лекување во домашни услови на стари лица и слично.

Размената на податоци сврзани со прашањата на пензионерите, правото на пензија, правото на посмртна помош, задршка и уплата на членаринята од пензиските примања, ажурирање на бројноста на пензионерите, промените во таа сфера, меѓу СЗПМ со Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија врз основа на склучениот договор, како и спроведувањето на другите државни мерки кои се однесуваат на пензионерите и сл. сè уште ја немаат достигнато ефикасноста и интензитетот што од таа соработка се очекува. Секако, од потпишувањето на Спогодбата до денес, настанати се значителни измени во основите и во односите, заради што беше оценето дека има потреба во годината што измина да се уредат односите на нова основа, за што СЗПМ испрати текст на измени и дополнувања на тој акт. Посветеноста на СЗПМ и давање приоритет на Проектот за ажурирање на евиденцијата за бројноста на членството, треба да овозможи временски простор задачата уредно и ажурно да се извршува, актуелност која останува да се сработи во 2015 година.

Во изминатата година продолжија активностите околу реализација на Меморандумот меѓу СЗПМ и ЗЕЛС потпишан во 2010 година, кој ја унапредува соработката, а придонесува и за општествена и материјална поддршка од локалната самоуправа на здруженијата на пензионери, и за отворање нови клубови на пензионери.

За подобро согледување на состојбите во оваа сфера, СЗПМ заедно со здруженијата треба да биде сè поприсутен во активностите на локалната самоуправа, а во соработка со ЗП, локалната самоуправа да направи активни и сè поприсутни чинители во својата средина. Каков степен на соработка ќе биде остварен и дали сите ЗП имаат соодветни услови за соработка во рамките на реализацијата на Меморандумот меѓу СЗПМ И ЗЕЛС, ќе зависи и од степенот на задоволување на меѓусебните потреби и интереси.

Освен во рамките на масовните средби на отворено, во 2014 година беа планирани повеќе општи регионални состаноци за разгледување на прашања што произлегуваа од потребата за усогласување на активностите во здруженијата, статутите и другите акти, за разгледување и усогласување на Програмата за организирање на манифестации од ЗП каде се држат пензионери од повеќе здруженија од републиката, за разгледување на резултатите од проектот за ажурирање на евиденцијата, за реализација на Одлуката за регулирање на единствени критериуми за финансиското работење на здруженијата и Сојузот и сл.

Во 2014 година редовно се одржуваа состаноци сврзани со организација на регионалните пензионерски спортски натпревари, како и состаноци на регионалните комисии за организирање на регионалните ревии на песни, музика и игри.

На овие состаноци се разгледуваа прашања од заеднички интерес на здруженијата на пензионери за остварување права и интереси во сферата на спортот, рекреацијата, културата и друго. Остварена е поблиска интерактивност на здруженијата и Сојузот во дефинирањето на правилата, критериумите и односите во креирањето и реализирањето на заедничките активности, како и за поквалитетно изведување на подготовките и реализацијата на планираните манифестации.

Реализација на меѓународната соработка со Сојузи и здруженија од соседните земји (Словенија, Хрватска, Србија, Бугарија, Албанија и Косово) за размена на искуства со земјите од ЕУ, во 2014 година се оствари преку Институтот Хеврека од Љубљана, како и со учество на претседателот на СЗПМ на поширок форум за прашањата на лицата од Третото доба којшто се одржа на Белградската телевизија со учество на преставници од повеќе структури на општествениот живот на пензионерите од опкружувањето.

Во 2014 година, СЗПМ и здруженијата во својата активност поттикнуваа и дадоа поддршка за организирање и организираа заеднички концерти надвор од програмата на ревиите (Кочани, Прилеп, Радовиш, Тетово, Куманово), како и други културни манифестации, драмски претстави во Куманово, Скопје, Велес, Дебар, Битола и други градови. Само за скопските здруженија СЗПМ организира три театарски престави во новиот објект на Македонскиот народен театар, изложби во Штип и Велес, во Здружението на пензионери Солидарност Аеродром со Скопје редовно се одржува, секој месец, книжевна вечер, и слично.

Со релизацијата на проектот на СЗПМ за поддршка на аматерските културни самодејности на пензионерите во здруженијата, во текот на 2014 година се издадоа осум книги на автори пензионери, членови на нашите здруженија. За некои од нив, авторите, а некаде и здруженијата одржаа забележливи промоции придружени со изложби на слики и рачни уметнички ракотворби на пензионери уметници:Здружение на воени пензионери книга, ЗП Карпош поетска збирка, ЗП Куманово книга, Здружение на пензионери Аеродром – солидарност поетска книга, Штип Монографија и други. Оваа активност поттикнувана и во претходните години од СЗПМ, во 2014 година се оформи како стандардна активност на некои здруженија со тенденција да се проширува.

Повеќе здруженија во својата рекреативна активност и дружење потикнуваа и организираа посети на значајни историски, културни и туристички места, како и одржување пикник–средби.

Во 2014 година се одбележа 68 годишнината од формирањето на Сојузот. Исто така се одбележа и 20 септември како ден на пензионерите. Тоа чествување се оддбележува главно работно, но во некои средини во здруженијата на пензионери се организираа и свечени седници на органите, свечени приредби, концерти и друго.

Во 2014 како и во 2013 година во организација на Здружението на пензионери Ѓорче Петров се одранизира дружење на пензионерите од целата Република, на терените на Рекреативниот Центар Сарај крај Скопје. Такви средби имаше во: Еленец, Ореовица, Кочани, Дојран и други места.

За активностите и работата на Извршниот одбор и Собранието на СЗПМ беа поднесени и усвоени детални извештаи од комисиите, телата или задолжените лица, како и објавени посебни брошури и билтени за големите манифестации, преку весникот „Пензионер плус", прилогот „Пензионерски видици" во весникот Нова Македонија, страницата на албански „КОХА" и веб страницата на СЗПМ.

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА
FEDERATION OF ASSOCIATIONS OF PENSIONERS OF MACEDONIA

Адреса : " 12-та Ударна бригада " бр.2 – Зграда на ССМ – Скопје - Македонија
Office: . "12 Udarna brigada" br. 2 – Zgrada na SSM – Skopje – Macedonija
www.szpm.org.mk administracija@szpm.org.mk kontakt@szpm.org.mk
Tel – Phone 3223 710 Faks – Fax 3128 390 P. fah – Po box 440

БРОЈ/NUMER – 89/2

ДАТУМ/DATE 19.03.2015

Врз основа на член 15 точка 3 точка 4 од Статутот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - Скопје, Собранието на СЗПМ на 26 - та редовна седница, одржана на ден 19.03.2015 година, донесе

ОДЛУКА
за усвојување на Годишната сметка за 2014 година и распоредување на нето вишокот на приходи

Член 1

Се усвојува Годишната сметка за 2014 година на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, претходно разгледана и одобрена од Надзорниот одбор на СЗПМ за што е доставен извештај, со следните остварени финансиски резултати од работењето:

| | Износ во денари |
|---|---|
| **1. Вкупни приходи** | **8.604.022,00** |
| Приходи од членарини, донации и спонзорства | 7.379.586,00 |
| Други приходи | 1.224.436,00 |
| **2. Вкупни расходи** | **7.382.389,00** |
| Материјални расходи | 6.076.452,00 |
| Други расходи (група 41) | 1.305.937,00 |
| **3. Вишок на приходи пред оданочување (1-2)** | **1.221.633,00** |
| **4. Данок на добивка** | **38.814.00** |
| **5. Нето вишок на приходи за деловната година (3-4)** | **1.182.819,00** |

Член 2

Остварената нето вишок на приходи за деловната 2014 година во износ од **1.182.819,00** денари се распоредува во деловниот фонд, а со намена за адапртација, реконструкција и опремување на новиот деловен простор.

Член 3

Составен дел на оваа одлука е Билансот на приходите и расходите и Билансот на состојбата за периодот 01.01-31.12.2014 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

СОБРАНИЕ НА СЗПМ
Претседател
Драги Аргировски

# Книжење на пресметаната амортизација кај непрофитните организации - здруженијата на пензионерите

Според сознанијата со кои се располага, а пред сè врз основа на поставени прашања околу изготвувањето на завршната сметка за 2014 година, очигледно е дека сè уште има дилеми при пресметувањето на амортизацијата кај непрофитните организации. Текстов има за цел да ги разјасни тие дилеми и нејаснотии.

Според одредбите на член 13 од Законот за сметководство на непрофитните организации („Службен весник на РМ„ бр. 24/03, 17/11)., во главата за признавање на приходите и расходите е утврдено дека признавањето на приходите и расходите на непрофитните организации се спроведува според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции, што го прави овој систем поразличен од системот за сметководство на трговските друштва.

Начело кое е изедначено и истоветно со начелото кое се применува и кај буџетските корисници во нашата држава, како и начело кое е во согласност и со Меѓународните сметководствени стандарди во јавниот сектор на готовинска основа.

При набавката на опрема, односно при плаќањето на обврската спрема добавувачот за набавените средства во сметководствената евиденција се искажува како расход со целиот износ на набавната вредност на средството.

Ова значи дека, доколку еднаш е книжен расход во целост, не е можно уште еднаш да се искаже ист расход по основ на пресметана амортизација за истото средство. Самата пресметка на амортизацијата не предизвикува дополнително искажување на расходи, а и во моментот на пресметување на амортизацијата не е исполнето начелото на мерливост и расположливост, односно не настанува одлив на средства од трансакционата сметка.

Евидентирањето на набавките на капитални средства во сметководствената евиденција на непрофитните организации се спроведува на сметките од групата 44 и тоа од моментот на настанување на првите обврски произлезени од договорот со добавувачот до извршувањето на набавката, односно ставање во употреба на набавените средства. Принципот на евидентирање се заснова на сметководственото начело на парично искажување.

Во моментот на книжењето на материјалните и нематеријалните средства на класата 0, истовремено, поради принципот на двојното сметководство (двојно евидентирање) се книжи со истиот износ и на сметката 900 – деловен фонд, заради што на крајот на годината вредноста на материјалните и нематеријалните средства, минус исправката (кумулативна) треба да е еднаква на сметката 900 – деловен фонд.

**Пример 1:** Набавен е апарат за фотокопирање „Канон" од „Аском" – Скопје за што е добиена фактура на износ од 1.000.000 денари заедно со сите давачки.

**Книжење 1:**

1) Евидентирање на фотокопирниот апарат во книговодствената евиденција:

198 – Други активни временски разграничувања............1.000.000
220 – Добавувачи во земјата.......................... ..................1.000.000
добиена фактура за набавена опрема

Истовремено се врши и следното книжење:

013 – Опрема и други материјални средства, електронски, електрични и механички ........................................................... 1.000.000
900 – Деловен фонд ....................................................... 1.000.000
со факрура

При плаќањето на фактурата се врши следното книжење:

441 – Средства за опрема ................................................ 1.000.000
100 – Трансакциона сметка............................................. 1.000.000
со извод бр.

Истовремено се спроведува и следното книжење:

220 – Добавувачи во земјата........................................... 1.000.000
198 – Дриги активни временски разграничувања........... 1.000.000
со извод бр.

Пресметаната амортизација има влијание само на намалувањето на состојбата на изворите на средствата, односно на сметката 900 – Деловен фонд, со истовремено задолжување на сметките 009 и 029, зависно од тоа дали се работи за материјални или за нематеријални средства. Во моментот на пресметување на амортизацијата нема одлив на средства, спрема тоа и нема обврска за да се книжи на терет на расход.

Оттука, според постојната законска и подзаконска регулатива при пресметувањето на амортизацијата потребно е да се спроведе следното:

**Книжење 2:**

**2) Пресметка на амортизацијата на крајот на годината:**

900 – Деловен фонд ...........................................................120.000
029 – Исправка на вредноста на материјалните средства ........................................... 120.000
за пресметана амортизација за 2014 год.

**М-р Димитар Тодевски**

ЗП Велес ја одбележа

# 20 - годишнина од манифестацијата „Блакцето на баба"

И оваа година како и многу години наназад се одржа Манифестацијата „Блакцето на баба" на која присуствуваа пензионери и пензионерки од повеќе здруженија од нашата држава. Средбата се одржа на 14. март во ресторанот „На Велешко" на брегот на езерото Младост. Најнапред гостите беа поздравени од претседателот на ЗП Велес, **д-р Веле Алексоски,** претседателот на СЗПМ, **Драги Аргировски** и претседателката на Активот на пензионерки ЗП Велес, **Неделка Ѓорѓиева**. Гостите ги забавуваше пејачката Андријана Алачки.

Манифестацијата „Блакцето на баба" за првпат беше одржана 1994 година благодарение на идејата и несебичното залагање на пензионерките Живка Илиева, Катица Крајчева, сега веќе покојната Стефка Карага и претседателката на актуелниот Актив на пензионерки при здружението, Неделка Ѓорѓиева кои со својот ентузијазам придонесоа да му се даде смисла на постоењето на Активот на пензионерки, да се зачува традицијата и да не ни се изгубат корените. Манифестацијата „Блакцето на баба" со тек на времето се здоби и со хуман карактер. Оваа година се донираа средства на ЈЗУ – Општа болница – Велес за набавка на операциона маса за хируршкото одделение.



Оваа година како пред една година излезе од печат Прирачникот со рецепти „Блакцата на нашите баби".

**Нада Алексоска**

ЗП Ново Село

# Се дружеа над 250 македонски и бугарски пензионери



Како и претходните години, така и оваа ЗП Ново Село, на 14–ти јануари во реномираниот ресторан „Сонце" во село Борисово, во подножјето на „Беласица", организираше прослава на Стара – Нова година, на која, покрај стотина пензионери од ова здружение, присуствуваа околу 150 претставници и гости од здруженијата на пензионери од Струмица, Делчево, Свети Николе, ЗИП Струмица и други. средбата присуствуваа голем број пензионери од Републиката и за првпат пензионери од Европската Унија, поточно од градот Сандански Република Бугарија.

Гостите беа воодушевени од убавата дружба со песни и музика, како и од присуството на традиционалните Страшинарски средби во с. Мокриево, каде што, исто така имаше гости од повеќе наши градови и од Република Бугарија.

После неколкучасовното дружење сите присутни задоволни си отидоа со желба за нова средба, што посебно ја посакаа гостите од Бугарија да се случи токму на нивна територија.

**Н.К.**

# „Тодорица" во Свети Николе

Преубав сончев ден. Во градот се чувствува празнично расположение. Луѓето се поразбудени, секојдневието како да исчезнало, се чувствува нешто убаво, весело. Сите патишта, денес, водат во Свети Николе. „Тодорица" во нашиот град се празнува многу одамна и секогаш е првата сабота по празникот Прочка. И Свети Теодор Тирон, како и Свети Николај, е патрон на нашиот град. Домот на културата „Крсте Петков Мисирков" е центар на сите настани и активности од културата на Општина Свети Николе, па така и на овој културен настан.



Оваа година, како и досега, беше организиран Меѓународен фестивал на изворен фолклор под називот „Тодорица 2015". На фестивалот зедоа учество фолклорни ансамбли од повеќе градови на Македонија меѓу кои и од Свети Николе, но и од соседна Србија. Ансамблите настапија со изведба на изворен македонски, влашки, ромски, турски, албански и српски фолклор. Со овие изведби се зачувуваат од заборав автентичните национални вредности, кои се од непроценлива важност како културно наследство на сите кои живеат на овие простори.

Пензионерите од Свети Николе настапија со Женското трио на изворен фолклор „Суница" во состав Јагода Стојчева, Македонка Миланова и Дарка Митрушева. Гледачите во преполната сала, тие ги потсетија на обичај кој е можеби веќе подзаборавен, а се изведува на празникот Ѓурѓовден, и освоија плакета за најдобра вокална изведба.

Пензионерите од неколку Здруженија од Македонија уживаа во прекрасните изведби на учесниците на фестивалот, но и во прошетката низ градот и разгледување на панаѓурските тезги. Со својата посета овој настан го зголеми и нашиот познат пејач Круме Спасовски, чии пензионерски денови се исполнети со пеење и дружење, а средбата со него секогаш е пријатна. Нејзините изворни изведби ги разгалија срцата на многумина.

Дарежливото сонце го разубави денот, а „Тодорица" во Свети Николе на сите учесници ќе им остане во пријатно сеќавање.

**Вукица Петрушева**

ЗП ОВР – Скопје

# Во посета на Крушево

Педесетина пензионери од ЗП на ОВР на 14.03.2015 година беа во посета на Крушево. Веднаш по пристигнувањето најпрвин го посетија Меморијалниот центар „Македониум" каде што домаќинот ја раскажа историјата за прочуеното востание, за првата Крушевска република, за храброста и непокорот на востаниците кои ги дадоа своите животи за Македонија. Потоа се упатија кон вечниот дом на прерано починатиот Тоше Проевски. Со трепет во душата, со солзи во очите и шепот на усните за вечна му слава пензионерите се поклонија пред неговото вечно почивалиште. Следеше посетата на Спомен куќата на Тоше. А таму ги зафати неговиот дух, ги опкружи неговата милост, насмевка, тивкиот а воедно распарувачкиот глас со неговите незаборавни хитови. Тивко, од поставка до поставка, од соба до соба со неговите омилени предмети, гитари и други музички инструменти, омилениот мотор, велосипед, многубројните парчиња од облеката што ја носел, бројните признанија, благодарници за хуманост, плакети за постигнати успеси, фотографии од неговите настапи и што ли уште не, пензионерите се соочија со скалилата на неговите успеси, по неговиот животен пат несреќно и прерано завршен. Тука е и неговото ѕвездено небо кон кое постојано целеше. На крајот од посетата во книгата на спомени полни со емоции пензионерите запишаа „Ги достигна ѕвездите, стана ѕвезда, засекогаш ќе бидеш ѕвезда во нашите срца".



Во наредните неколку часови придружени од сончевите зраци, тие се прошетаа низ убавото Крушево, а потоа ги вкусија и крушевските специјалитети.

**Соња Смилеска**

ЗП Богданци

# Активности и успеси

Собранието на ЗП Богданци ја одржа својата последна седница за 2014 година последната недела од декември. На седницата беше усвоена програма за работа на здружението во 2015 година, како и извештајот за активностите и резултатите во претходната година. Од извештајот хронолошки членовите беа запознати за активностите на здружението и постигнатите успеси. Во изминатата година реализирајќи ја програмата, активностите беа насочени кон предвидените екскурзии, културно–забавниот живот, здравствената заштита, пензионерските спортски натпревари и секако солидарноста кон најзагрозените. Во рамките на културните активности пејачката група учествуваше по ревиите на песни, музика и игри, а Активот на пензионерките по повод 8–ми Март имаше активност од хуманитарен карактер.

Пензионерите неколку пати го посетија Скопје, а незаборавна е посетата на драмата „Госпоѓа Министерка" во Народниот театар.

Спортските пензионерски натпревари на 05.05.2014 год.од петтиот регион беа одржани во Богданци. Успесите на здружението беа за почит, освојувајќи две први места: ѓуле жени и пикадо мажи. Истиот успех беше постигнат и во Тетово на Републичките спортски натпревари.

Од извештајот посебно задоволство причинуваше солидарноста кон немоќните и загрозените пензионери. Годината што измина ќе биде запаметена со 136 новогодишни пакетчиња и еднократна парична помош од 1000 денари на 22 лица. Во годината што измина 36 пензионери користеа бањско лекување потпомогнати од Здружението.

Извештајот беше едногласно усвоен со желби за поголема активност и успеси и во оваа година.

**Д. Чавдаров**

ЗП Струмица

# Прослава на два празника

Здружението на пензионери Струмица со пригодни манифестации ги одбележа двата празника – Тримери и 8–ми март – Денот на жената.

Празникот Тримери, како ден на армасаните, традиционално се одбележува на 20–ти февруари, а по тој повод на прославата во Струмица, покрај членовите од истоимено здружение, присуствуваа и 300 пензионери од ЗП Гази Баба и Карпош од Скопје, Радовиш, Пехчево и Ново Село. Хорот и музичката група од ЗП Струмица со посебни песни од тримерските обичаи театрално го изведоа обичајот одење кај армасаната девојка. Импресиите од оваа средба и меѓусебното дружење на пензионерите со песни и музика во пријатна атмосфера ќе остане долго во сеќавање.

Денот на жената струмичките пензионерки го прославија заедно со учениците од Централното основно училиште „Маршал Тито" кои им подарија свои рачно изработени рамки со слики и им го честитаа празникот на македонски и турски јазик, бидејќи ова училиште е мултиетничко, а Здружението на пензионери учениците ги почести како што



доликува за овој празник. Пензионерките членови на хорот на ЗП Струмица им ја испеаја песната Пензионерки и пензионери – химна на Здружението, компонирана од негови членови. И ова дружење на учениците со пензионерките беше мошне импресивно и забавно.

**Д. Даскаловска**

ЗП Кавадарци

# Традиционално одбележување на „Свети Трифун"

На 14–ти февруари по повод празникот Свети Трифун во градот на виното и лозјето Кавадарци се одржа традиционалната средба помеѓу пензионерите од целата држава. Ваквата средба која со години наназад редовно се организира беше од забавен карактер и беше исполнета со богата програма. Постарата генерација граѓани покажаа и докажаа дека навистина знаат и умеат добро да се забавуваат. Се беше во симболиката на Свети Трифун. Од вино, ракија и маџун на секој маса, па се до највеселите ора и песни. Пензионерите масовно се придружија и го чествуваа Денот на лозарите. Започнувајќи со традиционалниот чин на закројување на првите прачки од лозјето па се до највеселите песни и ора, како и забавните активности кои не изостанаа ниту оваа година.



Присутните ги поздрави претседателот на ИО на ЗПК **Ристо Анѓушев**.

– Во рамките на оваа средба се негува традицијата и културното наследство. Ваквите средби придонесуваат за ширење на нови познанства и го продолжуваат процесот на активно стареење, – рече Анѓушев и го поведе првото оро со што официјално започна прославата.

Забавата траеше цел ден. Се бираше пензионерка со најсилен стисок, се играше играта „брзо зобање грозје". Ако мината година се бираше мис на средбата, оваа година пензионерот **Петар Захарчев** од Неготино го избраа за мистер на средбата, а за понежниот пол одбраа „најисповедна пензионерка". Како и секоја година така и оваа не изостана изборот најуспешен виц односно најдуховит пензионер или пензионерка. За сите овие активности следуваа пригодни награди и пофалници.

Како и многупати досега се потврди дека ова е најзабавната и најмасовната средба за пензионери на ниво на цела држава. Присуствуваа околу 400 пензионери од речиси сите пензионерски здруженија. Пензионерите велат дека голема е честа да се биде дел од оваа манифестација бидејќи се забавуваат и доживуваат еден убав празничен ден кој долго ќе го паметат, а кавадаречките пензионери уште еднаш докажаа дека се добри организатори на вакви настани и знаат како да го привлечат вниманието на поширока јавност. Оваа традиционална средба од година во година прераснува во се побогата и побројна.

**М. Јованова Митков**

ЗП Тетово

# Поефикасно до ортопедски помагала и лекови

„Правата на пензионерите и како поефикасно да се снабдат со ортопедски помагала и лекарства" – Овие две прашања беа основа за расправа на заедничката работилница што се одржа на 17. февруари во Тетово со претставници на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и пензионери во Тетово.

Со прикажување на основните содржини по двете тематски области и воведните напомени што паралелно ги даваа д–р Силвана Андов од Секторот за контрола и Кристина Тасевска од Секторот за фармација на ФЗОМ, присутните 40–тина пензионери и членови на раководството на ЗП Тетово добија основни информации за начинот на кој пензионерите можат да ги остварат своите права и прошируваат можности. Со заедничката работилница раководеше д–р Никола Савевски, претседател на Комисијата за здравство и социјална заштита на ЗП Тетово.

Стана збор за сите видови ортопедски помагала за кои мислење и оценка даваа соодветни специјалисти или лекарски комисии. Од друга страна, како што беше нагласено, сè повеќе се зголемува позитивната листа на лекарства, како заложба на ФЗОМ за да може на пензионерите да им се обезбеди побрз пристап и што помала финансиска партиципација. Како новина беше истакнато и тоа дека матичните лекари во иднина се овластени за хроничните болни да даваат рецепти со рок на важење од шест месеци, односно пензионерот за редовните хронични потреби кај матичен лекар да оди само два пати во годината. Посебно со внимание беше проследена информацијата за зголемениот број аптеки во целата земја, кои пружаат 24–часовна услуга на пензионерите. На присутните претставници на ФЗОМ им беа поставувани конкретни прашања од двете сфери за кои се расправаше, како и за потешкотиите и проблемите со кои пензионерите се судруваат. На поставените прашања беа дадени соодветни одговори, а истовремено беа посочени и мобилните и дежурните телефони на кои пензионерите ќе можат да се јавуваат во секое време на денонокието доколку некое право им е ускратено.

**Г. Ефтоски**


Знам зошто.
Вашата пензија секогаш навреме.
НЛБ Сребрен пакет
ПОН ВТО СРЕ ЧЕТ ПЕТ САБ НЕД
1 2 3 4
5 6 7 8 9 10 11
12 13 14 15 16 17 18
19 20 21 22 23 24 25
26 27 28 29 30 31
NLB Тутунска банка
НЛБ Сребрен пакет
• VISA Electron дебитна картичка
• ПЕНЗИОНЕР+ Maestro картичка
• Зегин - НЛБ Тутунска банка картичка
• Кредитни картички
• Трајни налози
• Сребрен кредит за пензионери
• Депозити за пензионери
Поволности
• Пензија на првиот работен ден во месецот
• Плаќање на рати без камата во сите аптеки на Зегин
• 3% попуст во ВЕРО маркетите за имателите на ПЕНЗИОНЕР+ картичката
NLB Тутунска банка
www.nlbtb.com.mk
Контакт центар: 02/15-600


25 години
ZEGIN ВАША СЕМЕЈНА АПТЕКА
ЕВРОБАЛКАНСКИ ЛИДЕР ВО ПРОМОЦИЈА НА НОВИ МОЛЕКУЛИ
PHARMAVITAL
LUTEIN FORTE
NAHRUNGSERGÄNZUNGSMITTEL
NEUE REZEPTUR
AUGEN KAPSELN
Zur Erhaltung der normalen Sehkraft
Das Lutein trägt dazu bei, die Retina vor Oxidation zu schützen
Mit Vitamin A, E, Zink und Zeaxanthin
33 MG LUTEIN
30 KAPSELN HOCHDOSIERT
LUTEIN FORTE
Витамин А, Витамин Б2 и цинк кои придонесуваат за одржување на видот.
Витамин Ц и Витамин Е кои придонесуваат за заштита на клетките од оксидативен стрес.
ONE DAILY
NEURO VITAL FORTE
30 TABLETS • VEGAN
NEW FORMULA
Improves Brain Function, Mental Focus & Memory
AMINO ACIDS
MAGNESIUM
VITAMIN B6
VITAMIN C
GINKGO
PHARMAVITAL
МОЗОЧНА ФУНКЦИЈА
МЕНТАЛЕН ФОКУС
ПОМНЕЊЕ
За нормална физиолошка функција и нормална функција на нервниот систем
ГИНКО БИЛОБА, АМИНОКИСЕЛИНИ, МАГНЕЗИУМ, ВИТАМИН Ц, НИАЦИН.
PHARMAVITAL ГЕРМАНСКИ КВАЛИТЕТ ЗА ОДЛИЧНА ЦЕНА

# На повидок успешна соработка со пензионерите од Шведска



На 11 март 2015 година, делегација на една од најголемите пензионерски асоцијации од Шведска која брои над 450. 000 пензионери во состав Милан Стојчевски претседател на општинска организација „Св. Кирил" во Гетеборг и Јани Димовски имаа средба со претседателот на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, Драги Аргировски. На средбата присуствуваше и секретарот на Извршниот Одбор на СЗПМ, Станка Трајкова, претседателот на Комисијата за информирање Калина Сливовска – Андонова и уредникот на весникот „Пензионер плус" Мендо Димовски.

Претседателот Аргировски најпрвин им посака добредојде на гостите, а потоа ги запозна со организацијата и целите и задачите на Сојузот, кој е најмасовна, невладина и мултиетничка пензионерска асоцијација во Македонија. Исто така. тој ги информираше гостите и со активностите кои Сојузот ги планира во 2015 година.

Господинот Милан Стојчевски во своето обраќање ги запозна домаќините дека нивната организација веќе цела година работи на овој проект за соработка и дека сакаат шведските пензионери да ги видат убавините на Македонија, но и да се запознаат и да соработуваат со пензионерите од нашата земја. На средбата беше договорено двете пензионерски организации во иднина да имаат соработка на сите полиња, преку размена на искуства на сите нивоа. Се планира пензионери од Шведска да доаѓаат во Македонија, почнувајќи од мај месец оваа година. На средбата беше договорено висока пензионерска делегација од Шведска да ја посети Македонија и тоа да биде прв официјален чекор во соработката помеѓу двете земји.

**К.С.А.**

ЗП Битола

# Хуманоста на дело



Неодамна, кога нашата најголема житница Пелагонија ја зафатија невидени поплави, голем број припадници на Здружението на пензионери од Битола, активно се вклучија во давањето помош на загрозеното население од водената стихија.

Да потсетиме дека пензионерските ограноци од општините Новаци и Могила се составен дел на ЗП Битола, па и оттаму здружението имаше обврска да помогне на своите членови.

На првата редовна седница за оваа година Извршниот одбор на битолското здружение, покрај прегледот на пристигнати работни задачи, донесе одлука, на Црвениот крст од Битола, кој се грижи за настраданите од поплавите да му се додели еднократна парична помош во висина од 150.000.00 денари. На седницата е заклучено финансиска помош да се додели и на една од најактивните организации во справување со поплавите ПЕГАЗ-ЕДУ од Битола, која се занимава со едукација и превенција за заштита од пожари и други елементарни непогоди. Своите активности ги реализира со активирање волонтери кои поминале одредена обука за справување со природни непогоди.

– Средствата се донирани за набавка на потребна опрема, или наменска употреба на Црвениот крст каде што по нивни сознанија има најголема потреба. Во вакви прилики секоја помош е добредојдена и секоја сума не е сама по себе доволна. Но ете, ние во рамките на нашите можности на овој начин и со овие средства сакаме да ја искажеме нашата хуманост кон луѓето зафатени од временската непогода, – изјави **Томе Илиовски**, претседател на ИО на ЗП Битола.

**Д. Тодоровски**

Пробиштип

# Од фондацијата „Помош за Македонија" и пензионерите ќе имаат корист

Колку може да ги зближи народите нашиот фолклор, говори и случајот со Холандија. Од една случајна средба, преку љубовта кон нашиот фолклор се создаде нераскинлива врска која се преточи во повеќекратна хуманитарна помош за Македонија.



На 25 и 26 февруари во Пробиштип престојуваа Јесика Готенбос, претседателка на фондацијата „Помош за Македонија" и секретарот на истата, госпоѓата Марија. Оваа хуманитарна фондација од Холандија, преку Црвениот Крст во Пробиштип, во нашата држава е присутна повеќе години. Тие ги снимаат состојбите во Македонија и се определуваат која година во која општина и што ќе донираат.

Досега во Пробиштип, во повеќе наврати, имаат донирано облека, ќебиња, инвентар за некои установи и слично. При последниот престој на претставничките од фондацијата, на Здравствениот дом „Нада Михајлова", каде најголемиот дел од пациентите се токму пензионерите, им беше врачен ваучер во вредност од 5 000 евра, средства што ќе бидат искористени за доопремување на лабораторијата со современи апарати, со што би се спречило малтретирањето на пензионерите за одредени испитувања и анализи да патуваат во соседните градови.

Според зборовите на **д-р Јагода Ристеска**, директорка на здравствениот Дом во Пробиштип наскоро за лабораторијата ќе биде набавен апарат за кардиолошки маркери и други имунолошки тестови, за што досега пациентите оделе во Штип.

Својот престој гостинките го искористија да ја посетат и детската градинка каде беа пријатно изненадени од катчето уредено со инвентарот што тие го донираа, а пак дечињата за возврат и во знак на благодарност им приредија 30 минутна програма од што гостинките беа воодушевени. Директорката **Славица Серафимова** заблагодарувајќи им се за соработката им врачи благодарница и комплет изворна носија од нашиот крај, што беше уште едно пријатно изненадување за гостинките. Тие ветија дека и во оваа година ќе обезбедат инвентар за уредување на уште едно катче за децата од градинката, а ќе донираат ќебиња, душеци, постелнини и слично и во ученичкиот дом во Пробиштип во кој се сместени деца од различна возраст. На крајот од нивниот престој, од име на градоначалникот на општина Пробиштип, беа примени од секретарот на општината Јованка Данева, која им се заблагодари за се што донирале и ќе донираат, за што им врачи Благодарница.

**М. Здравковска**

## ОД РАБОТАТА НА ФОНДОТ НА ПИОМ

# Правила за ред во распределбата

До неодамна, прашањето за обезбедувањето простор/стан за живеење во пензионерските домови од страна на оние пензионери кои немаат свој „покрив над глава" во нашата земја, предизвикуваше разни појави: од критики за тоа кои се и како се примени за станари–пензионери, до пофалби за сето она што досега Фондот го постигнал во своето повеќедецениско работење на овој план. Оправданите критики беа упатувани за нелегално, поточно узурпирано користење на одредени станови од страна на други членови во семејствата на пензионери (на пример во Пензионерскиот дом во Прилеп), што јасно покажува дека децидното утврдување на критериумите, без и притоа да има појави на нивно нарушување, беа неминовно потребни да се изготват и разбирливо, да се прифатат.

Така, на седницата на Управниот одбор на Фондот на ПИОМ,одржана на 5 март 2015 год., едногласно беше донесен новиот Правилник за начинот и условите за сместување во домовите и становите за живеење со кои управува нашиот Фонд, како и функцијата и дејноста на овие објекти и начинот и условите за нивното работење. Овој нов Правилник што беше едногласно прифатен, го изготви Одделението за стопанисување со имотот на Фондот, а оваа обврска произлегува од новите измени и дополнувања на Законот за пензиско и инвалидско осигурување на РМ. Ако кон ова се додаде и фактот дека Правилникот доби поддршка во неговата имплементација во практиката од страна на Министерството за труд и социјална политика, тогаш со право можеме да речеме дека се отвора нова страница во првичната и правилната распределба на станбениот простор за пензионерите во домовите со кои располага Фондот на ПИОМ.

Меѓутоа, би биле неправедни ако не истакнеме дека новиот–усвоен Правилник за начинот и условите за сместување во домовите и становите за живеење со кои управува Фондот на ПИОМ, како и функцијата и дејноста на овие објекти и начинот и условите за нивно работење, претставува квалитетно надградени и додефинирани услови, во кои се инкорпорирани современите сознанија за оваа материја за правична поделба и згрижување на оние пензионери, кои имаат потреба од тоа. Во овој документ, дефиниран е начинот за користењето на стан под закуп и на корисникот на станот му се врши задршка од пензијата за закупнина чија висина ја утврдува УО на Фондот. Според утврдените критериуми, на пензионерите ќе им се запира во пензионерските домови во Скопје и Гостивар по цена за метар квадратен 23 денари, додека во пензионерските домови во Гевгелија, Прилеп, Виница, Делчево и Пробиштип е 20 ден., во Куманово и Крива Паланка е 22 ден., во Кочани 19 ден., а во Свети Николе само 18 ден. по $м^2$.

За доследна примена на критериумите за добивање стан во пензионерските домови е задолжена соодветна Комисија составена од 5 члена, и тоа: двајца претставници од Фондот, двајца претставници од Министерството за труд и социјална политика и еден претставник од Министерството за финансии. Да го додадеме уште и ова: Комисијата после конституирањето донесе деловник за својата работа, додека административно – стручните работи за нејзини потреби ги врши Одделението за стопанисување со имотот на Фондот. Важно е да истакнеме уште дека Комисијата при одлучувањњето за сместување во домовите и становите за живеење на корисници на пензија ќе користи софтверска апликација за електронска распределба на станови, изработена од страна на Фондот.

Исто така, во Правилникот децидно се утврдени условите според кои може да се добие сместување. Имено, за сместувањето во пензионерскиот дом за живеење на корисниците на пензија, баратеите треба да ги исполнуваат следните критериуми: да не поседува имот на свое име и на име на сопружникот, најмалку 5 години до денот на поднесување на барањето, а доколку на подрачјето на филијалите каде има пензионерски домови, а во моментот нема баратели за сместување во слободните станови, поради неисполнување на критериумот за непоседување имот најмалку 5 години, тогаш овој критериум може да не се земе во предвид при одлучувањето, потоа да не остварува други приходи, освен пензиските примања, да нема штеден влог повисок од 300.000 денари, да не поседуал стан или куќа поголема од 120м2, без оглед кога е оттуѓена, (доколку оттуѓил два или повеќе станови или куќи се пресметува вкупната површина), и да може самостојно да опстојува и да се грижи за одржување на станот.

Кон погорните потребни документи, баратеот доставува и изјава, заверена на нотар, со која определува лице кое ќе ја преземе обврската за згрижување на корисникот на станот доколку на истиот му се влоши здравствената состојба и нема да биде во можност самиот да се грижи за себе и за одржување на станот, како и за редовно подмирување на сите комунални трошоци кои се однесуваат за користење на станот. Но, Комисијата во исклучителни случаи може да донесе одлука за вселување на корисник на пензија без примена на наведените критериуми само кога поради елементарни непогоди баратеот нема каде да живее. Од сите барател кои се стекнале со право за сместување во домовите за живеење на корисници на пензија, Комисијата изработува ранг листи за редоследот (приоритетот) на доделување на станот, односно ранг листите се изработуваат за секој град посебно со примена на електронскиот софтвер и истите се достапни на увид преку веб страницата на Фондот.

Во Правилникот, таксативно е определена висината на износот на пензијата и бројот на бодовите што се добиваа по таа основа. Така, барателот што има пензија до 10.000 ден. добива 70 бодови, оној што има до 11.000 ден. добива 65 бодови, додека до 12.000 ден. – 60, до 13.000 ден. – 55, до 14.000 ден. – 50, до 15.000 ден. – 45, до 16.000 ден. – 40, до 17.000 ден. – 35, до 18.000 ден. – 30, до 19.000 ден. – 25, до 20.000 ден. – 20 и за пензија повисока од 20.000 ден. се добиваат 10 бодови. При утврдување на бодовите, се зема предвид и пензијата остварена од друга држава, се разбира, доколку корисникот на таква пензија подлежи на примената на одредбите од договорите за социјално осигурување. Кон погорниот критериум се додаваат и бодовите според условите на живеење на барателот–пензионер. На пример, ако барателот живее во изнајмен станбен простор, а висината на пензијата му изнесува до 10.000 денари добива 30 бодови, ако барателот живее во изнајмен станбен простор, а висината на пензијата изнесува до 15.000 ден. му се доделуваат 25 бодови, потоа ако барателот живее во изнајмен станбен простор, а висината на неговата пензија изнесува до 20.000 ден. добива 20 бодови, ако барателот живее во изнајмен станбен простор, а висината на пензијата му изнесува повеќе од 20.000 ден. му се доделуваат 10 бодови, како и ако барателот живее заедно со своето потесно семејство, а здравствената состојба на членовите на потесното семејство е загрозена му се доделуваат 15 бодови, и доколку барателот живее во стан заедно со повеќе членови од неговото потесно семејство добива 10 бодови.

Во случај повеќе корисници на пензија да имаат ист број на бодови, предност има оној кој има добиено повеќе бодови за услови за живеење, потоа доколку повеќе корисници имаат исти бодови за услови за живот предност ќе се даде на тој корисник на пензија кој има пониски примања, како и еднаш стекнатото право за сместување во дом за живеење на корисниците на пензија е трајно, освен доколку не настанат промени во врска со критериумите од член 16 од овој Правилник. Од своја страна пак, Фондот на ПИОМ еднаш годишно ќе врши проверка на имотната состојба на корисниците на пензија кои добиле одлука за користење на стан и на вселените корисници на пензија и тоа за имотната состојба со електронска проверка преку УЈП и преку Агенцијата за катастар на недвижности и останатите критериуми од овој Правилник.

На крајот да го додадеме и следното, за да си ја заштити сопственоста Фондот на ПИОМ може да го раскине договорот со закупецот во следните случаи кога закупецот: станот ќе го користи спротивно на одредбите од договорот за закуп или на начин со кој станот, заедничките простории или уреди, по вина на закупецот се уништуваат, не дозволува во станот да се извршат работи што се неопходни за отстранување на дефектите во тој или друг стан, а тие не може да се отстранат на друг начин, го издаде станот или дел од станот во подзакуп, го користи станот со лица кои не се наведени во договорот, врши преправки и адаптации без добиена согласност од Фондот, кога го користи станот на начин со кој се попречува или оневозможува на другите корисници нормално и мирно користење, не ги плаќа редовно трошоците за користењето на станот, заедничките простори и уреди, не го користи станот подолго од четири месеци во текот на годината, а отсуството не е заради лекување или нема одобрение од Фондот и не ја одржува хигиената во станот, терасата и заедничките простории.

Со новоусвоениот Правилник, како што може да се види се прави голем исчекор во надминувањето на сите досегашни пропусти што се јавуваа на овој план и еднаш и засекогаш конечно се прецизираат условите за користење на станбениот простор во пензионерските домови со кои стопанисува Фондот на ПИОМ.

**м-р. Снежана Кутузовска**

ПЕНЗИОНЕР плус

Весник за сегашните и за идните пензионери

Издавач:
СЗПМ

Година VIII – број 80
март 2015 год.

БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК

Издавачки совет:
**Драги Аргировски** (претседател)
Бесник Поцеста
Методија Тошевски
Станка Трајкова
Гидо Бојчевски
Љубомир Ѓорѓиев
Павле Спасов
Софија Симовска
Милан Димитровски
**E-mail: argirovski@szpm.org.mk**

Редакциски одбор:
**Методија Тошевски**
Главен и одговорен уредник;
**Калина Сливовска - Андонова**
заменик главен
и одговорен уредник;

**Членови:**
Мендо Димовски, уредник;
Цветанка Илиева
Баки Бакиу,
Милан Аџиевски,
Фруска Костадиновска

**Лектор:**
Верица Тоциновска

**Адреса:**
СЗПМ „12 ударна бригада"
бр. 2. зграда на ССМ – Скопје
П.фах. 440

Телефон: 02 3223 710
тел–факс: 02 3128 390

Web: **www.szpm.org.mk**
E-mail: **kontakt@szpm.org.mk**

**Компјутерска обработка:**
СЗПМ

**Печати:**
Графички центар Скопје

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.

ЗП Куманово

# Меѓугенерациска соработка со Црвениот крст на дело

Кумановското здружение и подмладокот на Црвениот крст од Куманово, остваруваат повеќегодишна соработка во повеќе проекти. Меѓу другото, четврта година по ред, одржуваа меѓугенерациска средба и во областа на културноуметничкото творештво.

Празникот на лозарите „Свети Трифун“ и Денот на вљубените „Свети Валентин“ и годинава, го одбележаа со пригодна програма, што ја отвори **Иле Митковски**, секретар на Црвениот крст од Куманово. Свеченоста ја поздрави и **Спирко Николовски**, претседател на Здружението на пензио нерите, а соработници во повеќе заеднички хуманитарни акции се претставија со повеќе музички изведби. Слободанка Димковска им ги загреа срцата на присутните со песната „Мојте очи Лено мори“. Дуетот Калина Бошковска и Петар Димковски ја исполнија песната „Јано ле Јанке убава“, Калина Бошковска и Слободанка Димковска ја исполнија песната „Ај идемо Радо“.

На оваа пријатна музичка средба, најголемо внимание предизвика инсертот од Кабаретската претстава „У кафанче карши Станче“ во изведба на Драмската работилница на КУД „Ѓоко Симоновски“. Тоа остави силен впечаток кај присутните на оваа манифестација.

Спојот на возрасните – пензионерите со младите хуманитарци, дојде до израз и со личните поетски изблици со љубовна содржина, што им ја приредија на своите гости од Здружението. Оваа пријатна меѓугенерациска средба беше заокружена со високо музичко расположение, во заеднички оро на младите и постарите. Сите си посакаа оваа дружење да прерасне во традиционално.

**С.Н.**

ЗП Лабуниште

# Активен и во третото доба



Рамиз Ќазимовски, не е обичен член – пензионер. Тој има над 20 години пензионерски стаж. Од самото пензионирање веднаш се вклучил во активностите на пензионерската организација. Тој е еден од иницијаторите за формирање на здружение на пензионерите во Лабуништа кое со сопствени средства и донации изгради пензионерски домклуб, на кој можат да му позавидат многу пензионерски здруженија во Македонија.

Рамиз Ќазимовски го затекнавме во неговата канцеларија во која може да се најде секој работен ден од 9 до 13 часот. Пред себе го имаше Статутот на Здружението на пензионерите од Лабуништа, и се подготвуваше за престојните избори на здружението. Ги разработуваше сите членови од Статутот и подготвуваше предлог листа за Собранието, Извршниот одбор и другите тела и комисии. Во разговорот потенцираше дека Здружението на пензионери дејствува на територијата на населените места во Лабуништа, Подгорци и Боровец и има над 700 членови.

– Пензионерскиот дом обезбедува целосни услови за престој на пензионерите, за нивното дружење и подготовка на нивните активности. Новиот пензионерски клуб во Лабуништа покрај сала за состаноци и дружења има работни простории со компјутери за современа комуникација, како и деловен простор. Со тоа се создадени сите услови за функционирањето на клубот и се очекува покрај организирање екскурзии и бањски лекувања, пензионерите од Лабуништа, Подгорци и Боровец да се ангажираат за ревиите на песна, музика и игри, за спортските натпревари и други активности.

**Стојан Кукунешоски**

ЗП Кавадарци

# Создавање пријателство и безбедност

Под мотото „Градиме пријателство – создаваме безбедност“ во организација на ЗП Кавадарци и превентивниот сектор од полициската станица во Кавадарци, на 26.02.2015 година, во просториите на здружението се одржа традиционалниот спортски турнир на кој натпреваруваните „силите“ ги одмерија во дисциплините табла, шах и пикадо. Како и многупати досега на турнирот беа прогласени најдобрите спортисти, така што во играњето табла, најдобар беше Марјан Колев припадник на ПС, додека во шах првото место му припадна на пензионерот Трајче Петровски. Меѓу припадничките од понежниот пол кои се натпреваруваа во дисциплината пикадо највешта беше пензионерката Блага Мелова, а од мажите првото место го освои пензионерот Трајче Данчев.





Инспекторот од Кавадаречката полициска станица Димитар Каракулев нагласи дека луѓето од третата деба непоходно е да се почитуваат, пред се поради нивното знаење искуство и поради тоа што се уште партиципираат во општеството, пофалувајќи ја нивната иницијативност и соработка со јавните институции.

Претседателот на ИО на ЗПК Ристо Анѓушев на крајот од натпреварите рече дека севкупен победник од традиционалниот двомеч е времето поминато заедно исполнето со многу забава и споделување на искуства. Овој натпревар ќе го организираат и во наредните години со интенција да биде поброен и да има уште повеќе натпреварувачи. На крајот на заслужените учесници им додели дипломи за освоено прво и второ место.

И на годинашниов двомеч пензионерите и припадниците на полициската станица покрај главната спортска активност, организираа Советодавна група на граѓани за реализирање на темата: „Превенција од тешки кражби, џебни кражби и измами врз пенезионерите“.

**Мартина Митков**

ЗП Пробиштип

# Концерт со измешани емоции

На покана на установата за заштита на стари и изнемоштени лица „Елисавета“ во Скопје, КУД „Весели Пензионери“ од ЗП Пробиштип, во рамките на одбележувањето на својот 40–годишен јубилеј, на 12 февруари, пред 40–сетте корисници и вработените, во пријатен и топол амбиент го одржа првиот концерт во кој прозвучија многу изворни рефрени проткаени со поезија. Присутните на концертот беа пријатно изненадени, најпрво од богатиот колорит на носиите, од старите и подзаборавени песни, од умешноста на интерпретацијата на викоечкото пеење кое е карактеристично за пробиштипскиот крај. Свирењето на изворните инструменти како што се кавалот, гајдата, кемането, тамбурата и тапанот, исто така, ја побудија нивната радозналост. Покрај песните имаше и многу прашања за носиите, нивната изработка, од кое времe потекнуваат, потоа за инструментите и песните од кога се пееле и како се сочувани.

Се свиреше, се пееше и се дружеа сите заедно час и половина. На моменти, во некои попознати песни се вклучуваа и корисниците од установата. Од лицата им се читаше радост и задоволство, а во очите често заигруваше и по некоја солза. Цело време одекнуваа бурни аплаузи. Се бараше повторно да се испее некоја песна што оставила впечаток или ги потсетила на младоста и поубавите денови. Ваквата атмосфера, која спонатно се создаде обострано, ги мотивираше учесниците на концертот да не престануваат, да ги исполнуваат нивните желби, да отпеат и нешто што не било планирано, да ги насмеат со неколку хумористични рефрени, да запеат и песни за нашата Македонија. На крај, сите заедно ја запејаа „Македонско девојче“, а потоа за спомен и сеќавање на овој концерт, кој се претвори во убаво дружење, следуваше заедничко фотографирање.



**М. Здравковска**

ЗП Демир Хисар

# Помош за лицата со интелектуална попреченост

Во рамките на Меморандумот што го потпиша Здружението на пензионери Демир Хисар со Центарот за поддршка на лицата со интелектуална попреченост „Порака“ и практично почнаа да се исполнуваат сите точки од овој документ. Имено, беше потпишан Договор за отстапување на 60м2 простор во Домот на пензионерите во Демир Хисар кој му се дава на користење на ЦПЛИП „Порака“ за отворање клуб за нивните активности и цели кои ќе го користат 53 лица со интелектуална попреченост. Договорот беше потпишан на пригодна свеченост во просториите на Здружението на пензионери, на која, меѓу другото претседателот **Пере Петрески** истакна:

– Со „Порака“ имаме долгогодишна соработка и секогаш сме им излегувале во пресрет на сите нивни барања.Така беше и овој пат, кога за нивната потреба за отворање убаво и пријатно катче за реализација на нивната Програма и активности им отстапуваме на користење простор во Домот на пензионерите. Просториите се во добра состојба и со мало реновирање и опремување ќе се добие соодветен простор достоен за лицата со интелектуална попреченост.

– Изразуваме голема благодарност на раководството на ЗП Демир Хисар за овој нивен благороден гест. После повеќегодишно барање на соодветен простор демирхисарските пензионери ни излегоа во пресрет како и многу пати претходно. Во реновирањето и опремувањето на Клубот најмногу учествуваме ние со наши средства, неколку поголеми фирми од Демир Хисар, локалната самоуправа, добронамерници од нашиот крај и донации од странство. Планираме сите активности околу уредувањето на просторот да ги завршиме до крајот на април кога свечено ќе го отвориме клубот, – истакна претседателот на „Порака“, познатиот демирхисарски пензионер и хуманист **Љубе Димчевски**.

Со овој гест ЗП Демир Хисар наиде на воодушевување и одобрување од демирхисарската јавност и уште еднаш се потврди дека хуманоста е уште една одлика на луѓето од третата доба.

**З. Стевановски**

ЗП Куманово

# Јубилеј на сестраниот Влајко Петковски

Во животот човекот има многу среќни моменти на кои со задоволство се сеќава, но да одбележиш 50 години брачен живот и да доживееш златна свадба, навистина е реткост. Деновиве, на овој посебен настан кај **Влајко Петковски**, пензионер и член во КУД „Гоко Симоновски“ од ЗП Куманаово, се собраа најблиските да му го честитаат јубилејот со искрени желби за долг и среќен живот. Влајко видно расположен, како и секојпат, почна да раскажува како ја запознал својата животна сопатничка и како се одлучил остатокот од животот да го поминат заедно. Покрај многуте девојки што ги запознал таму каде што се школувал и работел како готвач, од Свети Николе, Аранѓеловац до Охрид, тој ја одбрал Лиле од родното Романовце, исто како во песната „Земи мома од свој крај“, но за да даде согласност таа му поставила услов да ги избричи мустаќите што ги носел тогаш. Влајко ни малку не се двоумел.



Својот работен век го поминал во кујната и како врвен готвач на солени и слатки јадења добивал многу признанија, но и многу ученици научил и им ги открил тајните за вкусните јадења и естетското украсување на колачи и торти. Секогаш весел, динамичен и темпераментен по природа, со самото пензионирање 2001 година, Влајко активно се вклучува во Здружнието на пензионерите, најпрво како спортист во дисциплината тегнење јаже, а откога се формира фолклорната секција се до денес е нејзин активен член. Од почеток се вклучува и во драмската работилница и во битовата драма „Ленче кумановче“ го толкува ликот на Трендо бозаџијата. Вели дека толку му легнала улогата, како да е напишан токму за него, а костимот со престилката и лончињата за боза сам си ги осмислил и направил. И во останатите драмски претстави има значајни улоги. Секогаш е подготвен за шега, знае да каже некоја досетка но и текст – лична творба да напише и да учествува на манифестацијата „Шегобијна разгледница“.

Влајко има несекојдневна дарба – умее да свири народни ора и песни со уста на лист од лимон. Просто човек да не верува како можат толку верно музичките тонови да се изведат од еден обичен билков лист, но ете и тоа го знае Влајче, како го викаат колегите. За сите овие изминати години верен придружник и голема поткрепа во животот му е сопругата, која го поддржува, го бодри, го следи и заедно ги извршуваат семејните обврски. Секогаш е присутна на сите манифестации кога настапува со КУД „Гоко Симоновски“. Со сите тие активности го задоволство го минува времето во третата животна доба.

**Славица Ламбаша**

# Кумановски мајтапчие

Шеф Ване, много сака да се мајтапсуе
и на туѓу трпезу да гостуе.
Кој што работи, он куде Цанета на гости.

Мисли се Цане до к`т овакој!?
– Ај што гостуе,
ама и у жену ми се загледуе,
а почна и да наредуе.

– Цане, знам дека су пости,
ама ти, иди испечи кокошку, ќе дојду на гости.
Мрсење у туѓу куќу ќе ми се прости.

Сети се Цане како да му врати,
али и да се отараси.
Каже на другари што е смислија, ама „ораси“.

Отиде дома куде шефа.
– Мајко, шеф кажа граорке да ги зему.
– А, што такој синко!?
– Треба на пелцување да ги носу
и две балончиња вино да дадеш.
– А, што ќе ти вино синко!?
– Едно за марвеног доктора,
не се иде с`с празни руке,
а друго за попа, за недајбоже.
– Ако синко, ако!

Испече ги Цане шефови кокошке.
Дојдев другари, стигне и Ване.
– Охохо, пуна трпеза, ама ќе е гозба!
Радуе се Ване.

Нуди га Цане,ама на мајтап.
– Кусни си шефе, кусни, како да су твои!
Мајтапсуев се и другари.
– Пини си, пини Ване, како да е твое!

Дојде дома Ване и почне да вика
– Мајкооо, куде су граорке!?
– Однесе ги Цане на пелцување!

Удри се Ване по главу и закука.
– Лелеее, мои кокошке смо јеле и вино пиле!
– А, Цане, Цане!
– Добро си ме насамарија и за све наплатија.



*Борјана Ралиќ*
**пензионерка од Куманово**

Ехо од фестивалот „Гоце фест” 2015 година

# Живот со песни и музика

Како и минатите години, на најпознатиот фестивал на нови родољубиви и патриотски песни „Гоце фест” 2015 година, кој се одржа на 13–ти февруари во Универзалната сала во Скопје, пензионерите се покажаа како верни и најмногубројни посетители на оваа значајна традиционална културна манифестација во Р. Македонија. Покрај помладите интерпретатори на новокомпонирани родољубиви и патриотски песни, на фестивалот настапија познати пејачи и претставници на највозрасната популација граѓани, кои со своите изведби ја воодушевија публиката. Посебно задоволство за нив беше поддршката од нивните колеги пензионери кои за цело време ги бодреа со аплаузи и учествуваа во доделувањето награди. На фестивалот беа доделени повеќе награди, од кои Специјална награда доби Ристо Краповски, Втора награда Нацка Славкова и Трета награда Круме Спасовски



**Ристо Краповски**, речиси новопечениот пензионер, доајенот на македонската естрада, е познат композитор, автор и изведувач на македонски народни песни. Тој годинава на овој Фестивал настапи со сопствената композиција „Сојот убав македонски” и ги освои срцата на присутните кои и за време на изведбата со него потпевнуваа и силно ракоплескаа. Иконата на егејскиот мелос, така е наречен Ристо поради создавањето и негувањето песни со карактеристичен звук од егејскиот дел на Македонија, и на овој фестивал се закити со специјална награда „Ѓорги Доневски”.

За фестивалот и творечкиот опус на Краповски разговаравме во опуштена атмосвера во неговиот дом. Композиторот веднаш ја отвори својата животна приказна првенствено истакнувајќи дека потекнува од музичка фамилија која над еден век ја негува музиката и како аманет ја пренесува од колено на колено. Ристо е сигурен дека музичката лоза ќе ја продолжат неговите следбеници бидејќи и двата сина и двете снаи му се професионални музичари, а тој го насетува талентот и кај трогодишната внука Кристина на која бескрајно и се радува. Својот талент за музика го наследил од своите родители, а способностите за творење и свирење на разни инструменти, од кларинет, саксафон, пијано, виолончело, гитара и што уште не, ги открива и усовршува пред и за време студирањето, но како врвен виолончелист работниот век го поминува во Македонската филхармонија. Сепак, за почеток на компонирањето тој ја смета 1986–та година со појавата на првата композиција „Тинке Катинке” – посветена на неговата покојна сопруга и оттогаш се редат голем број песни во исполнение на врвни македонски интерпретатори и доајени на македонската народна песна.

Иако нема строга евиденција за своите песни, кои главно му се родољубиви и патриотски, Ристо смета дека ги има над 170. На сите е автор на музиката и аранжманот, на некои е текстописец, триесетина ги исполнува сам. Голема благодарност искажува на внукот Иван Крапов за неговите преубави текстови. За своето музичко творештво Краповски има добиено безброј награди и признанија, од кои најдраги му се: Наградата од МРТ за „Композитор на годината 2001–2002”, Награда за животно дело од фестивалот „Роса”, Трета награда на фестивалот „Цветници – 2014” и оваа сега од фестивалот „Гоце фест”, за што со задоволство истакнува дека од неговото основање па досега 26 пати по ред учествувал како композитор, автор и исполнивач.

Од пред неколку години Ристо со својата придружничка Нацка поинтензивно е присутен на пензионерските средби и манифестации по разни поводи. Најчесто на ревиите на песни, музика и игри на сите нивои, како специјални гости и учесници, но и на многу дружења на зелено во разни краеви и познати културно–историски места во Македонија. За ваквото вклучување во активностите на пензионерите Краповски упатува посебна благодарност до лидерот на пензионерската организација Драги Аргировски и до сите пензионери, на кои за подолг и поздрав живот им порачува песната да им биде живот, а животот песна.

**Втора награда на фестивалот ја доби Нацка Славкова,** која вклучувањето во јавните настапи и пеењето македонски родољубиви и патриотски песни го започнува со запознавањето со Краповски, кој всушност го открил нејзиниот музички талент и потенцијал за придружен вокал и самостојно пеење.



– За почеток во студиото на Ристо снимивме дваесетина стари македонски песни и тогаш произлезе идејата за придружен вокал во неговата песна „Простете не може” која беше првонаградена на фестивалот „Гоце фест” – 2012 година. Потоа тој напиша песна лично за мене и бев пресреќна што ми се даде можност да ги опејам пететте села покрај Вардар под Жеден Планина, почнувајќи од Туденце, Копањце, Сиричино, Јегуновце, па се до моето родно Раотинце. Е, токму со таа песна „Жеден Планина” настапив на „Гоце фест” оваа година и ја добив втората награда од публиката, – со задоволство раскажува Нацка.

Таа вели дека со песната живее уште од мала, а љубовта кон пеењето ја искажува и за време на работата во образованието, најпрво како учителка во родното село Раотинце кај Тетово, потоа во Средно Коњари – скопско и како наставничка во основното училиште „Коле Неделковски” во Скопје каде 2000–та година оди во пензија. Поради пеењето неа учениците и колегите повеќе ја викале пејачката, а и ден денес кога ќе ја сретнат со задоволство така и се обраќаат. Таа извршила големо влијание врз учениците за да ја засакаат песната. Нацка вели дека од секогаш живее за да пее и пее за да живее. Посебно и е драго што речиси во оригинал ги пее песните на нашата најпознатата интерпретаторка на убавите стари македонски песни Васка Илиева и речиси никој не може да препознае кој е интерпретаторот. Сепак, истакнува дека најголемо задоволство и причинува пеењето за пензионерите и со пензионерите со кои интензивно се дружи веќе 15 години.

**Трета награда на фестивалот „Гоце фест - 2015” ја доби Круме Спасовски,** кој многу често се дружи и пее со и за пензионерите. Тој е долгогодишен интерпретатор на песни и доајен на македонската естрда, а на Фестивалот се претстави со песната „Порака”, текст на Иван Карадак и музика на Сашко Митковски од Крива Паланка. Како што кажува самиот, досега 26 пати редовно настапувал на „Гоце фест”, од почетокот до денес, а прескокнал само едно издание кога бил во Австралија.

– Речиси секогаш на претходните фестивали добивав песни што ми лежат на душата, што ги пеам со емоции, а тоа знае да го препознае и жирито и публиката. Така, посебно ми се драги песните „Ах рани, рани” (последните зборови на Гоце Делчев), „Само за тебе”, „Македонец за навек” и други кои исто така беа наградени, – објаснува Круме и не замолува да ги истакнеме авторите кои пишуваат за него: Бранко Николовски, Миле Барбаровски, Огнен Неделковски, Томе Витанов и други.



Инаку, Круме Спасовски е веќе 8 години во пензија. Последниве 3 години поинтензивно се дружи со пензионерите, како вели, благодарение на претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, кој често пати волонтерски го вклучува во разни културно–забавни манифестации и спортско–рекреативни средби на кои со своите песни ги развеселува и создава пријатна атмосфера за дружење.

– Импресиониран сум од волјата и енергијата што ја поседуваат пензионерите без оглед на годините што ги носат и тоа ми дава инспирација за пеење и дружење со нив, особено кога ги има на едно место повеќе од петшест илјади од цела Македонија. Овие собири се многу битни за активното и здраво стареење и за ширење меѓусебни пријателствата и јакнење на меѓуетничките односи, како и за запознавање со историското минато и културното богатство на нашата земја, – нагласува Круме.

Денес Спасовски со својата сопруга живее во родното село Горно Коњари – скопско, а слободното време го минува пеејќи и ловејќи риби покрај Пчиња. Иако седумдесеттата година му е на дофат, изгледа мошне младолико, а и така се чувствува. Во шега вели дека се уште е чичко, а дедо станува кога ќе му дојдат внуците од синот и ќерката. Пријатниот разговор моравме да го завршиме, бидејќи Круме брзаше да оди во емисија кај баба Рада во „Канал 5”, да им ја развесели емисијата.

**Мендо Димовски**

ТУРИСТИЧКА АГЕНЦИЈА И ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ




ПОНУДА ЗА ПЕНЗИОНЕРИ

ВРШИМЕ ПРЕВОЗ НА ОРГАНИЗИРАНИ ИЗЛЕТИ И ЕКСКУРЗИИ ВО ЗЕМЈАТА И ВО СТРАНСТВО

Во договор со Агенцијата можни се и збирни тури од неколку здруженија на пензионери

АГЕНЦИЈАТА HAK BUS ВРШИ И ТРАНСПОРТ НА ПАТНИЦИ ДО ПОВЕЌЕ ДЕСТИНАЦИИ ВО ЗЕМЈАТА И ВО СТРАНСТВО

контакт телефон: 044 331 587; 070 244 019

ЗП Охрид и Дебрца

# Задоволни од постигнатите резултати

ЗП Охрид и Дебрца на 27 февруари 2015 година ја одржа 10–та и последна седница на Собранието во стариот состав. На седницата присуствуваа и претседателот на СЗПМ Драги Аргировски и претседателот на Извршниот одбор на збратименото здружение Солидарност – Аеродром од Скопје, Димитрие Богатиноски.

Најпрвин излагање за Извештајот за работата во 2014 година, поднесе претседателот на ИО на ЗП Охрид и Дебрца, **Ѓорѓи Трпчески**,

– Нашите активности и резултати се добро познати. Во изминатите четири години имавме со што да се пофалиме. Со сето тоа здружението се гордее. Потоа, делегатите на Собранието ги поздрави претседателот на ИО на ЗП Солидарност – Аеродром од Скопје, **Димитрие Богатиноски**, кој при тоа потсети дека нивните здруженија се збратимија во ноември минатата година, а остана само да се подготви заедничка Програма за соработка.

Во расправата по Извештајот за работа на ЗП Охрид и Дебрца за 2014 годината, свој придонес даде и претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**. Тој изрази задоволство заради збратимувањето на овие две здруженија, кои дејствуваат во два бисери: туристичкиот центар Охрид и најдобро урбанизираната општина во државата.

– СЗПМ е организација, со самостојно финанисрање од членарина и има одлична соработка со многу невладини организации и здруженија, со Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Фондот за ПИОМ и ФЗОМ, Министерството за кулутра и други институции. Без нивна поддршка и соработка во разни проекти на Европската Унија, и во земјата, сигурно дека немаше да се реализираат многу наши замисли и планови, како што се спортските натпревари, фолклорните ревии, климатско–бањската рекреација, бесплатниот туристички викенд, проектот „Рурален доктор", бесплатниот автобуски превоз и што е најважно, порастот на пензиите и нејзината редовна исплата, – истакна Аргировски. Потоа одговараше и на повеќе новинарски прашања, кои беа пренесени пеку електронските локални медиуми.

Во знак на повеќегодишната успешна соработка на Охридското здружение со претседателот на СЗПМ Драги Аргировски и Сојузот, а уште повеќе за успесите што во изминатите четири години беа постигнати под негово раководство, му беше врачена Златна Плакета, која претставува највисоко признание кое што го доделува здружението. При врачувањето на плакетата, претседателот на ИО на ЗП Охрид и Дебрца Ѓорѓи Трпчески, рече:



– Особено ми причинува чест и задоволство, што Плакетава му ја доделуваме на Драги Аргировски, човекот кој несебично се вложува себе си и својот труд, знаење и искуство за добробит и афирмација на сите пензионери во земјата и пошироко, на личност која е добитник на многу награди и признанија, коишто се потврда за неговата вредност како општественик, новинар и публицист.

**К. Спасески**

ЗП Гази Баба

# Ѓорге Андонов повторно избран за претседател

Единаесетата седница со која раководеше претседателот Ана Ѓеорѓиева, Собранието на ЗП Гази Баба ја одржа на 27 февруари, во присуство на членовите на ИО, претседателите на ограноците, клубовите и комисиите. Централна тема беа извештајот за рабтата на органите и телата и завршната сметка за 2014 година.

Во уводното излагање, Ѓорге Андонов, претседател на ИО на Здружението, констатираше дека во изминатиот период е покажано богата и разновидна активност со врвни резултати. Андонов потенцираше дека финансискиот план бил разгледан и поддржан од ограноците и дека со рационално трошење на средствата во новата 2015 година се очекуваат збогатени активности на полето на здравствената заштита, културата, спортот и рекреацијата. По сите овие прашања се разви дискусија, во која сите се согласија дека се работело рационално и транспарентно.

По верификација на кандидатурата на новите членови, најпрво Ана Ѓорѓиева повторно беше избрана за претседател на Собранието. Се избраа членови на Извршен и Надзорен одбор, на комисијата за статут и правни работи, За делегати во Собранието на СЗП на град Скопје, беа избрани Ана Ѓорѓиева, Панче Ковачев и Иван Милчев, а во СЗПМ, Ѓорге Андонов и Славко Симонов.



По завршувањето на седницата на Собранието, конститутивна седница одржа Извршниот одбор во новиот состав и за претседател едногласно го избра повторно Ѓорге Андонов. Тој се заблагодари на дадената доверба, нагласувајќи дека Здружението и понатаму ќе продолжи со реализација на зацртаните програмски задачи.

**Васил Пачемски**

ЗП Чаир

# Со рационално работење до поголеми успеси

Под раководство на претседателот Исеин Зекири, Собранието на ЗП Чаир, на 23 февруари одржа седница на која беа усвоени извештајот за работата и завршната сметка на здружението за 2014 година, како и финансискиот план и Програмата за работа за 2015 година.



За остварувањето на програмските задачи, уводно излагање имаше **Ментор Ќоку**, претседател на Извршниот одбор на здружението. Тој ги потенцираше постигањата на спортски и културен план, здравствената заштита, социјалната помош и подобрување на стандардот на пензионерите. Грижата за болните и изнемоштени лица е, исто така, приоритет на здружението. Доделено е еднократна помош на 61 лице со нарушено здравје и ниски примања. Претседателот Ќоку истакна дека со рационално трошење на средствата во новата 2015 година, се очекува да се постигнат збогатени активности во сите сегменти. Критика упати кон претходното раководство, кај кое летаргијата довела до оддалечување на членството од Здружението, која состојба под итно треба да се промени.

Пофални зборови за успешното работење на Здрижението искажаа: Беѓљул Сулејмани, Тодор Илиев, Ибраим Османи, Перо Миленковски, Мане Манев и Рауф Хамиди, кои главно ги поддржаа изнесените констатации во уводното излагање и извештаите. Тие се заложија за обезбедување простории за клубовите и постојана грижа за правилна застапеност на сите ограноци во работата на Собранието и неговите органи и тела и за креативност во работата и соработка со локалната самоуправа. Истакнаа дека, сега во здружението се чувствува нова клима, раздвижување и успеси. Тие не го криеа задоволството од резултатите постигнати во изминатиот период со рационално трошење на финансиските средства. Сите се согласија дека некои членови од претходното раководство кои имаат земено позајмица, треба под итно да ја вратат. На седницата беше потврден мандатот на досегашниот делегат во Собранието на СЗПМ, Ментор Ќоку

.

**В. Пачемски**

ЗП Бутел

# Отчет за успешната работата

ЗП Бутел на 20–ти февруари, во проширен состав одржа отчетна седница на Собранието при што беше анализирана работата на здружението во минатата година и беа донесени значајни документи за натамошно дејствување и остварување на програмските задачи. Со седницата раководеше претседателот на здружението **Љупчо Димовски**, кој во воведното излагање го истакна значењето на оваа годишна средба на членовите на Собранието од аспект на согледувањето на резултатите во изминатиот период и создавањето услови за справување со недостатоците и постигнување нови поголеми успеси. Наедно тој нагласи некои позначајни активности и постигнувања на Здружението, кои детално беа искажани во Извештајот за работата во 2014 година.



Потоа на седницата беа избрани членови во органите и телата. Дел од нив беа нови, а дел беа од составот избран при конституирањето ЗП Бутел во 2013–та. При изборот беа испочитувани насоките на СЗПМ за спроведување на изборите во здруженијата на пензионери членки на Сојузот. За нов делегат во Собранието на СЗПМ едногласно беше избран актуелниот претседател на здружението Љупчо Димовски, Слобода Устун беше избрана за нов секретар, а Петре Зденков за нов член на Извршниот одбор на здружението. Собранието изврши избор и на нов Надзорен одбор во состав: Наталија Василевска, претседател и Никола Донев и Атанасие Костов за членови.

Акценти од Извештајот за работата во 2014 година даде потпретседателот на Собранието **Јордан Георгиев**, а извештај за финансиското работење поднесе книговодителот на здружението **Петре Игнатовски**. Во дискусијата по сите документи учествуваа: Никола Стојановски, Павле Маневски, Трајче Фидановски, Љупчо Атанасовски и други.Тие изкажаа конструктивни констатации и предлози за понатамошна успешна работа.

Собранието на ЗП Бутел во расправата по предлог Програмата за работа и Финансискиот план за 2015 година, истите едногласно ги усвои, а седницата заврши со заклучок дека Здружението работело домаќински и наменски ги трошело средствата во согласност со Статутот и позитивните законски прописи.

**М.Д.**

ЗП Гостивар

# Дадена доверба на проверени кадри

На 25–ти февруари 2015 година Здржението на пензионери Гостивар одржа конститутивна седница на Собранието, кога на 33 делегати им беа верификувани мандатите, од кои на 17 им беше дадена повторна доверба, а 16 беа новоизбрани. При кандидирањето на новите членови се водеше сметка за избор на квалитетни проверени кадри кои ќе ја унапредуваат работата на Здружението, а исто така посебна важност беше дадена и на половата и националната застапеност.

За претседател на ЗП Гостивар по вторпат едногласно беше избран Нијази Џелили, при што беше избран и нов Извршен одбор од 10 члена, нов Надзорен одбор од 5 члена, а за делегат во Собранието на СЗПМ беше избран Адеми Османфари. Мандатите на сите новопредложени кандидати едногласно беа усвоени.



Инаку, ЗП Гостивар го сочинуваат 6.200 членови од 3 општини: Гостивар, Маврово и Врапчиште. Ова здружение изборните активности ги заврши во декември минатата година во 23 ограноци, каде беа избрани исто толку претседатели и 33 делегати за Собранието. Својата отчетна седница ја одржа на 21–ви февруари во составот на претходниот мандат на Собранието, кога беше разгледана завршната сметка за 2014 година и Финансискиот план и Програмата за работа за 2015 година. На оваа седница присуствуваше и претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, како и претседателите на ЗП Дебар, Тетово, Сарај, Тафталиџе, а гости имаше и од Поградец, Република Албанија.

**Вадије Зендељи**

ЗП Тафталиџе ДДД – Скопје

# Конституирано новото собрание

Здружението на пензионери Тафталиџе ДДД – Скопје во текот на месец февруари оваа година одржа две седници: отчетна и и конститутивна седница на Собранието.

На конститутивната седница на Собранието, со новоизбраниот состав по верификувањето на мандатите на дваесетипетте делегати од ограноците се пристапи кон избор на претседател на Собранието и на Извршниот одбор. Со акламација едногласно беше реизбран досегашниот претседател Димитрије Димовски кој за досегашното работење го истакна домаќинското и наменското трошење на средствата на пензионерите членови на оваа скопско здружение, а програмските задачи беа навреме и во целост реализирани.



За членови на Извршниот одбор беа избрани и предложени од ограноците девет членови. На седницата беа избрани и членови на новиот Надзорен одбор и на Комисијата за статут.

Во почетокот на февруари се одржа и дванаесеттата отчетна седница на Собранието на ЗП Тафталиџе. Во присуство на Градоначалникот на општина Карпош, Стевче Јакимовски, како и гости од ЗП Тетово, ЗП Гостивар, ЗП Сарај и ЗП Ѓорче Петров и други, членовите на Собранието го разгледаа и усвоија Извештајот за работа на Извршниот одбор и Финансискиот извештај на приходите и расходите на здружението на пензионери Тафталиџе ДДД за 2014 година. Исто така беше усвоен и Извештајот на Надзорниот одбор на здружението, како и одлуката за усвојување на финансискиот извештај на приходите и расходите на здружението за 2014 година.

**С. Билински**

ЗП Пробиштип

# Реализација на програмата

По одржаните состаноци во ограноците на Здружението на пензионери во Пробиштип на кои беа предлагани нови членови за Собранието, на 18–ти февруари се одржа конститутивна седница. По верификацијата на мандатите беше избрано новото раководство на ЗП Пробиштип. За претседател на Собранието кој е и претседател на ИО, повторно беше избран Груица Манасијев, а за секретар довербата му беше дадена на Ангел Коцев кој и досега ја извршуваше оваа функција.



На конститутивната седница беа избрани и членови на извршниот одбор, надзорниот одбор и статутарната комисија. За делегат во Собранието на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија е избран Стефан Стојановски, рударски инженер во пензија.

Новиот состав на Собранието брои 21 делегат од кои 4 се жени, а во извршниот одбор се 9 членови.

На седницата беше разгледана и Програмата за работа на Собранието и неговите органи и тела за претстојната 2015 година, донесена од претходниот состав, која доби целосна поддршка и едногласно беше усвоена.

На првата седница на Извршниот одбор, се очекува да бидат формирани и останати органи и тела на Собранието и активот на пензионерките, кој ќе се ангажира околу организацијата на своето членство се со цел да ги вклопи во севкупните активности на здружението.

Веднаш по конституирањето на новото Собрание на ЗП Пробиштип, започна со реализацијата на програмата. Приоритет беше ставен на подобрувањето на условите за престој и рекреација на пензионерите во пензионерскиот дом, во кој со мали поправки во клубот се создаде пријатно катче за користење на слободното време и дружење.

**М. Здравковска**

ЗП Битола

# Извештаите едногласно усвоени

Врз основ на член 15 од Статутот на ЗП Битола, на 24 февруари 2015 година, се одржа 15–тата седница на Собранието во присуство на сите членови. Севкупниот материјал, во печатена форма, навремено беше доставен, што придонесе за целосен увид во работењето на Здружението.

На седницата беа разгледани и усвоени извештаите за работата на Здружението, Надзорниот одбор, за материјално–финансиското работење, како и статутарно–правната застапеност во извршувањето на работните задачи за 2014 година.

Отчет за работата за изминатата година поднесе претседателот на Здружението **Томе Илиовски**, кој во опсежната и исцрпна анализа ги истакна поважните активности кои во целост беа спроведени и ја одбележаа годината. Исто така тој ја презентираше и ја објасни завршната сметка, а за нејасните прашања одговараа членови на Надзорниот одбор. Во дискусијата на присутните претежно се искажуваше задоволство од превземените активности и нивната реализација.

Претседателот на Надзорниот одбор **Станко Сипковски**, го нагласи доброто работење кое се гледа од поднесениот писмен извештај во кој реално се прикажани севкупната работа и активностите во 2014 година. Извештајот за работата на ЗП Битола беше едногласно усвоен. Во разгледувањето на активностите не изостана и анализата на работата на пејачката група „Сирма Војвода", Активот на пензионерки при



Здружението, како и работата на комисиите. На седницата се дискутираше и се даваа предлози за активностите во наредниот период, а претседателот Илиовски ги извести членовите за одлуката на ИО за доделување донација од 180.000 денари за поплавените подрачја. Информацијата наиде на одобрување со предлог ако е потребно во зависност од можностите Здружението повторно да се појави како донатор.

**Д. Тодоровски**

Конститутивно–изборна седница во ЗП Солидарност – Аеродром

# Успеси за почит

На 9 март 2015 година во ЗП Солидарност – Аеродром се одржа конститутивно–изборна седница за ново Собрание. Во согласност со Статутот, благовремено беа одржани изборни активности во сите 5 ограноци во Здружението, на кои беа избрани одбори на ограноците и претставници во Собранието. По верификувањето на мандатите на членовите на Собранието, во кое се застапени и жени, на предлог на Кандидационата комисија за претседател на Собранието повторно беше избран **Стамен Филипов**. Потоа Собранието избра Извршен одбор од 9 членови, а за делегати во Собранието на СЗПМ ги избра: **Драги Аргировски** и **Димитрија Богатиноски**. За претседатели во ограноците се избрани: Благоја Петрушевски во „Аеродром", Бранко Чешарек во „Вардар", Киро



Бошкоски во „Лисиче", Љубе Ристовски во „Ново Лисиче" и Виолета Кусева во „Јане Сандански". Од новоизбраното Собрание на Здружението предложен беше Драги Аргировски повторно да биде избран за претседател на СЗПМ, што беше пропратено со силен аплауз од присутните. За предлогот говореше Тодор Тодоровски кој истакна дека Драги Аргировски е докажан лидер кој со досегашната активност и несебичност даде исклучителен придонес за доброто на сите пензионери и стари лица и заслужува и натаму да биде прв човек на Сојузот, а тоа го презентираше на настапи на радио и ТВ, со написи и книги. Сето тоа придонесе за афирмација и напредок на статусот на пензионерите во РМакедонија и во странство.

На крајот, претседателот **Стамен Филипов** се заблагодари за добиената доверба и им го честита изборот на новоизбраните членови. На одвоена седница Извршниот одбор за претседател повторно го избра **Димитрија Богатиноски**, а за секретар **Милорад Ристоски**.

**И. Глигоров**

ЗП Неготино

# Заслужена доверба



На 16–ти февруари ЗП Неготино одржа конститутивна седница на Собранието и избра ново раководство. За претседател на Собранието едногласно беше избран досегашниот претседател **Петар Захарчев**, а за заменик претседател **Илија Емшов**. За делегат во Собранието на СЗПМ беше избран Петар Захарчев. На седницата беа избрани и членови на Надзорниот одбор и на Статутарната комисија. За секретар на здружението беше избран **Симеон Христовски**. Сите избрани членови се докажани активисти кои со својата работа имаат голем придонес во афирмирањето на здружението и постигнувањето забележителни успеси и во рамките на СЗПМ.

На седницата беше предложено избраниот делегат за Собранието на СЗПМ да даде поддршка во изборот на досегашниот претседател Драги Аргировски за нов мандат имајќи ги предвид постигнатите успеси во водењето на Сојузот и придонесот во подобрувањето на статусот на пензионерите во многу сегменти од животот. По конститутивната седница на Собранието, се одржа и првата седница на ИО на ЗП Неготино на која за претседател беше избран Петар Захарчев, а за потпретседател **Стојан Атанасов**. На истата седница беа избрани и членови на комисии во Здружението и на Активот на пензионерки.

**И.Е.**

ЗП Свети Николе

# Отчетно - конститутивна седница

На 3. март ЗП Свети Николе избра раководство кое ќе управува со здружението во наредните четири години. На почетокот на седницата досегашниот претседател на Собранието на ЗП Свети Николе ги образложи Извештајот за работа и Годишната завршна сметка на здружението за 2014 година потенцирајќи дека се работело домаќински и според законот. Двата Извештаи беа едногласно прифатени, како и Програмата и финансискиот план за 2015 година. Потоа се пристапи кон избор на членови на Собранието, Извршниот одбор и Надзорниот одбор. Во Собранието беа избрани 21 член, а во Извршниот одбор 7 членови. За нов претседател на Собранието повторно беше избран **Никола Атанасов** кој и досега успешно ја вршеше истата функција.

Атанасов се заблагодари за дадената доверба потенцирајќи дека и во овој мандат ќе се труди здружението да има активности во интерес на пензионерите од Свети Николе. На седницата со аплауз беше дадена поддршка сегашниот претседател на СЗПМ да биде претседател уште еден мандат заради постигнатите резултати на сите полиња. Наредниот ден Извршниот одбор ја одржа својата прва седница на која за претседател беше избран **Никола Атанасов**, а за претседател на Надзорниот одбор **Мирко Данаилов** досегашниот претседател на ИО на ЗП Свети Николе. Атанасов му се заблагодари на Данаилов за успешната афирмација на здружението во изминатиот период и рече дека неговото искуство и знаење е добредојдено во секој момент.

За делегат во Собранието на СЗПМ беше избран **Светолик Николов**. Потоа беа избрани членови на комисиите за: статутарно–правни прашања, културно–забавен живот, спорт и рекреација и хуманитарно–социјални работи. За претседател на Актив на пензионерки избрана е **Љиљана Наумова**.

**В. Петрушева**

ЗП Кичево

# Доверба на досегашното раководство

Деновиве Здружението на пензионерите од Кичево, во просториите на хотел „Кичево" одржа седница на Собранието на која беше дадена доверба на досегашното раководство за наредниот четиригодишен мандат. По утврдувањето на изборните документи од страна на верификациона комисија, претседателот на кандидационата комисија Чедомир Богатиноски за претседател на Собранието на Здружението на пензионерите Кичево го предложи Мехмед Мехмеди за кого рече дека во изминатиот период со успех раководел со Собранието, а делегатите со аплауз го избраа за претседател. Потоа беше предложен Извршен одбор од 11 членови кои беа едногласно прифатени. За претседател на Надзорен



одбор беше избран Слободан Богески, а беше формирана и комисија за правни работи и статут.

Собранието за делегат во Сојузот на пензионерите на Македонија го избра Душан Ристоски досегашен делегат.

Собраниието ги усвои програмата за работа и Финансискиот план за 2015 година.

На крај избраниот Извршен одбор ја одржа својата прва седница на која за претседател на одборот беше избран Љубимир Лукароски, а за секретар Добривој Лазарески, кои по изборот се заблагодарија со обврска успешно да работат и во наредниот мандат.

**А. Ристоска**

ЗП Центар

# Збогатување на активностите

На 26 февруари 2015 год. се одржа втората седница на ЗП „Центар". На дневен ред беа: Извештајот за работа на здружението, за 2014 год., Извештајот на Надзорниот одбор за материјално–финансиското работење во 2014 год., Годишната сметка на приходите и расходите за 2014 година и Програмата за работа на ИО и на Собранието за 2015 година и друго.



Во работата на седницата учествуваше и претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, како и неколку претседатели на скопски здруженија на пензионери.

Извештајот за работа на ИО и на Собранието го поднесе претседателот на ИО **Павле Спасев** кој на почетокот нагласи дека Извршниот одбор како орган на Собранието, во минатата година успешно ги реализираше целите и задачите предвидени со Програмата. Од бројните активности во изминатата година, секако неможе а да не се спомене свеченоста по повод 60–годишнината од формирањето на Здружението кога беше промовирана и Монографијата по повод големиот јубилеј, како и најзначајните активности на комисиите. Здружението активно учествуваше и во сите пензионерски активности на регионално и на републичко ниво, како и на традиционалниот шаховски турнир по повод 13–ти Ноември каде што шахисти од здружението во двете конкуренции го освоија првото место.

На овие, а и на голем број други активности акцентот ќе биде ставен и во оваа година. Во предложената програма се разви плодна дискусија, во која учествуваа Павле Спасев, Крсте Ангеловски, Василка Цветковска и други, беше потенцирано дека во 2015 год. Здружението ќе се фокусира на поддршка на пензионерите со ниски пензии, доделување на еднократна парична помош, и збогатување на традиционалните активности. **Ристо Камчев** меѓу другото, се заложи за отворање на пензионерски клуб и во огранокот на пензионерите „Миле Арсовски", а **Спиро Николовски** за тренинг простор за пензионерите–спортисти што се натпреваруваат во дисциплината стрелаштво.

Во однос на документите за материјално–финансиското работење, Собранието го прифати Извештајот на Надзорниот одбор, со заклучокот дека целокупната документација е уредно водена, а трошењето на средствата согласно законските прописи.

Претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** на почетокот од своето обраќање им го честита изборот на членовите и на раководството на ИО и на Собранието и им посака успешна работа.

– Успешното работење и позитивната сметка на здружението говори дека во минатата година се работело добро и домаќински. Претседателот Аргировски, мотивиран од неодамнешните недобронамерни и неаргументирани критики од некои пензионери – кои не се членови на сојузот, ги потсети членовите на ова Здружение дека секој член треба да биде добро информиран за фактите и аргументите за пензионерското работење за да може вистината да ја шириме меѓу пензионерите. Претседателот Аргировски потсети и на најзначајните придобивки на пензионерите од заедничките проекти на СЗПМ и Министерството за труд и социјална политика, односно Владата на РМ. Исто така, тој зборуваше за подготовките за 20–тите Републичките спортки натпревари кои ќе прослават несекојдневен јубилеј. Во однос на Фолклорните ревии, претседателот информираше дека наместо шест, годинава ќе има осум регионални фолклорни ревии. Оваа година треба да започнат и подготовките за одбележувањето на 70–годишниот јубилеј на Сојузот што ќе се случи идната година.

**Ц. Илиева**

ЗП Дебар и Центар Жупа

# Ново раководство

На 13 март Собрание на ЗП Дебар и Цантар Жупа, има кадровски измени во речиси сите раководни органи и тела. За нов претседател е избран **Џавит Карпузи**, кој во гласањето доби најголем број гласови. За нов делегат на ова здружение во СЗПМ е избран **Ирфан Уштеленца**. Во годишниот извештај на



оваа здружение кој го поднесе досегашниот претседател **Бесник Поцеста** е истакнато дека минатата година, здружението постигнало добри резултати и ги остварило сите програмски определби, како во однос на правата на пензионерите така и во однос на подобрувањето на нивниот стандард. Поцеста додаде дека СЗПМ, последните гонини придонел за покачување на пензиите, а со владините проекти овозможено е пензионерите со ниски примања да користат безплатно бањско климатска рекреација.

Новиот претседател Џавит Карпузи потенцираше дека здружението ќе преземе дополнителни активности за понатамошното подобрување на стандардот на пензионерите, а еден од приоритетите ќе биде и унапредување на демократските процеси во здружението. Во оваа здружение има над 2000 членови и над 400 се од општина Центар Жупа. Затоа, потенцираше тој, многу брзо ќе се отвори еден пензионерски клуб и во таа општина.

**В. Садику**

ЗП Крушево

# Нов мандат за Никола Николовски

Изборите во сите ограноци на ЗП Крушево се извршија во декември и почетокот на јануари 2015 година, конститутивна седница на Собранието на Здружението се одржа на 13.03.2015 година, а на истата присуствуваа сите 25 членови. На седница едногласно беа усвоени: Извештајот за работата на Здружението за периодот 2011 до 2014 година; Програмата за работа на Здружението за 2015 година и Финансискиот план на здружението за 2015 година.

Собранието избра претседател на Собранието на Здружението; претседател и членови на Извршниот одбор; претседател и членови на Надзорниот одбор и преставник – член за во Собранието на СЗПМ. За претседател на Собранието на Здружението е избран Никола Атанасоски, а за претседател на Извршниот одбор повторно е избран Никола Николовски, а за секретар на Извршниот одбор повторно е избран Глигор Ангелески. За Претседател на Надзорниот одбор избрана Василка Дамјаноска, а за членови Димитар Костоски и Донка Ѓорческа. За член во Собранието на СЗПМ е избран Димитар Богданоски.

**Г. Ангелески**

Mbledhje raportuese e Kuvendit të LShPM

# Për sukseset e arritura jemi meritorë të gjithë



Kuvendi i LShPM, më datë 19 shkurt të vitit 2015, ka mbajtur mbledhjen e vet raportuese në të cilën është shqyrtuar puna dhe rezultatet e arritura të Lidhjes në mandatin e kaluar katërvjeçar. Me mbledhjen ka udhëhequr kryetari i LShPM, Dragi Argirovski, i cili ka përshëndetur anëtarët e Kuvendit dhe mysafirët tjerë të pranishëm, ndërkaq, pas aprovimit të rendit të ditës, ka dhënë raport më të gjerë për punën e Lidhjes, me ç'rast ka potencuar kontributin e madh në përmirësimin e kualitetit të jetës së pensionistëve. Me këtë rast ai ka theksuar rezultatet më të rëndësishme të cilat kanë lënë gjurmë në zhvillimin e deritanishëm dhe veprimin e Lidhjes të arritura përmes formave të ndryshme si dhe të bashkëpunimit me Qeverinë dhe institucionet relevante, çka u përshëndet me duartrokitje të fuqishme.

Si suksese me rëndësi historike ai ka theksuar manifestimet kulturore argëtuese, para së gjithash revyalet e këngëve, muzikës dhe lojërave të cilat për arsye të kontributit për zhvillimin dhe ruajtjen e traditës dhe pasurisë kulturore është shpallur për interes shtetëror, si dhe Olimpiada sportive pensioniste e cila këtë vit shënon jubileun e 20 vjetorit.

Pas fjalëve me përshtypje të kryetarit Argirovski, shumë anëtarë të Kuvendit, diskutuan rreth Raportit për punë dhe Raportit financiar të cilët në fund me Llogarinë përfundimtare të LShPM për vitin 2014 dhe Programin për punë për vitin 2015, janë aprovuar njëzëri.

Në mbledhje të Kuvendit është diskutuar edhe për çështje të tjera aktuale për punën e Lidhjes, ndërkaq, janë dhënë informacione dhe sugjerime për mbajtjen e mbledhjes zgjedhorë të Kuvendit.

M.D.

Punëtori me korrespondentët

# Lidhja me rrjetë të shkëlqyer korrespondentësh

Më 20.02.2015, u mbajt Punëtori me korrespondentët e gazetës “Penzioner plus”, shtojcës në gazetën “Nova Makedonika”, ”Penzionerski vidici”, faqen për pensionist në gjuhën shqipe në gazetën “KOHA” dhe ueb faqen e LShPM. Në sallën plot të mbushur në të cilën ishin të pranishëm mbi pesëdhjetë korrespondent pothuajse nga të gjitha shoqatat anëtare të LShPM ishte kënaqësi të konstatohet se informimi i pensionistëve dhe i opinionit më të gjerë në vend dhe jashtë saj për pensionistët dhe problemet dhe sukseset e tyre “në kraharorin e tyre” e mbajnë këto pjesëtar të moshës së tretë. Bashkëpunëtor më i moshuar në mesin e tyre, ishte Mile Topuz, i cili e fillon dekadën e nëntë të jetës, ndërkaq, i vetmi që shkruan edhe në shqip dhe në maqedonisht i cili edhe e redakton faqen në gjuhën shqipe në gazetën “Penzioner plus” është Baki Bakiu. Në rrjetin korrespondencës të cilës mund t'ju mbetet lakmi shumë mediumeve serioze në vend, kishte gazetar me përvojë të madhe gazetareske, shkrimtarë, poetë, por edhe gazetarë – amator të profesioneve të ndryshme të cilët me këmbëngulësi me qëndresë dhe me dashuri e përvetësojnë këtë zanat të rëndë dhe me përgjegjësi. Dhe të gjithë ata jo vetëm që shkruajnë, por dërgojnë dhe bëjnë fotografi për shkrimet e tyre me qëllim që të jenë sa më të mirë dhe më me besueshmëri.

Punëtoria filloi me fjalimin e Dragi Argirovskit, kryetar i LShPM dhe kryetar i Këshillit redaktues të “Penzioner plus”, gazetar dhe publicist, autor i 18 librave prej të cilave 5 për popullatën pensioniste, ekspert për moshën e tretë shpallur nga Instituti ndërkombëtar “Hevreka” në Lubjanë - Slloveni, për shumicën e të pranishmëve, shembull se si duhet të shkruhet dhe mësues dhe mentor në përvetësimin e gazetarisë. Në fjalimin e tij ai ndër të tjerat ka potencuar se që të bëhesh gazetar i mir, duhet të hulumtohet dhe gjithnjë duhet të mbetesh në anën e objektivitetit dhe të vërtetës, të kritikohet, por jo edhe qëllimkëqija, por të potencohet dhe theksohet ajo çka është e mirë. Si gjithnjë, fjalimi i tij me respekt dhe vëmendje u përcoll nga të pranishmit.

Për projektet e reja programore të Lidhjes, ka folur Stanka Trajkova sekretar i KE në LShPM, Pas elaborimit të saj të Programit të LShPM për vitin 2015, paraqitje për disa aspekte, por edhe për gabime të cilat më së shumti hasen në shkrimet që i dërgojnë korrespondentët, ka folur Mendo Dimovski redaktor në gazetën “Penzioner plus”, krejt me qëllim që ato të eliminohen. Në punëtori është bërë fjalë edhe për shfrytëzimin e teknologjisë informative si dhe për mbindërtimin e diturive informative të korrespondentëve. Është konstatuar se në këtë drejtim ka përparim të dukshëm. Për momentin, vetëm tri shoqata dërgojnë shkrime përmes postës, të tjerët atë e bëjnë në rrugën elektronike, e nëse merret parasysh se mosha e korrespondentëve është rreth 70 deri 75 vjet, ajo është për çdo lëvdatë!




Në punëtori ka ra fjala edhe për Ueb faqen e LShPM e cila në vitet e kaluara është mjaftë e vizituar nga vizitorët nga të gjitha gjuhët nga vende të ndryshme të botës. Me aplikimin e nën faqeve për secilën shoqatë anëtare e Lidhjes në faqen e LShPM, kontakti në mes shoqatave do të jetë më i mirë, ndërkaq ndërrimi i përvojave ndërmjet tyre më kualitativ. Në fund pati diskutim, në të cilin të pranishmit konstatuan se informimi i Lidhjes mirë funksionon dhe kontribuon që aktivitetet, rezultatet dhe sukseset e shoqatave dhe Lidhjes, nëpër gjithësi, të jenë në nivel më të dëshiruar.

Kalina S. Andonova

ShP Ohër dhe Debarcë

# Katër vite me shumë suksese dhe aktivitete

ShP Ohër dhe Debarcë, në fund të shkurtit mbajti mbledhjen e 10-të të fundit të Kuvendit në përbërje të vjetër. Në prani të kryetarit të LShPM Dragi Argirovski dhe kryetarit të KE të ShP Solidarnost-Aerodrom nga Shkupi, Dimitrie Bogatinoski, Raport për punën në vitin 2014 paraqiti kryetari i KE i ShP Ohër dhe Debarcë, Gjorgji Trpçeski, i cili në fjalën e tij ka theksuar se me gjithë disa problemeve të caktuara, janë realizuar pothuaj se të gjitha detyrat programore, me çka shoqata krenohet.

Më pastaj, delegatët e Kuvendit i përshëndeti kryetari i KE i ShP Solidarnost-Aerodrom nga Shkupi, Dimitrie Bogatinoski. Gjatë diskutimit rreth Raportit për punën e ShP Ohër dhe Debarcë për vitin 2014, kontribut ka dhënë edhe kryetari i LShPM Dragi Argirovki.

- LShPM është organizatë më masive, joqeveritare, jo partiake dhe shumetnike, me financim të vetin nga anëtarësia. Kemi bashkëpunim të shkëlqyeshëm me shumë organizata dhe shoqata joqe-



veritare, me Ministrinë për punë dhe politikë sociale, Ministrinë e shëndetësisë, Fondin për SPIM dhe FSShM, Ministrinë e kulturës dhe institucione të tjera. Pa mbështetjen dhe përkrahjen e tyre në projekte të ndryshme të Unionit Evropian, sigurisht se nuk do të mund të realizonim shumë plane tona, siç janë Garat sportive katër vite me radhë ku më të mirët janë pensionistët Ohrit, ndërkaq sukses kanë treguar edhe në Revyalet folklorike. Është fakt se mesatarja e pensioneve tona është më e lartë se pensionet e vendeve që na rrethojnë, - ka theksuar Argirovski. Në diskutimin e tij ai ka sqaruar se LShPM nuk është për formimin e shoqatave të vogla të reja të cilat nuk do të kishin mjete për aktivitetet e tyre.

Në shenjë të bashkëpunimit disa vjeçar të shoqatë pensioniste të Ohrit me kryetarin e LShPM Argirovski dhe Lidhja, a edhe më tepër për sukseset e arritura në katër vitet nën udhëheqjen e tij, i është dorëzuar Pllaketa e Artë, si mirënjohje më e lartë e shoqatës. Gjatë dorëzimit, Tërpçeski ka thënë:

- Më është nderë dhe kënaqësi e veçantë që Plakatën ia dhurojmë Dragi Argirovskit, njeriut i cili ka dhënë shumë mund për të mirat dhe afirmimin e të gjithë pensionistëve në vend dhe më gjerë, personalitetit i cili është fitues i shumë dhuratave dhe mirënjohjeve, të cilat janë dëshmi për vlerat e tij dhe për angazhimin e tij për standard më të mirë.

K. Spaseski

ShP Gostivar

# U zgjodhën kuadro të dëshmuara

ShP Gostivar, aktivitetet zgjedhore i ka kryer në dhjetor të vitit 2014 në 23 degët e saj, ku janë zgjedhur po aq kryetar dhe 33 delegatë të Kuvendit. Mbledhjen e vet raportuese e ka mbajtur më 21 shkurt në të cilën është shqyrtuar Llogaria përfundimtare për vitin 2014 si dhe Plani financiar dhe Programi për punë në vitin 2015.

Më 25 shkurt 2015, ShP Gostivar ka mbajtur mbledhjen konstituive të Kuvendit, në të cilën, 33 delegatëve u është verifikuar mandati. Nga ata, 17 vetave u është dhënë besimi së dyti herë, ndërkaq, 16 janë të zgjedhur të rinj.

Gjatë kandidimit të delegatëve të ri, është mbajtur llogari për zgjedhje të kuadrove kualitativ dhe të dëshmuar të cilët do ta përparojnë punën e Shoqatës,



e gjithashtu, rëndësi e posaçme i është dhënë edhe përfaqësimit gjinor dhe nacional.

Për kryetar të ShP Gostaivar, sërish është zgjedhur Nijazi Xhelili. Në mbledhje është zgjedhur edhe Këshill i ri ekzekutiv prej 10 anëtarëve, Këshill i ri mbikëqyrës prej 5 anëtarëve, ndërkaq, për delegat për Kuvendin e LShPM është zgjedhur Osmanfari Ademi. Mandatet e të gjithë kandidatëve të ri të propozuar janë aprovuar njëzëri.

Në mbledhje ka marrë pjesë edhe kryetari i LShPM Dragi Argirovski, si dhe kryetarët e ShP Dibër, ShP Tetovë, ShP Saraj, ShP Tavtalixhe, ndërsa ka pasur mysafirë edhe nga Pogradeci, Republika e Shqipërisë.

Vadije Zendeli

ShP Saraj

# Rezultate të meritueshme

Nën drejtimin e kryetarit të Kuvendit Baki Bakiu, Shoqata e pensionistëve të komunës Saraj, më datë 03.03.2015, ka mbajtur Kuvendin raportues, në të cilin kanë marrë pjesë anëtarë të organeve dhe të trupave të shoqatës, kryetarë të degëve dhe mysafirë të ftuar si: nënkryetari i Kuvendit të LShPM Besnik Pocesta, drejtues të sho-



qatave simotra nga Tetova, Gostivari, Gjorçe Petrovi dhe Çairi. Në mbledhje është shqyrtuar Raporti për punën e shoqatës, Plani financiar, Llogaria përfundimtare, Raporti i Këshillit mbikëqyrës për vitin 2014 si dhe Programi dhe Plani financiar i shoqatës për vitin 2015.

Raport për punën e organeve dhe trupave të shoqatës kanë dhënë kryetari i Këshillit ekzekutiv Rufat Ramadani dhe kryetari i Kuvendit Baki Bakiu. Që të dy drejtuesit e kësaj shoqate, ndër të tjerat kanë theksuar se në tërësi janë realizuar përcaktimet programore. Në aspektin financiar është punuar me nikoqirllëk në kuadër të Planit të paraparë financiar. Bashkëpunimi me shoqatat e regjionit dhe më gjerë ka qenë në nivel të duhur, informimi i anëtarëve po ashtu. Për punën e shoqatës ka folur edhe Mahir Duraku, sekretar dhe Dr. Jovan Deçkov, anëtar i KE i shoqatës.

Rreth raportit për punën e shoqatës kanë folur edhe mysafirët: Nijazi Xhelili, Shaban Azizi, Metodija Novkovski, Besnik Pocesta e të tjerë. Të gjithë mysafirët e pranishëm shprehën falënderim për ftesën dhe uruan për rezultatet e arritura.

Besnik Pocesta, pasi përshëndeti në emër të kryetarit të LShP Dragi Argirovski, ka uruar sukseset e arritura në shoqatë duke potencuar se sukseset tuja janë edhe tonat. Njëherësh ai ka theksuar nevojën e një bashkëpunimi edhe më të mirë me degët e shoqatës.

Kryetari Baki Bakiu, mbylli punën e Kuvendit me konstatimin se konkluzionin se objektivat e parapara programore janë realizuar në tërësi.

B.B.

ShP Strugë

# Edhe një vit i suksesshëm i pensionistëve struganë

Në mbledhjen raportuese të Kuvendit të ShP Strugë, mbajtur më datë 20 shkurt, është aprovuar Raporti për punën e organeve dhe trupave, për punën materiale-financiare në



vitin 2014, ndërkaq, është sjellë edhe Program për punë dhe Plan financiar për vitin 2015.

Në këtë mbledhje në të cilën morën pjesë përfaqësues të ShP Krushevë, Ohër, Vevçan, Organizata e luftëtarëve nga Struga, Raport për punën e ShP Strugë në vitin 2014, ka dhënë kryetari i Kuvendit Liman Pollozhani, Në fjalën e tij, kryetari Limani, ka thënë se edhe në vitin e kaluar 2014, ShP Strugë i ka realizuar të gjitha përcaktimet programore. Është me rëndësi të thuhet se në vitin 2014, me sukses punon Klubi i pensionistëve

Në diskutim për Raportet për punën e ShP Strugë, kanë marrë pjesë: Mirko Trposki, Stefan Vlladimirov, Nikolla Poposki, Krste Stojanoski, Elisaveta Llazareska, Ajredin Memedi, Llambe Llazoroski, Krste Spaseski, Nikolla Nikolloski, Nadezhda Çatoroshkoska, e të tjerë.

Në mbledhje Kuvendi ka sjellë vendim për vëllazërim me ShP Krushevë. Kjo nismë themelohet në bazë të themeleve të raporteve të deritanishme shumë të mira të dy shoqatave. Vënia e raporteve vëllazërore e të dy shoqatave i lidhin edhe ndodhitë historike nga periudha e Ilindenit. Nga që, në Shtabin kryesorë të Kryengritjes së Ilindenit më 1903, ka qenë anëtar vojvoda i njohur nga Struga Antoagen Haxho, ndërkaq e fejuara e atëhershme e vojvodës dhe kryetar i parë i Republikës së Krushevës Nikolla Karev, ka qenë strugania Koca.

K. Spaseski

# ShP e Dibrës me kryetar të ri

Dibër,13 mars - Në Kuvendin zgjedhor të pensionistëve Dibër - Qendër Zhupë, pati ndryshime në kuadër pothuajse në të gjithë trupat udhëheqëse. Kryetar i ri është zgjedhur **Xhavit Karpuzi** i cili në votim mori pjesën më të madhe të votave përkundër kundër kandidatit - kryetarit të deritashëm Besnik Pocesta, dhe ai faktikisht do të udhëheq këtë shoqatë katër vitet e ardhshme. Përndryshe, delegat i ri i shoqatës së pensionistëve në LSHPM është zgjedhur Irfan Ushtelenca. Në raportin vjetor të kësaj shoqate të cilin e paraqiti kryetari i deritashëm Besnik Pocesta i cili ka theksuar se edhe gjatë vitit të kaluar, shoqata në fjalë arriti të realizoj të gjithë përcaktimet programore, si në mbrojtje e të drejtave të pensionistëve ashtu edhe në përmirësimin të standardin të tyre. Pocesta ka shtuar se Lidhja e pensionistëve të Maqedonisë viteve të fundit ka rrit pensionet, kurse me projektet qeveritare u ka mundësuar pensionistëve me pensione të ulëta të shfrytëzojnë rekreimin në banja pa pagesë. Kryetari i ri Xhavit Karpuzi ka deklaruar se shoqata e pensionistëve Dibër Qendër Zhupë, do të ndërmerr aktivitete plotësuese për përmirësimin të mëtutjeshëm të standardit të moshës të tretë. Një ndër parimet kryesore ka thënë Karpuzi, do të jetë edhe avancimi i proceseve demokratike në këtë shoqatë, ku të gjithë pensionistët do të kenë të drejtën demokratike, të dinë për të gjithë aktivitetet që zhvillohen në këtë shoqatë. Në këtë shoqatë ka mbi 2 mijë anëtarë dhe mbi 400 janë nga komuna Qendër Zhupë. Prandaj ka shtuar ai, shumë shpejt do të hapet një klub i pensionistëve edhe në atë komunë.

Vjollca Sadiku

Средба со пензионерката – добротворка Гордана Зафировиќ

# Пасија - оптимизам



Секојдневното живеење е исполнето со разни средби и доживувања. Тоа нуди бројни искуства и пораки, од секого до секого и кон секаде. Дружењето со Гордана Зафировиќ е импресивна потврда за таа животна филозофија.

Дипломираниот технолог Зафировиќ, до 1973 година работела во скопски ОХИС. Животниата патека потоа ја одвела во Германија, каде што своето знаење и искуство ги насочила кон фармацевтската индустрија, посебно во областа на онколошката дијализа. Здобиените знаења се определила да ги споделува со другите. Сега е постојано во Германија и во својата Македонија, но најточно е дека секогаш е меѓу луѓето и со нив.

Посебно внимание во јавноста предизвика нејзината авторска книга, со предизвикувачки наслов Т.Е.С.–ла. Веднаш побрза да ни појасни.

„Тоа претставува обид да се појасни и постигне техника за емоционална слобода на секоја личност, со елементи на фенг шуи. Тоа ми ги овозможија моите 25 години ангажираност во фармацевтската индустрија и истражувањата во медицината и анатомијата на човековото тело. Со скенирање на телото се постигнува оптимален проток на енергија, со што телото се прочистува и отвора простор за нов квалитет во животот.”

За Гордана Зафировиќ не е „забегување” ниту излет во областа на надрилекарството ако секој човек при средбата со друг, изрази блага насмевка, го поздрави иако не го познава, со добар збор, ако изрази благодарност кон животот за секој нов ден и не гледа дека треба да постои друга посебна причина за со радост да се пречека новиот ден или да се радуваме на појавата на сонцето во нашите секојдневија. Во целина, за неа ние недоволно го цениме тоа што го имаме и затоа сме, по правило, неблагодарни и кон животот и кон другите. А тоа е веќе аларм!

Гордана Зафировиќ ја подготвува својата втора книга. Во неа се обидува да го разработи проблемот на релаксираноста на животот, избалансираноста во него и воопшто натрупаноста на просторот што не опкружува и во кој живееме, независно дали е тоа домот или работното место.

„Овозможете си енергијата од вашето срце да дојде до вашата глава”, порачува таа. „Срцето не лаже, се што правиме од срце, е од љубов, а резултатот е рационалноста што доаѓа потоа од главата. Срцето сака, главата мрази! Затоа радувајте се на новиот ден, на новата пензија, на соседите и пријателите што ќе ги сретнете, оптимизмот нека го исполнува секој ваш миг”, нагласува Зафировиќ.

Животот и работењето во Германија и во Македонија и овозможиле да направи и спореди во секојдневијата на луѓето од третото доба.

„Загрижувачко е повлекувањето во себе, што го прават нашите овде. Таканаречениот запад, навистина има поголеми финансиски можности, а тоа нуди отворање на повеќе собиралишта и развивање на повеќе активности за индивидуални афинитети и за развој на хуманитарни групни дејности. Но, и за едните и за другите, и овде и таму, или и таму и овде, најважно е радоста да ги исполнува секојдневијата, оптимизмот да биде на секој чекор и при секоја намера, тоа да ви стане преокупација”, – порачува на крајот од нашата средба пензионерката Гордана Зафировиќ.

**С. Лозановски**

Средба со пензионерот Димче Стојкоски – Лепиот

# Признание за животно дело



На 30–ти јануари во организација на Општина Охрид, а по предлог на Комисијата при Сојуз на спортови беа прогласени најдобрите спортисти за 2014 година. Во редот на најдобрите застана и признание и пехар за животно дело во спортот доби и Димче Стојкоски – Лепиот. По тој повод сакавме да дознаеме нешто повеќе за овој 75–годишен пензионер од ЗП Охрид и Дебрца.

– Спортот од секогаш ми беше при срце. Фудбалот посебно го скав, а најпрво почнав да играм за ФК „Металец” и ФК „Застава” од Охрид. Бев во иницијативниот Одбор за формирање на Општинскиот фудбалски сојуз во Охрид (1976 година), а по неговото формирање бев избран за прв претседател на Здружението на фудбалски судии во Охрид. Исто така, бев и на листата на фудбалски судии во Првата македонска лига.

Бев член на Извршниот одбор на Фудбалскиот сојуз на Македонија (ФСМ), подоцна ФФМ, и две години во Конференцијата од ОФС Охрид. Редовен судија бев до 1988 година, а потоа активен како делегат на натпреварите до Третата лига. Еден период бев претседател на Боксерскиот и на Атлетскиот клуб од Охрид. Ракомет играв за РК „Галеб 2” од Охрид. Бев ангажиран во повеќе комисии за полагање на судии за повисоки категории, а по пензионирањето речиси редовно сум судија во атлетика на натпревари на општинско, регионално и републичко ниво.

**Какво е вашето ангажирање во здружението на пензионери?**

– Како претседател на месниот огранок на пензионерите од Горна влашка маала од Охрид, заедно со членовите постигнуваме одлични резултати во поединечни активности, за што добив Благодарница од Здружението. Во ангажирањето во огранокот настојувам мојот афинитет кон спортот да го пренесам и да го поттикнам членството повеќе да се занимава со спортски активности, што се покажа како позитивно при нашето учество во пензионерските спортски натпревари. Инаку, во моето работење имам добиено повеќе благодарници и признанија од фудбалски клубови и од општински фудбалски сојузи бидејќи бев главен за организирање меѓусебни средби меѓу градовите во Македонија. Мошне драго ми е признанието за мојата 50–годишна континуирана работа – свечена Плакета за почесен претседател на ОФС Охрид, а во 2011 година од Сојузот на спортови на град Охрид ми беше доделено признание и пехар за најдобар спортски работник во фудбалот во Охрид.

Сепак, ова признание за животно дело во спортот што го добив сега за мене е најголемо и тоа ми беше празник на душата и славење на спортот, – со задоволство истакна Димче Стојковски.

**Р.П.П.**

# Во Хрватска за првпат има повеќе пензионери отколку вработени?!

Тековниот соодносот на работниците и пензионерите во Хрватска, изгледа набрзо ќе падне под 1:1 и ќе биде 0,88:1. Овој податок го даваат оние кои се занимаават со оваа проблематика во Хрватсака. Според нив Министерството за труд и пензиски систем, тврди дека тој однос во моментов е 1.2:1, но не крие дека за да можат редовно да се исплаќаат пензиите без помош од државниот буџет, потребно е бројот на вработени да биде 2.5 милиони работници. Последните статистики на пензискиот фонд во Хрватска велат дека овој однос е 1.15:1. Како и да е тој соодност опасно се приближува кон пониски неодржливи вредности.

На многумина им е многу јасно дека е така, но си го поставуваат прашањето од каде ваквите разлики во податоците. Во статистичките извештаи кои се објавени се вели не можат да се дадат точни податоци затоа што многумина вработени во приватниот сектор не добиваат плата и не уплатуваат придонеси.

Застрашувачкиот тренд на неодржливоста на постојниот модел на пензиски систем, особено е изразен во последните 60 години, бидејќи многу години бил запоставуван.

Реформите кои биле правени во текот на овој период не биле наменети за одржување на неодржливата состојба, туку само да го маскираат очигледниот колапс на системот.

Затоа реформите не помогнале за стабилизација на системот, иако може да се каже, дека покажале некои успеси во раните 2000–ти. Вистината дека ова е точно, може да биде откриена со испитување на податоците за висината на средства од државниот буџет, кој му помагал и сеуште му помага на пензискиот фонд.

Парите кои се собираат од пензиските придонеси не се доволни да се плати вкупниот износ на пензиите на пензионерите. Разликата се покрива од буџетот на државата, па во таа смисла може да се каже дека плаќањето на кој било друг данок, би можел да учествува во трошоците за пензии. Во последните 10 години значително е зголемувањето на потребните средства со кои би се покриле разликите од државниот буџет. Големината на тие средства од буџетот се зголемила за 160 %.

И покрај тоа, Министерството продолжува со ветувања дека во наредните години сериозно ќе се реформира пензискиот систем во Хрватска, така што до 2030 година просечниот месечен износ на пензија ќе достигне вредност од речиси 9.000 куни, односно ќе биде 60–70% од просечната плата. Од денешна гледна точка, како ветување е навистина примамливо, но прашање е како би се постигнало тоа? Еден начин да се постигне ова би била комбинација од понатамошно зголемување на пензиските придонеси, но во исто време и зголемување на инфлацијата, односно да се зголеми понудата на пари. Ова би довело до деградирање на работата или општата вредност на парите во рацете на граѓаните. Со други зборови, со годишна стапка на инфлација од 10% во 2040 година денешната просечна пензија од 2.500 куни може да порасне до 9.000 куни, но реално – овие 9000 куни во иднина би вределе колку што денес вредат 2.500 куни!

Од друга страна, големото оптоварување на платите на работниците (како резултат на зголемените придонеси) ќе ја намали реалната вредност на просечната плата. Затоа, релативниот пораст на пензиите може да се постигне само на сметка на намалување на платите на работниците во реалниот сектор. Ова значи дека реалните пензии ќе останат исти како и денес, но реалните плати ќе се намалат, со нив логично и просечната плата со која се споредува проектираната вредност на пензиите.

Предлог: Како да се спасат пензиите

Алтернативно решение, се разбира, секогаш има. За да биде безболно, треба да биде долгорочно, бидејќи тоа би значело масата на пензии од сегашниот неодржлив прв столб постепено да се намалува и да се зголемува бројот на корисниците во вториот столб. Овој столб за разлика од првиот претставува модел на грижа за сопствената старост на идните генерации на работници. Овој модел носи способност работникот за време на продуктивен дел од животот да се грижи за сопствената старост. Оваа загриженост значи свесно одвојување на дел од средствата добиени за неговата работа во индивидуализирана пензиска заштеда. Со тоа работникот независно и сам ќе одлучи кога ќе се пензионира, бидејќи тој ќе биде целосно независен од други депозити, и нема да се грижи колкав е односот меѓу работници и пензионери или дали има доволно пари за да се исплатат пензии! Со текот на времето, првиот столб ќе остане без корисниците, бидејќи тие ќе се префрлат во вториот столб.

**„Јутарњи лист“**

# Како до помали сметки за струја? Следете ги овие совети

**Енергијата потребна за осветлување на една просторија, може да биде доволна за осветлување на целиот дом. За 1 KW потрошена електрична енергија, можат да се сварат 90 кафиња, да се користи пет часа интернет, да испеглате 11 кошули, да испе-чете една торта.**

Еве неколку практични совети како можеме да заштедиме енергија и да бидеме енергетски ефикасни:

– Одберете машина за перење на алишта со соодветна големина;

– Големината на ладилникот треба да одговара на потребите на домаќинството;

– Оптималната температура во замрзнувачите е –180 С, а во фрижидерот 50 С;

– Сонцето е светилка на природата. Додека тоа свети не пали ја собната светилка;

– Ладилникот и апаратите за замрзнување со јак изолатор на топлина се можеби поскапи од нормалните, но користат и до 40% помалку електрична енергија;

– Одржувајте пониска температура и во просториите кои не ги користите, од просториите кои ги користите;

– Светилките кои штедат енергија, се всушност поскапи од обичните светилки ама затоа долго траат и штедат електрична енергија;

– Секогаш е потребно да користиме капак на садовите, со тоа го скратуваме времето за готвење и трошиме помалку енергија;

– Автомобилите на бензин не се енергетски ефикасни и ја загадуваат околината;

– Користете енергетски ефикасни светилки, тие трошат и до 70% помалку енергија од светилките со зажарено влакно, траат и до 10 пати подолго и оддаваат „природно бела” светлина од која не се напрега видот;

– Навлечените завеси и спуштените ролетни навечер ја чуваат акумулираната топлина;

– Чистете го бигорот од грејачот на бојлерот за топла вода на секои 18 месеци;

Покрај овие корисни совети, во рамки на работилницата беа спомнати уште неколку факти, кои што можеби до-



сега не сте ги знаеле, а тие се:

Енергијата потребна за осветлување на една просторија, може да биде доволна за осветлување на целиот дом. За 1 KW потрошена електрична енергија, можат да се сварат 90 кафиња, да се користи пет часа интернет, да испеглате 11 кошули, да испечете една торта. За една сијалица од 100 вати да свети цела година нон стоп потребни се 876 KW електрична енергија. А за истата да се произведе потребни се 324 килограми јаглен да се изгори, 15 грама ураниум, 64 килограми приороден гас, 1 ветерна турбина. За трипати да се исфенирате, треба да се изгорат 370 килограми јаглен.

Повеќе практични совети за тоа како да заштедите електирчна енергија беа презентирани во рамки на работилницата за медиумите на тема „Енергетска ефикасност во дистрибутивната мрежа, домувањето и во компаниите”, која се одржа во организација на ЕВН Македонија, Министерство за економија на РМ и Агенцијата за енергетика на РМ, а во рамки на Платформата за енергетска ефикасност.

**„Вечер“**

# Имам душа - значи постојам

Деновиве читав кај психологот Сергеј Назарев дека кога во душата се чувствувате горко не треба да се плашите, затоа што тогаш таа се чисти. За да се прифати овој став како валиден треба да се земат основите на кои го базира своето гледиште споменатиот психолог. Ова го кажувам бидејќи како ќе се однесуваме кон нештото наречено душа многу зависи од тоа кои сме, какви ставови имаме. Имено, душата ја разгледуваат и атеисти како Сигмунд Фројд порано и сега како Џон Сарно и редица други. Истовремено, постојат и психотерапевти и психолози кои ја практикуваат верата и лекуваат согласно својот начин на живот, како Димитри Авдеев, Владета Јеротиќ, Нина Кригина, Михаил Хасмински итн.

Многу се зборува за душата и се спомнува тој збор, но не е доволно јасно каква е таа и што е. Некои ја поистоветуваат душата со свите емоции, а Нина Кригина ни кажува дека има многу видови на психолошки правци кои на различини начини ја дефинираат својата цел. Од моето досегашно трагање можам да кажам дека душата е најголемата скапоценост. Душата е нашата севкупна внатрешност. Таа има повеќе делови кои ги поврзува центарот на нашето битие, срцето.

Душата најмногу од сè треба да се сака и негува. Душата ги опфаќа и емоциите и разумот и умот.

Не можеме да ја пренебрегнеме и забаталиме душата. Ако денес постојат нутриционисти кои се специјалисти во исхраната и многу ги слушаме и читаме, исто толку треба да читаме и книги за душата, т.е. психолошки книги. Да го избереме својот правец и да се заинтересираме. Душевните отрови се поопасни од токсините во телото. Но, најдобро е двата процеси на чистење/прочистување/просветлување да се одвиваат рамномерно.

Сум чула изјави како: „ослободи го својот ум“, но, ми се чини дека е подобро да се каже: „ослободи ја својата душа“. Ова е многу потребно зашто денес многумина страдаат поради голема притиснатост. За душата во текот на историското постоење на земјата има многу храна. Има и многу методи за постигнување на нејзините најголеми височини. Музиката, сликарството, поезијата, филмовите, филозофијата, психологијата, религиите итн. Треба да сториме чекор да го ослободиме својот ум, за да ја ослободиме својата душа.

Каде е срцето ваше, таму е богатството ваше. Нашата мила Македонија изобилува со убавини кои ја напојуваат душата. Преносно, многу е важно каде нè влече срцето. Според некои истражувања се докажало дека од сите бивши југословенски простори македонците се најносталгични, а словенците најмалку носталгични.

Има зошто сме се родиле и живееме баш тука. Ние луѓето треба да простуваме. Сè повеќе е јасно дека овие простори се лулка на културата. Си го сакаме ова наше место кое како да ги впило душите на нашите предци. Како што го миеме и одржуваме телото, така треба да ја миеме и одржуваме душата.

Зошто толку многу зборувам за нашите традиции? Затоа што е најдобро да ги практикуваме методите кои ни ги дава нашето предание (од предавање). Нешто што се пренесува од колено на колено, нешто што е наш идентитет. Колку и болка и горчина да се поднеле, така сме се прочистиле и сме постигнале повисоко ниво на просветеност. Да, сме биле насилно откорнати во некои наши делови, сме страдале но, не сме загинале. Тука сме сè уште. Ние сме јаки, иако тоа можеби не го знаеме/сфаќаме/прифаќаме. Не се перчиме со нашата сила и знаење, стекнати со вековите. Нашата сила е во смирението.

Да не ја рушиме својата душа и да дадеме шанса. Сакајте ја својата душа и кога страда. Дајте и време на својата душа, не ја казнувајте. Човекот е најголемото совршенство што постои на светот како создание. Одговорил ни некој на прашањето: што е човек?

Оти што добро сме направиле, ако и сиот свет го задобиеме, а на својата душа и напакостиме. Душата е како сфинга, нејзиниот јазик е енигматски и таа е вредна да го исполниме своето време со нејзино дешифрирање.

**Маја Белева**

Работилница со дописниците на „Пензионер плус" прилогот „Пензионерски видици" во „Нова Македонија" и прилогот за пензионери во весникот на албански јазик „КОХА"

# Сојузот има дописничка мрежа каква што посакуваат многу медиуми

На 20.02.2015 година се одржа Работилница со дописниците на весникот „Пензионер плус", прилогот во весникот „Нова Македонија", „Пензионерски видици", страницата за пензионери во весникот на албански



јазик „КОХА" и веб страницата на СЗПМ. Во полната сала во која беа присутни над педесет дописници од речиси сите здруженија членки на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија беше задоволство да се констатира дека информирањето на пензионерите и на пошироката јавност во земјата и надвор од неа за пензионерите и нивните проблеми и успеси на „своите плеќи" ја носат овие припадници на третото доба.

Најстар соработник меѓу нив, кој црта илустрации за страницата за забава во „Пензионер плус" беше Миле Топуз кој ја почнува деветата деценија од животот, но кој неуморно соработува и испраќа свои цртежи по меил, бидејќи тој користи и ја совладува информатичката технологија со цел и желба да биде независен од синот и внуците.

Најстар дописник беше Гојко Ефтоски новинар од Тетово, а меѓу присутните единствен Албанец беше Баки Бакиу уредник на страницата на албански јазик во „Пензионер плус" кој пишува и преведува написи и на албански и на македонски.

Во дописничката мрежа на која можат да и позавидат многу сериозни медиуми во земјата имаше новинари со големо новинарско искуство, писатели, поети, но и новинари – аматери од разни професии кои со упорност и љубов го совладуваат овој тежок и одговорен занает. И сите тие не само што пишуваат туку праќаат и прават фотографии за нивните написи за да бидат што подобри и поверодостојни.

Работилницата почна со излагањето на Драги Аргировски, претседател на СЗПМ и претседател на Издавачкиот совет на „Пензионер плус", новинар и публицист, автор на 18 книги од кои 5 за пензионерската популација, експерт за трето доба прогласен од меѓународниот институт „Хеврека" во Љубљана во Словенија, за многумина од присутните, пример како треба да се пишува и учител и ментор во совладувањето на новинарството.

Во своето обраќање меѓу другото тој потенцираше дека за да се биде добар новинар треба да се истражува и секогаш да се биде на страната на објективноста и вистината, да се критикува, а не и да се критизира, но и да се потенцира и истакне она што е добро. Како и секогаш, неговото обраќање со респект и внимание беше следено од присутните.

За новите програмски проекти на Сојузот зборуваше Станка Трајкова секретар на Извршниот одбор на СЗПМ, која присутните ги запозна и ги упати меѓудругото и во кој смер треба да бидат нивните написи во 2015 година.



По нејзиното елаборирање на Програмата на СЗПМ за 2015 година, излагање за некои аспекти, но и грешки кои најчесто се среќаваат во написите кои ги праќаат дописниците зборуваше Мендо Димовски уредник во весникот „Пензионер плус", со цел истите да се елиминираат и квалитетот на информативните гласила: бесплатниот весник на СЗПМ „Пензионер плус", прилогот „Пензионерски видици" во „Нова Македонија", прилогот за пензионери во весникот на албански јазик „КОХА" и веб страницата на Сојузот, да биде на што е можно повисоко ниво.

На работилницата стана збор и за користење на информатичката технологија и надоградување на информатичките знаења на дописниците. Беше констатирано дека во оваа насока има виден напредок. Во моментов само три здруженија праќаат написи, вести и фотографии по пошта, останатите тоа го прават по електронски пат, а ако се земе во предвид дека возраста на дописниците е околу 70 до 75 години тоа е за секоја пофалба и восхит!

Исто така на работилницата стана збор и за веб страницата на СЗПМ која во изминатата година е доста посетена од посетители од сите јазични подрачја и од разни земји во светот. Со додавање на подстраници и на страницата на СЗПМ, за секое здружение членка на Сојузот, контактот меѓу здруженијата ќе биде подобар, а резимената на искуства меѓу нив поквалитетна.

На крајот имаше дискусија, во која присутните констатираа дека информирањето во Сојузот добро функционира и придонесува активностите, резултатите и успесите на здруженијата и Сојузот во целина, да се на посакуваното ниво, пензионерската популација да не биде на маргините на општеството, а пензионерите да имаат квалитетен живот и активно содржајно стареење. Но, ова не значи дека неможе и не треба да биде уште подобро.

Сè на сè бенефитите од вакви работилници се повеќекратни: се истакнуваат целите за точно и благовремено информирање, на заложбите за проверка на информациите и утврдување на вистината и друго.

И не само тоа.

Дописниците од разни здруженија се запознаваат меѓу себе, ги надоградуваат своите знаења, разменуваат искуства, се дружат и договараат за работата во иднина.

**Калина С. Андонова**

Сликарот Живко Поповски – Цветин подготвува проект за Гинис

# За „Цветници" слика со илјада метри цветови!

Пензионираниот земјоделски стручњак, општественик и хуманист Живко Поповски – Цветин е доследен на своето име – не живурка пензионерски, туку активно живее и твори, реализирајќи ја својата аматерска пасионирана љубов кон сликарската уметност. По триесетте години остварување на неговата мисија на мирот, во која наслика и подари 45.000 слики (мали формати, но во вкупна должина од околу девет километри!) на светски лидери, хуманисти, уметници од сите области и од сите делови на светот, на најдобри ученици, студенти, земјоделски производители и организирани преку 300 ликовни изложби, се наоѓа пред својот досега најобемен и најзначаен проект. На 5. април годинава, на празникот „Цветници", почнува да слика цветна композиција долга илјада метри! Еден километар цветна патека на мирот, за душа и за срце, за љубители на уметноста и за гледачи, но и за Гинис.



„Пилот – сликите, со помал формат од 16 х 44 х 15 сантиметри се веќе насликани и сè е подготвено да го започнам реализирањето на оваа цветна композиција, која верувам дека ќе успее да биде запишана во книгата на раритети на Гинис" – појаснува уметникот, и продолжува.

„Ќе бидат тоа два платнени котури, како подвижна лента, на приземна висина и на висина од два метра (за да гледаат и деца и возрасни), во должина од илјада метри, а широчина од 20 сантиметри и со нив ќе го „заградам" просторот околу Електро – техничкиот факултет во Скопје, во Карпош."

Цвеќето е вечниот мотив во сликарските зафати на Живко Поповски, кој потоа и го доби надимакот Цветин, па некако дојде како нормално, стартот на овој проект да биде на верскиот празник „Цветници", на првата недела од април. Реализацијата ќе трае подолго, но и мисијата е поголема и позначајна. И со неа Живко се надоврзува на својата досегашна определба според која „цвеќето во човекот не го сака ветерот на војната, тој не измислува нови цветови, туку од природата ги пресликува цветовите во луѓето што го сакаат мирот и слободата".

Со таква мисија на „цвеќето во мирот", Цветин во изминатите години остварил бројни контакти со истакнати личности од современата историја на кои им подарувал свои слики со цветови и кои му возвраќале со благодарност и поддршка во неговата активност: Мајка Тереза, Индира Ганди, Ибарури Долорес, генералните секретари на Обединетите нации Перез де Куељар, Бутрос Гали и Кофи Анан, светските лидери Горбачов, Џорџ Буш постариот, Вили Брант и многу други. Уште во далечната 1985 година тој ја организираше првата изложба „Цвеќе на мирот" во Њујорк и на сите земји – членки на ООН им подари слики. Има организирано и повеќе хуманитарни продажни изложби за помош на настраданите од земјотреси, поплави, глад и други непогоди (Мексико, Јапонија, Хаити, Африка, Турција...). Секогаш неговите акции биле прифатени и од срце поздравени. И овојпат се очекува да ја има поддршката во реализацијата на проектот со кој уште еднаш ќе ја потврди својата голема хумана мисија на мирот.

**С. Лозановски**

ЗП Велес

# Промовирана стихозбирката „Погледи"



Како дел од програмата на Комисијата за рекреација и творештво при ЗП Велес за оваа година беше промовирана стихозбирката „Погледи" на професорот во пензија **Миле Андреевски**.

Најуспешни литературни творби се оние во кои што читајќи ги ќе се најдеш сам себе си. Можно е секој да напише стих, без да биде литерат по вокација и неговиот труд да биде вреден и да поседува уметнички квалитети. Вака накратко , од промоторот д-р Веле Алексоски, беше опишана стихозбирката на Миле Андреевски.

Авторот е потврда дека постојат и такви пишувачи, наратавци кои во осмата деценија посегнуваат по перото и својот стиховен изблик го ставаат на хартија. Стиховиите на Миле Андреевски говорат за природата, семејството, децата особено за љубовта кон внуците, кои очигледно се најголемата инспирација на авторот.

„Тој, неговите погледи со децении ги таел, ги чувал во неговата меморија и за среќа одлучил да ги напише на хартија на прагот на осмата деценија од животот. Лично му се восхитувам на неговата храброст што успеал во стихови да си го раскаже животот. Лаички и аматерски ама храбро и отворено, реално и емотивно. Како биолог и хемичар по вокација, покажува успешна литературна дарба," рече промоторот Алексоски.

Инаку стихозбирката „Погледи" на Миле Андреевски тематски е поделена на четири дела за на крајот да содржи и над петстотини поговорки и неколку гатанки како плод на македонското народно творештво. Инспирација секако му биле македонските собирачи од 19 век и почетокот на 20 век, Марко Цепенков и литературните преродбеници.

„Стихозбирката ја започнав и завршив со песната посветена на мојот брат, лекар, затоа што сите ние ја играме неговата судбина. Повеќето сме напатени деца и сме врвеле по трнлив пат. Штом ги прочитате стиховите, ќе разберете," рече покрај другото авторот Миле Андреевски.

Пред присутните стихови од стихозбирката читаше актерката Весна Димитрова Бобевски.

**Н. Алексоска**

Промоција на книгата Македоноиди и „Етнички" Торбеши

# Нови поделби на сопственото одродување

Во хотелот „Дрим" во Струга, се одржа промоција на книгата Македоноиди „Етнички" Торбеши од професор д-р Драган Јанкоски пензионер од Охрид, во издание на „Коста Абраш" од Охрид.

Во преполнетата сала во хотелот „Дрим"– Струга, пред големиот број на љубителите на пишаниот збор и многу други заинтересирани, рецензентот професорот д-р Јордан Спасовски, ја промовираше книгата, а Фадил Мустафоски од Лабуништа, истражувач и автор на повеќе монографии, зборуваше за книгата и за авторот.

Со свои видувања за книгата Македоноиди „Етнички" Торбеши (нови поделби и сопствено одродување) зборуваа д-р Будимир Калајџиски и Светомир Деспотоски. Покрај другите „бисери" во неговото кажување, д-р Будимир Калајџиски, рече дека оваа книга е златна книга, која зрачи и многу години ќе зрачи.

А, сега да кажеме кој е авторот професор д-р Драган Јанкоски. Роден е на 04.10.1940 година. Во Подгорци учел од прво до четврто оделение, а од петто до осмо одделение во селото Лабуништа, средно образование завршува во учителската школа „Никола Карев" во Скопје, и дипломирал на Филозофскиот факултет при универзитетот „Св. Кирил и Методиј". Магистрирал на факултетот за политички науки при Универзитетот во Белград. Доктор е на педагошки науки.

Покрај научната титула – доктор на науки, тој е и наставно–редовен универзитетски професор, стручен – самостоен педагошки советник и професионално – особено истакнат педагошки работник. Во континуитет од преку 40 години се занимава со истражувачка, стручно научна и публицистичка дејност. Автор е на стручно–научни рецензии, учествува во јавни расправи, пишува критички осврти и колумни. Има дадено значен придонес на стручно–научни средби од национален и меѓународен ранг. Драган Јанкоски соработува со еминентни професори, научници и експерти од повеќе институции од Европа и САД. Како таков добитник е на повеќе високи награди, признанија и одликувања.

И како пензионер проф. д-р Драган Јанкоски неуморно истражува и твори иако е во втората половина на осмата деценија на својот живот докажувајќи дека за ваква работа годините не се пречка туку напротив, бидејќи се поткрепени со огромни знаења и искуство акумолирано низ годините.

Во трудот: Македоноиди и „Етнички" Торбеши (Нови поделби и сопствено одродување), авторот Драган Јанкоски со релевантни факти аргументирано ни презентира изворни докази за македонското опстојување, со што се збогатува науката за создавање и опстојување на народите и нациите. Всушност станува збор за прв труд од оваа област кој целосно е во функција на збогатување на сознанијата во областа на демографските движења на Балканот и пошироко.

**С. Кукунешоски**

ЗП Кисела Вода

# Постхумно чествување

Семејството на Петре Саракинов од ЗП Кисела Вода неодамна организираше чествување над неговиот споменик, на кое присуствуваа негови роднини и пријатели пензионери. Петре Саракинов е познато име меѓу големите патриоти, визионери и луѓе кои неизмерно ја сакаме својата земја. Тој беше човек со големо срце, хуманист, борец против секакви неправди и угнетувања и против секој кој е против Македонија и Македонците.




Како учесник во ДАГ и НОБ кај него било длабоко всадено чувството и љубовта кон својот народ и македонштината. Тој голем бранител, а подоцна и градител на својата земја, цел живот носел неизмерна тага, љубов и непребол за родниот Егеј. Во пензионерските денови тој имал време и можност да пренесе многу свои длабоки мисли, заклучоци, искуства и препораки преку пишување проза и поезија посветена на својата земја, својот народ и идните генерации.

Досега се издадени неговите дела „Еден поглед врз историјата на Македонија" и „Македонска земја", а на чествувањето беше промовирана и збирката поезија „...Збор и мисла – препорачувам...". Во неа, тој, за својот народ вели „... Никој повеќе и никогаш не ќе може да те оспори како народ...". Тој добро ги проучил превирањата на Балканот и во Македонија при крајот на 19 и почетокот на 20 век и пишува за историската неправда која ја прави Грција врз Македонија.

**В. Топаловска**

Интервју со Драги Аргировски, претседател на СЗПМ за НАША ТВ

# Активности за достоинствено и активно стареење

Драги Аргировски, актуелниот претседател на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија е успешен општественик, доајен на македонското новинарство и познат публицист. Има напишно голем број новинарски написи, коментари, анализи и 18 книги од кои 5 се за пензионерската проблематика. Како општествено активна личност се труди да се создадат



услови за подобар животен стандард на пензионерите во материјална и духовна смисла, како и за нивно достоинствено и активно стареење. Како новинар ги вложува своите напори пензионерите да бидат што подобро информирани, но и општеството да ги знае и да ги решава нивните проблеми, а како публицист сето тоа да биде забележано и да се вгради во макдонската публицистика. Секако, за оние кои не знаат, а такви се малкумина, Аргировски, е еден од основоположниците на Македонската телевизија и автор на првиот телевизиски прилог на македонски јазик во 1961 година, долгогодишен уредник на ТВ дневник, основач на дописната, но и на други редакции во МТВ. Тој е новинар со над 55 години плодна и многу успешна новинарска кариера. Во пензија заминува како помошен генерален директот за програмски прашања на МРТ, а неговата новинарска кариера е истовремено и историја на македонската телевизија. Во 2013 година ја доби највисоката државна награда „11 Октомври" за животно дело во областа на новинарството и публицистиката, а Редакцијата и читателите на весникот „Нова Македонија" за неговиот придонес во афирмација на Република Македонија го прогласија за „Личност на годината 2012". За одделни дејности од јавен интерес Драги Аргировски е добитник и на: Ноемвриска награда од областа на публицистика на родниот град Куманово, на наградата „Крсте Мисирков" на Здружението на новинарите на Македонија, на „Златно перо на хуманоста" од Црвениот крст на Македонија, на признанието „Мајка Тереза" и уште на многу други. Но да го почнеме разговорот:

**Ценет колега, почитуван претседателе Аргировски најнапред Ви благодариме за гостувањето во Наша ТВ и Ви честитаме на големите успеси и постигања на сите полиња на кои сте активен и неуморно работите.**

– И јас Ви благодарам што ме повикавте во Вашата телевизија чија програма се гледа низ цела Македонија и се надевам дека ќе направиме разговор на теми од интерес на сите пензионери во РМ, но и на сите граѓани.

**Познато е дека во светот, а особено во нашето опкружување, има драстични намалувања на пензиите, но кај нас тие се зголемуваат. Како успевате во дијалогот со Владата тоа да го обезбедите?**

– Ние со своите активности станавме репрезентативни партнери на Владата на РМ за сите прашања поврзани со најстарата популација во државата. Една по една почнаа да се менуваат работите на подобро. Прво со измени на закон добивме член на Управниот одбор на Фондот на ПИОМ, а учествуваме и во работата на Економско–социјаниот совет при Министерството за труд и социјална политика и сега сме на местото каде што се решаваат сите проблеми поврзани со пензионерската популација и многу е полесно да реагираме со свои аргументи, со свои факти, со свои предлози и решенија. Што се однесува до зголемувањето на пензиите и тука придонесоа нашите видувања и аргументи. Во транзицијата во РМ најпогодени после стечајците и невработените беа пензионерите. Ни се одзедоа повеќе домови, летовалишта, се намалија пензиите за 8 отсто и долго време не се зголемуваа пензиите, што влијаеше и врз намалувањето на стандардот. Поради тоа добро е што во последните неколку години дојде до значително зголемување на пензиите. Во 2006 година просечна пензија беше 7 830 денари, а сега таа е 12.450 денари, тоа се 202 евра. Тоа се непобитни факти. Просечна пензија од 202 евра немаат ниту Србија, ниту Бугарија, ниту Албанија, ниту БиХ. Повеќе има сигурно само Словенија и Хрватска бидејќи тие се поразвиени земји, но и кај нив има проблеми со исплата и намалување на пензиите. Во Р Македонија корисници на пензии имаме околу 300.000, од кои околу 9.000 не се наши членови на Сојузите. Кога ќе се одбијат тие, бројот на пензионери членови на СЗПМ заедно со инвалидските пензионери изнесува околу 280.000. Овие корисници на пензии плаќаат средства за членарина и за солидарен фонд за погребнина и тие ги имаат сите права на тие средства. Втора наша придобивка е што се изборивме пензијата наместо на три рати да се дава до седми во месецот. Неколку години по ред не се случило пензијата да се исаплатува после шести во месецот. Многу е значајно пензијата да ја добивате редовно и плус тоа зголемена. Можеби нема да бидат задоволни со зголемувањето од 5 отсто, но кога гледате дека во соседна Србија пензиите се намалуваат со над 15 отсто, во Бугарија и во Албанија имаат испод 150 евра просечна пензија, во Косово само 120 евра треба да бидете задоволни бидејќи во нашето опкружување се намалуваат пензиите, кај нас се зголемуваат. И не само тоа. Според Државниот завод за статистика кај нас индексите на трошоците за живот и цените на мало бележат намалување и тие се помали во споредба со соседните држави.

**Пензионерите што земаат помали пензии од просечната пензија во државата а се постари од 65 години имаат бесплатно болничко лекување. Сто шеесет илјади пензионери го имаат тоа право. Бесплатно болничко лекување минатата година искористиле над 13.000 пензионери чија пензија е пониска од просечната. Намалени се цените на над 3.500 лекови, а како нова значајна активност е проектот „Домашна визита" со која се вршат превентивни здравствени прегледи во домовите на пензионерите. Се одржаа и Работилници за информирање и едукација за подобро здравје на пензионерите. Кажете ни нешто за тоа.**

– Да. Право на бесплатно болничко лекување имаат 160.000–170.000 пензионери, а минатата година тоа го искористиле 13.000 пензионери постари од 65 години и со примања помали од 202 евра. Тоа беше наше барање и еве Владата на РМ најде сили тоа да го реализира, но сакаме тоа право да опфати уште повеќе пензионери. Дека напредокот во ова сфера е голем дадено е во брошурата која неодамна е издадена. Денес имаме многу лекови кои биле недостапни заради цената. Минатата година имавме 19 работилници на ФЗОМ со пензионерите на кои тие беа запознавани со нивните права од здравственото осигурување, а годинава ќе се одржат 30 работилници за проблемите со снабдување на лекови и медицински помагала. Соработката со ФПИОМ и ФЗОМ ни е на највисоко ниво, затоа и има такви резултати.

**Како што е познато, Проектот „Бањско-климатска рекреација на корисници на пензија" продолжува и во 2015 година за нови 5500 лица. За пет години оваа услуга ја искористиле 27.430 пензионери. Колку годишно пензионери аплицираат? Има ли интерес меѓу пензионерите?**

– Ова е многу актуелно прашање за пензионерите. Веќе шеста година пензионери со помала пензија, кои примаат старсосни, семејни или инвалидски пензии го користат овој бенефит и многу се задоволни. Голем број од нив првпат доаѓаат во бања. На оваа климатско – бањска рекреација тие создаваат нови пријателства со пензионери од цела Македонија. Потоа ги користат благодетите на минералните бањи, ја чувствуваат убавината на околината, уживаат и се рекреираат. Од друга страна проектот придонесува и за развој на бањскиот туризам, што е исто така позитивен ефект од овој проект. Добро е тоа што оној кој бил еднаш не може да оди повторно на бесплатна бањска рекреација, така се пружа можност повеќе пензионери да бидат опфатени со проектот. Од чудни и непотребни причини се проширија лажни вести дека на оние пензионери кои одат на бесплатна бањска рекреација им се одбиваат по 15.000 денари од Солидарниот фонд за погребнина. Тоа е далеку од вистината. Сега, во време на современа комуникација, времето на теориите на Гебелс и Берија е одамна минато, така што три и повеќе пати искажани лаги остануваат лаги и откриени шпекулации, бидејќи пензионерите се добро и точно информирани. Кога сме кај бањите треба да истакнеме дека здруженијата членки на Сојузот посебно им помагаат на своите членови што имаат потреба од бањско лекување. Имаме потпишано Спогодба за соработка со бањите за попуст од 10–20 отсто за намалување на трошоците. Нашите здруженија имаат комисии за здравство и на оние кои се најпогодени без оглед на висината на нивните пензии им помагаат, најбитно од сето ова е што пензионерите кога ќе се вратат оттаму доаѓаат релаксирани, задоволни и освежени, а со тоа и поздрави. Има голем интерес за овој проект. Аплицирањето траеше до 16 февруари, а се пријавија над 18.500 пензионери. Најголем интерес имаа пензионерите од Скопје, но и од сите други градови. Пензионерите кои се опфаќаат со овој проект, Министерството за труд и социјална политика ги одредува компјутерски.

**Кога ќе започне реализација на новиот проект „Бесплатен туристички викенд" за пензионери со обезбеден превоз и полн пансион во туристичките капацитети Охрид, Струга, Преспа, Дојран, Крушево и Берово. Со проектот е планирано да се опфатат до 3.000 корисници на пензија, односно лица-корисници на старосна, инвалидска и семејна пензија и вклучува услуга која може да се користи еднаш, во период од април до ноември 2015 година, во траење од 3 дена. Колку досега пензионери се пријавија, дали можат да се пријавуваат и во наредниот период, каква е заинтересираноста, дали пензионерите можат да одберат во кое место ќе одат на викенд? На кои пензионери ќе им се даде приоритет?**

– И за овој проект пријавувањето беше до 16 февруари. И за него имаше голем интерес. Ќе се оди во пролет и во есен, а оваа услуга, како што истакнавте, ќе ја користат 3.000 пензионери, критериумите се исти, со тоа оваа година и за двата проекти предност ќе имаат корисници на инвалидска пензија и рударите кои имаат пониски пензии. И овој проект е добар и заслужува респект. Пензионерите имаат право да бараат на кое место сакаат да одат, но компјутерски се одредува во зависност од капацитетот на бањата или туристичкото место каде ќе одат. Најчесто оние што се од западна Македонија одат во Дебарски Бањи, а оние што се од Скопскиот регион одат во Катлановска Бања, заради помали трошоци за патување.



**Пензионерите од Скопје добија бесплатен превоз и во недела. Пензионерите во Скопје ќе се возат бесплатно со јавниот превоз на ЈСП и во неделите,освен вторник, петок и сабота постарите граѓани се возат бесплатно и во недела. Дали ваква бенефиција ќе добијат и пензионерите од другите градови во земјата? Дали и Вие ја користите оваа услуга?**

– Тоа е исто така многу актуелно прашање за пензионерите. Јас со задоволство го користам градскиот превоз во бесплатните денови. Живеам во Аеродром, има доста често автобуси. Онаму каде што нема доволно автобуси веројатно се создава турканица, но ќе дадеме предлог до новиот директор на ЈСП, а и со градоначалникот Коце Трајановски веќе разговаравме ако може да направиме да има годишна карта која би чинела околу 1. 200–1.300 денари и да може да се возиме секој ден. Како што гледате полека дојдовме од еден ден, на четири дена. Предлагаме, како во Скопје и во внатрешноста на РМ, да донесат одлука советите на локалната самоуправа, пензионерите да се возат бесплатно. Инаку секој кој ќе дојде во Скопје, а има 62 години жени, 64 години мажи, може да користи бесплатен градски превоз иако не е жител на главниот град. Тоа важи и за Жицарницата на Водно. Намалување на цените за прервоз пензионерите користат и во Битола, Прилеп, Велес, Кочани и други градови.

**Претседателе Аргировски СЗПМ во моментов е сместен во зградата на Сојузот на синдикатите на Македонија. Плаќате за мал простор, годишна кирија која заедно со други давачки изнесува околу 20.000 евра, средства што не се воопшто мали. Дали најдовте решение за поефтино и подобро сместување?**

– Многу интересно прашање бидејќи и јас кога дојдов пред четири години за претседател на оваа најмасовна, невладина, неполитичка и мултиетничка организација незнаев дека се трошат толку пари за кирија за сместување во две–три простории на Сојузот на синдикати на РМ. Бидејќи ми беше познато дека во време на транзицијата без оглед на тоа која партија била, во тоа време, се одземени четири дома на пензионери само во Скопје, дојдовме до заклучок дека пензионерите би требало да добијат за возврат барем простор за работа. Затоа побарав со официјално писмо, и со разговори да се реши тоа прашање бидејќи законско морално право е да имаме простор достоен и за својата организација. Бидејќи аргументите беа непобитни Владата на РМ одговори децидно и на седница донесе одлука да ни се дадат 161 метар квадратен во МРТВ на 10–ти кат во трајно користење без надомест. Со тоа давачките ќе ни се намалат, а активностите ќе ни се зголемат. Сега до јуни чекаме на преселување.

**Кои се Вашите идни планови на сите полиња на кои сте ангажиран?**

– Секогаш ќе се трудам животот на пензионерите да биде достоинствен бидејќи тие тоа го заслужуваат. Ќе се трудам пензионерите да бидат изворно информирани за се, но и општеството да ги знае сите нивни проблеми, но и активности и успеси. Исто така, дел од моето време ќе посветувам на новинарството и публицистиката, а се разбира и на моето семејство. Сето тоа ми дава сила и енергија да чекорам по патот кој одамна сум го одбрал и по кој чекорам.

**Марија Бразда**

ЗП Охрид и Дебрца

# За празникот на жената донација за Црвениот крст



Со меѓугенерациска средба на учениции и пензионерки, меѓународниот празник на жената Осми март, Активот на пензионерки при ЗП Охрид и Дебрца го одбележа со пригодна програма. Детската група „Развигорче“ која соработува со здружението, пред пензионерките изведе рецитал посветен на мајката подготвен од наставничката во пензија Ристана Меруџеска – Мојсоска, а свој настап на виолина имаше и ученичката Мила Тотеска од Музичкото училиште. На присутните пензионерки празникот им го честитаа заменик–градоначалникот на Охрид Ангел Јанев, претседателот на ИО на ЗП Ѓорѓи Трпчески и претседателката на Активот на пензионерки Ружа Балеска, кои на славеничките им врачија рачно изработени честитки и по еден каранфил.

На свечената пригода претседателот Трпчески, на претставниците од Општинскиот Црвен крст им врачи донација во облека и обувки, собрана од членките на Активот. Оваа манифестација по повод Ден от на жената во ЗП Охрид и Дебрца се одбележува традиционално веќе десетина години.

**К. Спасоски**

# Од најстарите за најмладите

Во рамките на Црвениот крст на град Скопје, согласно програмата „Црвен крст во Акција – промоција на хумани вредности“ (ЦКА–ПХВ),



секоја година традиционално се изработуваат низа мали проекти за доброbit на заедницата.

Во пресрет на празникот 8–ми март, волонтерите од трета доба при Црвениот крст на град Скопје организираа дводневен хуманитарен осмомартовски базар во Капитол Мол, на кој посетителите купуваа рачно изработени мартинки, слики на платно, насликани шишиња, вазни, како и филџани со празнични теми.

Сите собрани средства ќе одат за хуманитарни цели, за помош на Дневниот центар за деца на улица, кој дневно го посетуваат околу 120 дечиња. Волонтерите од трета доба и во иднина ќе организираат низа активности за да им овозможат на овие дечиња да имаат поубаво детство.

**А. Боева**

ЗП Штип

# Соодветна прослава

Раководството на ЗП Штип и Карбинци организираше пригодна прослава на Денот на жената, 8– ми март. За припадничките на Активот на пензионерки беше приреден прием при што претседателката **Цена Стефанова** им упати честитки со убави желби.

– Ослободени од традиционалните норми на живеење, жените денес ги има во сите сегменти, како што ги има и во нашето Здружение. На оваа прослава денес присуствуваат околу 420 наши пензионерки, иако интересот беше многу поголем. – рече претседателот на ЗП Штип и Карбинци Михаил Василев, го честиташе празникот на



дамите, со желба за добро здравје и долг и среќен живот. Кон честитката со својата творба „Ода на жената“ се придружи и поетесата Цвета Спасикова.

**Ц.С.**

ЗП Крива Паланка

# Каранфили за празникот

По повод 8–ми март, Меѓународниот ден на жените, и оваа година, голем број на пензионерки од ЗП Крива Паланка се собраа во Клубот на пензионери за да го прослават својот празник. На присутните најнапред празникот им го честиташе и им посака здравје, среќа и активни пензионерски денови претседателот на ЗП Крива Паланка, **Иван Јакимовски.**

Како и многупати досега на овој празничен собир, присуствуваше градоначалникот на општина Крива Паланка, **Арсенчо Алексовски** кој покрај искрените честитки на сите присутни пензионерки им подари по еден каранфил и им посака уште многу вакви дружења.



Празнувањето продолжи достоинствено и весело како што им прилега на годините и пригодата.

**Б. Стојчевска**

ЗП Бутел

# Заедничка прослава

Блиската соработка на ЗП Бутел со локалната самоуправа уште еднаш се покажа на дело при заедничката прослава на Денот на жената. Во организација на раководството на Здружението, а со помош на градоначалникот на Општина Бутел, беше организирана пригодна свеченост за жените, на која присуствуваа над 160 припаднички на понежниот пол.



Добредојде на гостите и среќен празник на славеничките најпрво им посака претседателот на здружението **Љупчо Димовски** со желби за добро здравје и пријатни и срeќни мигови во животот. На свеченоста се обрати и градоначалникот **Петре Латиновски,** кој пошироко го објасни значењето на празникот на жената, а зборуваше и за соработката со здружението. Посакувајќи оваа средба да стане традиционална, тој вети дека и во иднина ќе се бори за подобрување на квалитетот на животот на пензионерите.

Убави желби на славеничките им упати и претседателот на СЗПМ **Драги Аргириовски** кој посебно го истакна значењето на меѓусебното дружење и помагање на помладата и постарата генерација, а соработката на Здружението со Општината ја посочи како редок пример во рамките на СЗПМ, кој треба да го следат и другите членки.

**М. Димовски**

Здружение на воените пензионери

# Пригодни активности



По конституирањето на новото раководство на Здружението на воените пензионери, почетните активности во остварувањето на задачите од Програмата за работа се одвиваа во знак на поголемо ангажирање на припадничките на понежниот пол. Така, по повод Денот на жената, а во пресрет на самиот празник, Комисијата за здравство и Активот на пензионерки организираа посета на петнаесетина пензионерки во поодминати години и со нарушено здравје, согласно определбата на ЗВП за поголема грижа кон постарите и изнемоштени членови. За реализирање на оваа задача беа формирани групи од активисти во ограноците на здружението на чело со претседателката на Комисијата за здравство Павица Зимбовска во придружба на докторката Сребра Јовановска, која на посетените им мереше притисок и шеќер во крвта давајќи им медицински совети. При честитањето на празникот, на посетените припаднички на здружението им беа врачувани пригодни подароци.

**М. Гирасова**

ЗП Прилеп

# Градоначалникот на оро со пензионерките

Осмомартовскиот празник на жената, прилепските пензионерки го одбележаа свечено и расположено. Повеќе од 250 пензионерки, се дружеа и веселеа во ресторанот „Евро“. Најпрво, Меѓународниот ден на жената им го честита претседателката на Активот, **Снежана Димеска**. Многу здравје и успех на секој план им посака и претседателот **Кирил Ѓорѓиоски**.



Среќа и долг живот на пензионерките им посака и градоначалникот на Прилеп, **Марјан Ристески,** кој истакна дека жените ги има се повеќе во сите сегменти на општествено–политичкиот, културниот, здравствениот и образовниот живот во општина Прилеп. Тој на сите пензионерки им подари по еден црвен каранфил, а потоа се фати на оро, и играше заедно со нив.

Што се однесува до годинешнава работа на Активот на пензионерките при ЗП Прилеп, прграмирани се многу активности од повеќе сфери. За сите организирани активности во текот на оваа година Здружението на Активот според финансискиот план за годинава му одобри 100 000 денари.

**К. Ристески**

ЗП Радовиш и Конче

# Осми март одбележан достоинствено

Под покровителство на градоначалникот на општина Радовиш Сашко Николов, жените од здружението на пензионерите и жените од градот го прославија Осми март во ресторанот „Шампион“ во Радовиш. На почетокот, претседателот на Здружението **Јордан Костадинов** ги истакна активностите и успесите на пензионерките и им го честита празникот подарувајќи им цвеќе.

Со црвени каранфили и други подароци, но и со искрени желби за добро здравје и безгрижна иднина, празникот им го честиташе и градоначалникот **Сашко Николов**, кој ја истакна добрата соработка и можноста на локалната самоуправа и понатаму да ја помага пензионерската организација.

Реферат по повод празникот прочита и Снежана Чачарова, член на претседателството на ОО на СВМ – Радовиш.



Во прекрасен амбиент и добро расположение, придружени со музика во живо, пензионерките поминаа уште еден незаборавен ден.

**Љ. Младеновска**

ЗП Центар

# Весела атмосфера по повод 8-ми март

**П**езионерки од сите ограноци на ЗП Центар, празникот на жената 8–ми март, го одбележаа со песна и оро, со пријатно другарување. Секоја година, и оваа, пензионерките од Центар, во одбележувањето на празникот гледаат можност за другарување, да запеат и да заиграат, да си разменат и по некоја шега... Сите преплони со позитивна енергија, со сила на која можат да им позавидат и многу помладите, скоро и да не



седнаа на нивните столчиња во скопскиот ресторан „Национал“. Беа вешти играорци, дури и на најбрзите народни ора, добри пејачи кои не забавуваа заедно со музичкиот оркестар. Во паузите, меѓу две ора, оние најговорливите, им ги пренесуваа на останатите своите „рецепти“ за долг живот и убаво исполнети пензионерски денови...

**Ц. Илиева**

ЗП Карпош

# Импресивно дружење

Активот на пензионерки при ЗП Карпош прослава на меѓународниот празник – Денот на жената организираше на Велешко Езеро во ресторанот на бродот „Панини“. Околу 150 припаднички на понежниот пол, во придружба на нивни колеги од здружението неколку часа се дружеа и забавуваа во прекрасен амбиент, со песни и музика славејќи го празникот.

На почетокот на средбата празникот на пензионерките им го честиташе претседателот на ИО **Трајко Савески**, при што го истакна значењето на овој датум за еманципирањето на жената и нејзиното вградување во општеството. Посебно тој го истакна придонесот на жените членки на Активот на пензионерки чии активности имаат значителен придонес во успесите на Здружението.

**М.Д.**

ЗП Тафталиџе ДДД

# Во чест на Денот на жената

И оваа година, во чес на празникот 8–ми март – меѓународниот ден на жената, пензионерките од ЗП Тафталиџе ДДД – Скопје свечено го одбележаа и прославија во ресторанот „Имес“. Во пријатна и весела атмосфера се играше и пееше неколку часови. Во присуство на над 200 пензионерки и пензионери, претседателот на здружението, **Димитрије Димовски** им го честиташе празникот на дамите посакувајќи им добро здравје и долг живот и повторна средба идната година.

Весели и распеани во ведро расположение беа ороводците Пандора Тодоровска, Верче Смилковска, Марија Павловска, Јулијана Зикова, Флора Дојчиновска, но и пензионерите Иван, Љубе и Бранко и други, кои беа неуморни играорци. На крајот сите посакаа и наредниот Осми март вака весело да го одбележат.

**С. Билински**

ЗП Куманово

# Поетско-музичка вечер

ЗП Куманово ја одржа традиционалната манифестација „Поетско–музичка вечер“ по поводот одбележувањето на Денот на жената, 8–ми март, која се одржа во салата на Центарот за култура на 5. март 2015 година. Гостите ги поздрави **Спирко Николовски**, претседател на ЗП Куманово. Посакувајќи им добредојде, им го честита празник на присутните, а на поетесите и хористките им врачи по еден каранфил. На манифестацијата свои творби читаа: Љубица Веселиновска, Фотија Стојчевска, Живка Милошевска, Кирил Илиевски, Аго Хаурдиќ, Зора Ивановска, Киро Соларски, Исмаил Ганиу, Милутин Митиќ, Богатин Јосимовиќ и други. Програмата беше збогатена со настап на мешовитиот хор на КУД „Ѓоко Симоновски“, под музичкото раководство на Коста Ќосе, со песните „Црвени рози за вас мадам„ и „Ах љубов сладок сон“, како и со солистички настап на: Слободанка Димковска, Калина Бошковска, Вера Манева и Драган Петровски. Посебно освежување на вечерта беше настапот на нашата позната пејачка Маргица Антевска, која со својот вонсериски музички талент ја воодушеви публиката, а Мирјана Насковска прочита свои размислувања на вечната тема како да си ги исполниме и разубавиме пензионерските денови. Во рамките на меѓугенерациска соработка и дружење кое се воспоставени минатата година со детската установа „Буба мара“ како возвратна посета, гости беа дечињата Јана Димовска и Ива Стојковиќ, кои за сите мајки и баби, ја рецитираа стихотворбата „8–ми март“.

На крајот на манифестацијата Славица Ламбаша, претседателката на Комисијата за КУС, во знак на благодарност на поетесите и поетите им подари по една книга.

**С.Л.**

# 7 билки за заштита од грип

Статистичките податоци покажуваат дека повеќето луѓе имаат грип барем еднаш годишно. Додека некои се потпираат на вакцина против грип, други се насочуваат кон природниот одбранбен механизам на нашето тело, кон имунитетот. Инфлуенцата е многу заразен вирус кој ги напаѓа горните и долните дишни патишта со симптоми на затнат нос, болки во грлото, кивање, кашлање и главоболка. Обичното настинување има слични симптоми, но ако имате висока температура, главоболка, болки во коските и мускулите, губење на апетит, општа слабост и замор, тоа не е настинка, туку грип. Лекарите по алтернативна медицина веруваат дека единствена сигурна заштита од грипот е имунитетот. Силниот имунитет, не само што го неутрализира делувањето на вирусот, туку и во случај да сте веќе болни, го намалува времетраењето и интензитетот на болеста.

Билните лекови, посочени во овој текст, содржат активни состојки, кои поседуваат антивирусни, антибактериски и антигабични својства, што се потврдени не само со долгодишната употреба на овие билки, туку и со лабораториските испитувања. Овие билки го зајакнуваат имунолошкиот систем и создаваат штит против многу болести.

**Лукот** содржи соединение allicin, кое што има антимикробни својства. Заради алицинот лукот е многу ефикасен кај хроничниот бронхитис, грипот и честите настинувања. Лукот долго време се користи во народната медицина како средство за зајакнување на организмот, против кожни болести, за лекување на реума, висок крвен притисок, дијабетес, и др.

**Gingseng (Жен-Шен)** Постојат неколку видови на жен–шен (Eleuthrococcus senticosis, Panax Gingseng и P quinquefolium), но сите видови се ефикасни во зајакнување на имунолошкиот систем. Ова растение е идеално за луѓе кои имаат ослабен имунолошки систем поради физички напор или стрес.

**Екстрактот од семките на грејпфрутот** (Citrofit, Citrosept) е моќен природен антибиотик. Во лабораториски тестови екстратот од семето од грејпфрут се покажал ефикасен против повеќе од 500 видови на бактерии, вируси и габи. Цитрофитот може да послужи како добра превенција за настинка и грип. Кај веќе болно лице, го намалува времетраењето и интензитетот на болеста. Екстрактот од семето од грејпфрут апсолутно не е штетен и затоа може да го користат и бремени жени, доилки и мали бебиња.

**Прополисот** е лековит производ од пчели. Поради неговиот состав прополисот делува против вируси, бактерии и габи. Посебна карактеристика на прополисот е тоа што бактериите не му се спротивставуваат и нема штетни несакани ефекти, што е случај со синтетичките антибиотици.

Историски записи покажуваат дека прополисот бил важен и ценет производ во медицината кај Египќаните, Вавилонците, Арапите, Грците, Римјаните и другите древни народи.

**Црниот ким** успешно се користи веќе најмалку 2.000 години за лекување на многу болести, вклучувајќи го и грипот. За неговите неверојатни лековити својства зборувал и пророкот Мухамед: „Црниот ким лечи сѐ, само смрт не". Црниот ким може да се користи за спречување на грип и за лечење на грип и настинки. Исто така помага кај долготрајната кашлица. Општо земено, црниот ким го зајакнува имунолошкиот систем и содржи преку 100 витамини и хранливи материи.

**Ѓумбирот** – растение од семејството љиљани, со потекло од Кина. Ова повеќегодишно растение е широко распространето во Азија, каде што со илјадници години се користи како лек, зачин, храна и средство за разубавување.

Ѓумбирот се смета за еден од најпознатите ефектни лекови против грип и настинки, како што е потврдено од неодамна спроведените истражувања.

Како што гледате постојат билки кои се користат како превенција, но кои и ефикасно го лечат грипот. Антибиотици се неопходни за да ги спречат и излечат компликациите кои доста често настануваат ако грипот не се лечи или неправилно се лечи. Како и да е внимателно со грипот бидејќи тој обично ги напаѓа слабите точки на организмот, затоа тешко се справуваат со него хроничните болни, а како што е познато хроничните болести се најчести кај повозразните, кај луѓето од третото доба.

**Б. Ангеловска**

# Што е заедничкото на сите долговечни луѓе



Доколку би сакале и вие да бидете здрави и весели и да ја доживеете својата прослава на 100–тиот роденден, потребно е да знаете кои се тие предуслови за долг живот.

Во денешно време луѓето живеат многу подолго отколку назад во историјата на човештвото. Според истражувањето, луѓето кои ја поминуваат стотата година, имаат многу заеднички особини. Никој не го заниима статистиката дека во овој момент на планетата живеат 300–450 луѓе кои се постари од 100 години (некој и по некоја година повеќе), а оние преку 110 години ги има дури 65 (од овој број дури 63 се жени). Најстарата жена, со заведена крштеница починала пред 16 години и живеела 122 години и 164 дена. Се викала Жан Калман и верувале или не, пушела цели 100 години.

Ова истражување донело интересни факти кои би требало секој да ги знае доколку сака долговечност, мирна и здрава.

– Стогодишните се поситно градени. Многу пократко живеат големите, крупните и дебелите.

– Стогодишните живеат во големи фамилии и до триесетите години имаат барем 4 деца

– Вежбите, движењето и секојдневната активност се нивен животен стил од кога знаат за себе

– Добра генетика – имаат претци кои исто така доживеале длабока старост.

– Сите се религиозни (не е битно на која религија припаѓаат)

– Многу од нив се занимаваат со земјоделство и живеат на село

– Нивниот животен стил се подразбира со секојдневна и активна комуникација со пријателите и родните.

– Повеќето стогодишници ги родила мајка во раната младост

– Интересно, повеќето се родени во есенски период (за нашата климатска зона септември,октомври,ноември)

– Сите се навикнале на оброци со обавезна свежина и сирова храна

– Долговечните луѓе имаат голема волја и од кога знаат за себе знаат и за одбраната од стресот.Многу ретко имаат висок крвен притисок.

– Региони каде што живеат стогодишни се Јапонија, Сардинија, Костарика, Грција и Калифорнија

**М. Дам**

# Намалување на крвниот притисок без лекови

Едно неодамнешно истражување покажало дека хипертензијата (зголемен крвен притисок) и во својот поблаг облик може да доведе до предвремено стареење и оштетување на мозокот, но и на видот. Постои мислење дека конвенционално решение за оваа, еден вид епидемија, е континуираното земање лекови за контролирање на крвниот притисок како што се блокатори на ангиотензиски рецептори, за кои пак има сомнение дека го зголемуваат ризикот од рак, како и од некои други болести. За среќа, постои и алтернативен начин за снижување на притисокот. Овие шест природни „лекови" ефикасно помагаат да го држите крвниот притисок под контрола:

**Сиров бадем -** Секојдневна консумација на неколку бадеми може да направи значајна разлика во висината на крвниот притисок. Тие се клучна компонента во исхраната за запирање на хипертензија, бидејќи се богати со незаситени масти кои помагаат во намалување на холестеролот во крвта, го ублажуваат воспалението на артериите и го намалуваат крвниот притисок. Иако во голема мера содржат масти и калории, бадемите исто така, помагаат при губење на телесната тежина и ја подобруваат мускулната маса, а во истовреме ја помагаат и циркулацијата. Бадемите се едни од најделотворните јаткасти плодови кои го помагаат кардиоваскуларното здравје.

**Лута пиперка -** Лутата пиперка е несомнено едно од најбрзите средства за намалување на крвниот притисок. Ги шири крвните садови со што протокот на крвта е пословоден, па оттука се намалуваат крвниот притисок и притисокот на ѕидовите на артериите. Ако измешате една или две лажички лута пиперка во топла вода со мед и алое вера, ќе добиете моќен домашен лек против хипертензија. Ако е ова премногу луто за вашиот вкус, тогаш користењето на истата како додаток во исхраната, е една од опциите природно да го намалите притисокот.

**Сок од кокос -** Сокот од кокос е богат со калиум, електролити и други важни хранливи состојки. Кокосовиот сок докажано помага за значително намалување на крвниот притисок кај повеќето луѓе кои го консумираат. Едно неодамнешно испитување покажало дека земањето сок од кокос доведува до значително намалување на систолниот крвен притисок кај 71 отсто од испитаниците, додека кај 29 отсто се постигнало значително намалување на дијастолниот притисок.

**Какао -** Богато со флавоноиди и други антивоспалителни хранливи материи, сировото какао е уште едно прехранбено „оружје" против хипертензијата. Флавоноидите во какаото дејствуваат како адаптогени, помагајќи му на телото да се справи подобро со стресот, кој е честа причина за хипертензија. Исто така, тоа помага во намалување на хормоните на стресот, кои играат клучна улога во регулирањето на крвниот притисок. Бројни истражувања покажале дека флавоноидите во какаото доведуваат до намалување на крвниот притисок и дека заштитуваат од срцеви болести, кои често се поврзуваат со висок крвен притисок.

**Куркума -** Еден од познатите прехранбени предности на куркумата се однесува на нејзината способност да ги намали воспалителните процеси во организмот. Имајќи предвид дека воспалението е примарна причина за висок крвен притисок, со намалување на воспалението, куркумата помага во подобрување на кардиоваскуларната функција и одржувањето на здрав проток на крвта. Користен заедно црн пипер, помага во опуштање и чистење на крвните садови. Куркумата е и природен разредувач на крвта, и секако, моќна билка во борба против хипертензијата.

**Лук -** Истражувањето спроведено 2010 година, во Австралија, покажало дека лукот е уште еден природен лек кој ги намалува нивото на холестеролот и на високиот крвен притисок. Ако сакате да ја избегнете непријатната миризба предизвикана од консумирање на свеж лук, тогаш користете лук во облик на таблети или капсули.

**М. Дам**

# Грешки поради кои имате сало на стомакот

Доколку давате сè од себе, но разните диети и напорните тренинзи сепак не успеваат да ви помогнат да го изгубите салото на стомакот, можеби некои грешки кои ги правите ја оневозможуваат вашата цел. Ви откриваме 5 главни виновници заради кои омразените масни наслаги на струкот не сакаат да си отидат.

**Недостаток на магнезиум -** На нашето тело потребен му е магнезиум за нормална работа на срцето, нервите и мускулите, а учествува и во активација на повеќе од 300 ензими кои осигуруваат непречен тек на бројни процеси во телото. Но, овој важен нутриент има влијание и врз губитокот на килограми и обликување на телото. Истражувањето објавено во Journal of Nutrition открило дека доволниот внес на магнезиум се поврзува со пониско ниво на гликоза и инсулин, кои се инаку показатели на дебелеење. Друго истражување открило дека магнезиумот благотворно влијае и врз чувството на подуеност за време на менструалниот циклус. Имено, жените кои во организмот имаат доволна количина на магнезиум, се чувствуваат помалку подуено и отечено. **Совет:** Меѓу намирниците богати со магнезиум се наоѓаат зелениот листест зеленчук, гравот, мешунките и јаткастите плодови. Доколку сакате да земате магнезиум во вид на суплементи во исхраната, секако посоветувајте се со лекарот.



**Храна со премногу сол -** Чувство на подуеност имате после консумирање на солен оброк, не ви се причинува. Преголемата количина на сол во организмот предизвикува преместување на водата од крвотокот во кожата, а големата дневна консумација на сол може да ви даде надуен изглед. Дури и повеќе од 90 проценти на луѓето ја преминуваат препорачаната дневна доза на сол од 4 грама, што ги саботира вашите напори да се ослободите од салото на стомакот. **Совет:** Ослободете се од таа навика да додавате сол врз јадењата. Наместо тоа, вкусот на оброкот подобрете го со разни зачини.

**Консумација на газирани пијалаци -** Газираните пијалаци се полни со празни калории кои влијаат врз обемот на вашата половина. Имено, само две чаши газиран пијалак на ден предизвикува салото во пределот на стомакот да се насобира 5 пати побрзо. Големата количина на шеќери во газираните пијалаци поттикнуваат и желба за храна, заради што и јадете повеќе отколку што навистина ви е потребно.

**Премалку сон -** Доколку имате чувство на константен недостаток на сон, покрај тоа што очигледно сте хронично уморни, го спречувате отстранувањето на масни наслаги од стомакот. Истражувањето објавено во American Journal of Epidemiology открило дека жените кои спијат само по 5 часа навечер имаат за 32 проценти поголеми шанси да имаат прекумерна тежина, за разлика од оние кои спијат подолго. Имено, заради недостаток на сон во текот на денот консумирате помрсна храна, а виновник за тоа е грелинот. Производството на хормонот на глад, како што се нарекува, се зголемува токму заради недостаток на сон. **Совет:** За да го регулирате апетитот, а со тоа и тежината и салото околу стомакот, во текот на ноќта спијте по 7–9 часа. За да спиете поквалитетно, од вашата спална соба отстранете ги електронските уреди, а температурата држете ја малку поладна од остатокот од домот. Идеалната температура на собата за спиење е околу 18 степени Целзиусови. Избегнувајте го кофеинот доцна навечер и обидете се да држите рутина на спиење, дури и доколку тоа значи станување во исто време преку викендот.

**Јадете погрешни масти -** Телото не реагира на ист начин на сите масти. Истражувањата покажуваат дека високиот внес на заситени масти (како оние од месото и млечните производи) го зголемуваат насобирањето на масти. Од друга страна, пак, незаситените масти, кои содржат омега 3 масни киселини, како оние од оревите, сончогледовите семки, лососот, маслиновото масло и авокадото, делуваат противвоспалително и имаат благотворно дејство врз телото. **Совет:** Избалансирајте го внесот на масти, бидејќи преголем внес било на заситени или на незаситени масти, нема да има позитивен ефект врз вашата линија.

**Б. Арсов**

# Лек за болката во колената

Многумина од нас често „без причина" го заболува едното колено, а многу поретко двете истовремено. Што тогаш ние правиме? Да одиме на лекар и да започнеме „лечење", но какво? Прво ќе ни кажат да купиме некој лек за смирување на болките, чии називи нема да ги спомнуваме оти пациентите веќе добро ги знаат.

Ако на тој начин не успееме да го решиме проблемот, лекарот ќе не прати на снимање на зглобовите на колената како би одредил терапија.

После снимањето ќе ни рече дека рскавицата ни е начната и дека нејзиното исчезнување ќе продолжи ако терапијата не ја продолжиме со лекови.

Обично се препишуваат лекови против болки и инекции кои ни ги вбризгуваат директно во зглобот на коленото. Овие инекции се многу скапи, а содржат лек против болки и масло кое ќе ни го зајакне подмачкувањето на зглобот.

Меѓутоа, и тие ако не помогнат, тогаш ни преостанува само операција, то ест ставање протеза, која исто така е скапа, а потоа рехабилитација која може да биде болна и долготрајна.

Сите овие маки постепено ни дошле затоа што сме изгубиле драгоцено време за прав начин на лекување, оти всушност сме се бавеле со смирување на последиците на заболените колена, а не сме ја барале причината.

Кога не болат колената најчесто во прашање е тетивата, а со неа и воспален нерв или лигаменти, кои се скратени или спазматични, па поради својата скратеност ги затегаат лигаментите на колената и така создаваат болка. Причината за скратеноста може да биде настинка, старост, недвижење, наследен лош квалитет на тетивите или нагло свиткување на колената кои во тој миг биле оптеретени... Поради тоа главен проблем на болката во коленото во повеќето случаи е лоциран над него. Проблемот може да тргне од лумбалноишијалгичниот дел, па преку задните и предните лози се спушта до колената каде и се јавува болката. Сето ова, секако, не се однесува на повредени колена со пукнатини или истегнати лигаменти на повреден мениског, за што хирургијата е неопходна, а за сите останати кои имаат болки во колената без, според нив, права причина, за таквите решението е на друга страна.

Алтернативната медицина болките во колената ги лечи со масажа, третмани на истегнување, физикална терапија, но само на точно одредени места, без големи болки и без скапи лекови, гелови, инекции... и секако без непотребни операции. Затоа не губете време на лечење на болките во коленото туку веднаш почнете да ги барате причините на тие болки, препорачуваат врвните физијатри.

Болката во коленото не известува и тоа дека циркулацијата – прокрвеноста до него– е намалена. Со тоа е намалена и исхранетоста на зглобот и одржувањето на квалитетот на коскениот дел, а особено рскавицата, што и доведува до нејзино трошење наместо одржување. Болката, понатаму ги намалува, ги ограничува нормалните движења што доведува и до слабеење на лачење на масло за подмачкување на зглобот, што исто така го забрзува оштетувањето на рскавицата, а со тоа и одењето на хирург. Затоа превентивното однесување е од пресудно значење, а тоа е, за постарите, доста пешачење во природа со повремено забрзан ритам. За сите возрасти добри се вежби на чучнување, качување по скали, клекнување со цели стапала на подот барем два пати дневно по 5 минути и друго. Пред се не очајувајте ако не оди од прв пат, бидете упорни и почнете со помал број повторувања со обврзно придржување до нешто или некого во случај ако не можете сами.

Ќе признаете дека сето спомнато е многу, многу полесно, побезболно, посигурно, па и поевтино во однос на сè друго. Времето кое го поминувате во болници со болки, „трчање" во аптеки по „лекови", трпење болки од инекции и непотребно трошење пари, искористете го за шетање и лесни вежби.

**Т.Г.**


ЗНАЕМЕ ДЕКА МОЖЕТЕ!
Дајте им го она што им е потребно!
• Бесплатно отворање на трансакциска сметка
• Бесплатно овластување на вашата сметка за еден или повеќе членови на семејството
• Бесплатна Маестро дебитна картичка
• Бесплатна Master-Card кредитна картичка
• Можност за отплата до 73 години
Износ до 2 пензии
• Дирекција тел. 02/3249-437 ; 02/3249-454
• Градски Ѕид Скопје тел. 02/3217-224
• Партизански Одреди тел. 02/3221-003
• нас. Аеродром тел. 02/2401-225
• нас. Бутел тел. 02/2600-055
• Карпош 4 тел. 02/3090-209
• Кисела Вода тел. 02/2720-470
• Струмица тел. 034/343-881
• Битола тел. 047/232-434
• Прилеп тел. 048/400-210
• Кавадарци тел. 043/414-726
• Гостивар тел. 042/211-221
ЕУРОСТАНДАРД Банка
www.eurostandard.com.mk


КМ МАРЈАН ДООЕЛ СКОПЈЕ
Ул.Водњанска бр.60
Тел.02/3 223 392 ; 02/3 223 786
www.kmmedical.com.mk
1.550,00 ден.
1.199,00 ДЕН
ЗГЛОБЕН МЕРАЧ НА КРВЕН ПРИТИСОК АЕГ (ГЕРМАНИЈА)
КОНЦЕНТРАТОР НА КИСЛОРОД – ЗАМЕНА ЗА СТАРИТЕ БОЦИ СО КИСЛОРОД
AEG
ЕЛЕКТРИЧНО ЌЕБЕ ЗА ЗАТОПЛУВАЊЕ ВО ЗИМСКИТЕ ДЕНОВИ
ЕЛЕКТРИЧЕН АСПИРАТОР ЗА НОС ЗА ДЕЦА И ВОЗРАСНИ
AEG
АВТОМАТСКИ МЕРАЧ НА КРВЕН ПРИТИСОК СО НАДЛАКТИЦА АЕГ (ГЕРМАНИЈА)
2.200,00 ден.
1.859,00 ДЕН
elettroplastica
ЈОНИЗАТОР ЗА ПРОЧИСТУВАЊЕ НА БАКТЕРИИ И ВИРУСИ ОД ЗАГАДЕН ВОЗДУХ ЕЛЕТРОПЛАСТИКА ИТАЛИЈА
ИНФРА ЦРВЕН ТЕРМОМЕТАР ЗА ЧЕЛО И УВО АЕГ
AEG
ДИГИТАЛЕН ТЕМОМЕТАР АЕГ 4904
ИНХАЛАТОР СО ДЕТСКА АПЛИКАЦИЈА
МЕРАЧ НА ШЕЌЕР ВО КРВ МЕДИСАЈН ММ1000 + 50 ТЕСТ ЛЕНТИ + ЛАНЦЕТИ
MM1000
500,00 ден.
ГРАТИС
EMPECS MEDICAL DEVICE
900,00 ДЕН.
ИНХАЛАТОР ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ НА ДИШЕЊЕТО ЕЛЕТРОПЛАСТИКА ИТАЛИЈА
elettroplastica
10 % попуст за пензионери




## ЗАНИМЛИВОСТИ

Како што стареете, бојата на вашите очи станува посветла.

Возрасниот човек има 206 коски во телото, додека децата имаат многу повеќе.

Човечкото око трепка во просек 4 200 000 пати годишно.

Најдолговечните клетки во човековото тело се мозочните клетки – колку и животен век.

Има повеќе живи организми на кожата на еден човек отколку што има луѓе на Земјата.

Мерилин Монро имала шест прсти на едното стапало.

Животниот век на мажите во Русија се има намалено во последните 40 години. Русин роден денес може да очекува просечен живот од 58 години.

Во 1985 најпопуларната големина на машки пантолони била 32, во 2003, 36.

Во 2004 година, едно од шест девојчиња во Америка влегло во пубертет на осум годишна возраст. Пред сто години ова се случувало кај едно во сто девојчиња.

Нов тренд во Холандија: Мали скапоцени камења имплантирани директно во окото.

Британски гимнастичар успеал да преживее пад од четвртиот кат, бидејќи успеал да направи салто и да слета на две нозе.

Просечно седум годишно дете од Северна Кореја е речиси 7,5 сантиметри пониско од неговиот врсник во Јужна Кореја.

Заборавaме 80 проценти од она што го учиме секој ден.

Амишите имаат исхрана која се состои од големи количини месо, млечни производи, рафиниран шеќер и калории. Сепак, прекумерната тежина е речиси непозната појава. Разликата е во тоа што бидејќи немаат телевизори, автомобили или машини, тие го поминуваат речиси цело време работејќи.

Течноста од младите кокосови ореви може да биде искористена за трансфузија како замена за плазма.

Носење слушалки еден час го зголемува бројот на бактерии во вашите уши за 700 пати.

Бебињата се раѓаат без чашки на колената. Тие се развиваат на возраст помеѓу 2 и 6 години.

Во неодамнешна студија, Американците рекле дека банана е нивниот омилен мирис.

Докажано е дека редовното миење на забите помага во спречување на срцеви болести.

Мажите можат да читаат помали букви од жените; жените имаат подобар слух.

Вашите уши и носот никогаш не престануваат да растат.

Мажите икаат почесто од жените.

Човечките заби имаат цврстина речиси еднаква на камен.

Просечниот човек има над 1460 сонови годишно.

Вашето срце чука над 100 000 пати во денот.

Вашите ребра мрдаат околу 5 милиони пати годишно... Со секој здив.

Една четвртина од коските во вашето тело се наоѓаат во стапалата.

Исто како и оние од прстите, отпечатокот од јазикот е уникатен кај секој човек.

Ноктите на рацете растат речиси четири пати побрзо од оние на нозете.

Просечниот човек се смее 15 пати дневно.

**Б. Арсов**

## КРСТОЗБОР



| | | | | | СКАНДИ | ИМЕТО НА ПЕЈАЧКАТА НА ФОТОСОТ | АБЕБЕ БЕКИЛА | “КАЛОРИЈА“ | ГОСПОДАР (ГРЧ.) | СКАНДИ | АМПЕР | НАША НЕГАЦИЈА | АТЛЕТИЧАРОТ ЈАЦЕК | МУЗА НА ПЕЕЊЕТО | АМЕР. КОМПАНИЈА ЗА ГРАМОФОНСКИ ПЛОЧИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | ВИД ДРВЕН САД | | | | | ЕЛ САДАТ / ХИМНА | | | | | |
| | | | | | БАЊИ ВО ИТАЛИЈА | | | | | | МАГАРЕ (РАЗГ.) / ЗАСИЛЕН МОТОР | | | | |
| | | | | | ЛИТАР | | МАРКА РУСКИ АВТОМОБ. / Ж. ИМЕ НА ГАЛЕНО | | | | | ХИМНА / СТАР ЖИТЕЛ НА МЕКСИКО | | | |
| | | | | | ИНГЕ ИЛИН | | | ЕВРЕЈСКИ МИСТИЦИЗ. / ИМЕ ЗА ГРАДОТ ВОДЕН | | | | | | | ЛИК ОД ОПЕРА НА ВЕРДИ |
| | | | | | КИСЕЛИНА | | | | | Ж. ИМЕ НА ГАЛЕНО / ВИД СПОРТСКИ ЧАМЕЦ | | | | РАДИУС / ИМЕТО НА АРТИСТКАТА ШЕПАРД | |
| | | | | | ПАЃАЊЕ | | | | ПОДЗЕМНО ЖИВОТНО / ГРАД ВО ГРЦИЈА | | | | ПРЕДЛОГ / СТАРА УНГАРСКА МЕРКА ЗА ДОЛЖИНА | | |
| СКАНДИ | ДАР ОД БОЖЕСТВА | ГЛАВЕН ГРАД НА БАНГЛАДЕШ | ФРАН. ХРОНИЧАР АДОН | АРТИСКАТА РЕМИК | ИСКРА / ВОСПАЛЕНИЕ НА АОРТАТА | | ВИД ЦРВ / ВИД КРАТОК ФРАН. МЕЧ | | | | | | | | |
| ГРАД ВО УНГАРИЈА | | | | | | ЛИТЕРАТУР. ОБИД / ПОТКОЖЕН ЛОЕН ИЗРАСТОК | | | | | ВРВ НА КИЛИМАНЏАРО / ЖАЛОСЕН | | | | |
| УРЕД ЗА ПРИЕМ НА РАДИО БРАНОВИ | | | | | | | | | | | | КРЕМ ЗА ТОРТА / ТРУД | | | |
| “ТЕХНИЧКИ НОКАУТ“ | | | | ИРСКА ТВ / ПРВА СУЛТАНОВА ЖЕНА | | | | ПРВИОТ МИТСКИ ЛЕТАЧ / ФРЕД АСТЕР | | | | | ЛЕОН ФУКО / ГРАД ВО ЗАПАДНА МАКЕДОНИЈА | | |
| ВАСИЛ АТАНАСОВ | | | ГРЧКА БОЖИЦА НА ОДМАЗДАТА / ПРОРОК ОД С. ЗАВЕТ | | | | ФРАНКО НЕРО / ИНИЦ. НА АВТОМОБ. РАГАЦОНИ | | | ПОЛУСКАП. КАМЕН / АРТИСТКАТА МАСАРИ | | | | ОКА / ФРАН. КОМПОЗИТОР ПОЛ | |
| ПРВАТА БУКВА ОД АЗБУКАТА | | ЖИТЕЛКА НА АСИРИЈА / ГРАД ВО ИНДОНЕЗ. | | | | | | | ВИД ВОДНА ПТИЦА / COSИДАН БРЕГ | | | | | | РЕКА ВО ВЕЛС |
| НЕПОДВИЖЕН ДЕЛ ОД МОТОРОТ / ИНИЦ. НА ШАХИСТОТ ТИМАН | | | | | | | | ЛИЦЕ ШТО ЖИВЕЕ ВО МАНАСТИР / ТОМЕ АРСОВСКИ | | | | | | | |
| ИМЕТО НА НАШ ПРЕРОДБЕНИК КРЧОВСКИ | | | | | | | ЖЕНСКО ИМЕ / ВОЛТ | | | | НА ТОЈ НАЧИН / ПАСКАЛ | | | | |
| ВИД СПОРТ | | | | | | ИЗВИК ШТО ИЗРАЗУВА БОЛКА | | | | СКРАТЕН ПОТПИС | | | | | |

## Хумор

При посета на Шкотска еден Американец отишол на езерото Лох Нес надевајќи се дека ќе го види чудовиштето кое се крие во езерото.Американецот го прашал туристичкиот водич:

– Кога обично се појавува чудовиштето?

– Па... обично по осмото виски!

* * *

На некој коктел една жена и вели на својата пријателка:

– Зошто го носиш прстенот на погрешен прст?

– Затоа што сум се омажила за погрешен човек!

* * *

Влегува инспектор во работилница и прашува:

– Колкумина работите тука?

– Со шефот десетина, а кога не е тука ниеден!

* * *

Влегува еден постар човек во банка и вели:

– Дајте ми едно пиво.

– Какво бре пиво дедо, овде е банка.

Знам, знам, ама од спротива во дуќанчето е три банки!

* * *

Разговараат две баби:

– Во недела се мажи внука ми.

– Убаво. Од каде е зетот?

– Од Фејсбук.

– Каде е тој град?

– Не знам!

* * *

– Бабо те молам затвори ги очите, – и вели малата Марија на баба и.

– Зошто мило?

– За да ми купи тато велосипед. Ми кажа дека кога ќе ги затвориш очите ќе бидеме богати и ќе може сè да ми купи.

* * *

Ги прашува учителката дечињата во градинка што работат нивните родители.

– Петре што работи татко ти ?

– Не знам што работи, ама зема многу пари.

– Е и јас работам, ама не земам многу пари.

– Ти не работиш. Ти си играш со нас.

* * *

Разговараат две баби:

– Мицо колку килограми имаш?

– Со наочари 78.

– А без?

– Не знам не ги гледам бројките.

## Двата патника и старото дрво




Патувале двајца патници. Изморени и измачени од горештината седнале да се одморат под сенката на едно старо дрво. Откако добро се одмориле едниот му рекол на другиот.

– Слушај пријателе. Ова дрво е старо и неплодно. Што мислиш да го исечеме. Убаво ќе ни се најде кога ќе дојде зима за огрев.

Овие зборови ги слушнало дрвото и им рекло.

– Ве слушам и се чудам на вашата неблагодарност. Се одморивте под мојата сенка и сега веќе не ви требам, а заборавате дека ќе дојде и друга зима.

Пензионери од Скопје во посета на Археолошкиот музеј на Македонија

# Воодушевени и горди од виденото

Новиот Археолошки музеј на Македонија, покрај брегот на Вардар, јужно од Камениот мост во Скопје и тој ден на 18.03.2015 година стамено стоеше и ги чекаше своите посетители. За цело време влегуваа и



излегуваа луѓе желни за нови сознанија и материјални докази за богатото културното наследство на Македонија од памтивека до денденес. И се така, до единаесет часот, кога во фоајето на Музејот се насобра поголема група, речиси, над стотина пензионери од скопските здруженија, предводени од лидерот на пензионерската организација на Македонија Драги Аргировски, кои во придружба на министерката за култура д–р Елизабета Канческа–Милевска, најпрво се сликаа, а потоа ги разгледаа поставките во грандиозното здание кое отсекаде и секого привлекува.

Најпрво гостите ги пречека и добредојде им посака директорката на Музејот **Весела Честоева**, а потоа едукаторот и водич **Глигор Божиноски** ја поведе групата низ историјата на Македонија. Покажувајќи ги артефактите, врз основа на научни и материјални докази, тој хронолошки, со споредување на останките пронајдени во локалитетите на Македонија, го доловуваше цивилизацискиот развој и живеењето на старите поколенија, кои со битни белези се издвојувале и негувале понапредна култура на овие простори. Воодушевени од новите сознанија пензионерите со големо внимаие го слушаа едукаторот и обиколувајќи ги восочните фигури на македонските кралеви, војсководци и други величественици, со почит ги набљудуваа, а некои, посакувајќи барем малку да ја допрат историјата и се сликаа со нив.

И што уште да се спомне од импресијата што се стекнува поминувајќи ги сите секции во Музејот, од настанокот на човекот, од издвојувањето на македонската цивилизација, од нумизматичките докази за нејзиниот развој... Дали од Александар Македонски, дали од македонските кралеви и благородништвата, или не знам од кого и од што уште не... Насреде Музејот остануваш стаписан и скаменет од историските докази, вратен илјадници години наназад за да го сфатиш своето потекло и постоење. Откога ќе го напуштиш Зданието, никому потоа не треба да му докажуваш и да му објаснуваш кој си, што си и колку си Македонец...



Сите посакуваа што подолго да останат во Музејот, но и други посетители чекаа да ја доживеат историјата. Време остана само за искажување на импресиите пред камерите на медиумите. Задоволна од заедничката посета на Музејот со пензионерите министерката **д-р Елизабета Канческа-Милевска** покрај другото рече дека оригиналните артефакти во Музејот се поставени на три нивоа и вкупно ги има околу осум илјади, а од отворањето досега, ова вредно археолошко богатство го виделе 15.000 посетители. Министерката ја истакна и добрата соработка на Министерството за култура со СЗПМ посочувајќи ја поддршката на Ревиите на песни, музика и игри како придонес на пензионерите во негувањето и зачувауваењето на културното богатство на Македонија. Вратите на културните институции за пензионерите секогаш се ширум отворени, истакна на крајот министерката Милевска.

Претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** со восхит ги искажа своите импресии и воодушевување, а посака сите пензионери да го посетат Музејот, да се потсетат и да ја доживеат историјата, бидејќи, како што рече, животот во третата доба треба да биде и живот со историјата и со културата на Македонија.

Изјава за медиумите даде и директорката на музејот Весела Честоева, како и неколку пензионерки искажувајќи ги убавите впечатоци.

На заминување повторно поминав преку мостот што го поврзува Музејот со Плоштадот Македонија и откога го преминав, се свртив уште еднаш да го видам велелепното здание, врајќајќи се со погледот кон еднадодруго наредените бисти од двете страни на мостот со напор да ги запаметам имињата на тие наши кралеви, војсководци, духовни водци и величественици кои го покажуваат хронолошкиот развој и патот низ историјата на нашата постојбина. Не може сето тоа одеднаш да се запамети!

**Мендо Димовски**

# И во Скопје се одбележа Кинеската Нова Година

На 19–ти февруари 2015 година, во холот на Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" – Скопје, Институтот „Конфуциј" со пригодна програма го одбележа почетокот на кинеската Нова година. На свечената прослава присуствуваа министерот за надворе-



шни работи на Р.М. Никола Попоски, амбасадорот на Н.Р. Кина во Р.М. Вен Ценшун, директорот на Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" д–р Иван К. Заров, декани и сенатори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", претставници на државните институции, Британскиот совет, Американското катче, Гете институтот, курсисти, пријатели и љубители на кинеската култура. Свеченото одбележување започна со обраќањето на проф. д–р Денг Шицонг, кинескиот директор на Институтот „Конфуциј" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје кој ги поздрави присутните и објави дека „**според лунарниот календар годината на коњот го заврши својот забрзан галоп, и ѝ отстапи место на кротката и мирна коза, која според традиционалните верувања носи мир, спокој и благосостојба**."

Пригодната програма беше подготвена и изведена од професорите и наставниците на Институтот „Конфуциј" со учество на учениците, студентите и возрасните курсисти кои ги посетуваат часовите по кинески јазик на Институтот. Први настапија најмладите со изведбата на комичната песна за деца „Две тигарчиња" со маски кои сами ги изработија, предизвикувајќи смеа и радост кај публиката. Следуваа учениците од О.У. „Св. Кирил и Методиј" кои со кинескиот знак за коза во рачињата ја испеаја на кинески јазик песната „Среќна Нова година" и на присутните топло им го честитаа почетокот на Годината на козата. По најмалите настапија средношколци со „Убавото езеро Таиху", а група на возрасни курсисти го изведоа танцот „Светли фенери со црвена боја".

Модерната кореографија за традиционалната музичка тема „Љубовниците – пеперутки" инспирирана од приказната за кинеските Ромео и Јулија и проткаена со калиграфски мотиви ја воодушеви публиката со инвентивниот спој на традиционалната кинеска музика и модерната македонска уметност.

Оваа манифестација ја проследија над 300 гледачи, меѓу кои имаше и повеќе пензионери. **М. Дамјаноска**

По повод Осми март

# Ретро модна ревија и изложба на слики

По повод празникот на жената Осми март, а во организиција на Црвениот крст на Скопје, согласно проектот „Дневен центар на стари лица и центар за давање помош во домашни услови", на 10.03.2015 во Домот на АРМ се реализираше модна ревија и изложба на слики од лица во трета доба. Идејата да се направи оваа манифестација произлезе од волонтерите и стручните соработници вклучени



во овој проект. Во ревијата учествуваа 9 кориснички од дневните центри, кои како манекенки ја прикажуваа убавината на жената и активизмот во третата доба. Креациите што ги носеа манекенките беа од помлади години, со што беше прикажана модата во минатото.

Ваква манифестација се случува првпат во Македонија, а има за цел да докаже дека за новите иницијативи и идеи нема возраст која може да ја ограничи волјата да се направи нешто позитивно, продуктивно и хумано. На самиот настан се прикажа и изложба на слики од сликарската работилница, која веќе годинаипол континуирано се имплементира во Дневниот центар за стари лица во ДХО „Даре Џамбаз". Беа изложени 97 дела, од кои 64 платна и 33 цртежи. Слободните уметници од третата доба ги претставија своите дела со различни тематски мотиви, со кои го искажаа својот уникатен талент со уметнички израз. Покрај уметничката, изложбата имаше хуманитарна димензија. Всушност, делата можеа да се купат по симболична цена, а средствата кои се собраа ќе бидат донирани на социјално загрозени и изнемоштени лица.

Модната ревија и изложбата ја следеа повеќе од 150 гости и претставници на здруженијата на пензионери од Скопје меѓу кои беа: претседателот и секретарот на ИО на СЗМ Драги Аргировски и Станка Трајкова, секретарите на ЦКРМ и ЦКГС, Саит Саити и Сузана Т. Паунова, како и претставник на Министерството за труд и социјална политика, кои дадоа голема поддршка на овој настан. **Тихана Обрадовиќ**

Средба со Ружица Василевска, пензионерка од ЗВП

# Спортистка со поетска душа

Како и секогаш забележливо тивка и скромна, Ружица Василевска членка во Здружението на воените пензионери, се издвојува и по многу други карактерни особини што никогаш сама не ги истакнува. Нејзините квалитети и способности постепено се разоткриваат и така се гради мозаикот за ликот на оваа мошне активна пензионерка. Со вклучувањето во културно–забавниот и спортско–рекреативниот живот на пензионерите, таа внесе живост и свежина во Здружението, а нејзините резултати при ревијалните настапи и спортските натпревари, навистина заслужуваат пофалби. На двете полиња таа го искажува својот талент од младоста и со леснотија постигнува забележителни успеси. Најсвеж пример за тоа е освојувањето на првото место на минатогодишните регионални спортски натпревари, во исклучителна конкуренција во нејзината категорија на претставнички од други скопски здруженија.



– Навистина повеќе ми лежи поезијата, но во спортот постигнувам подобри резултати бидејќи сум во кондиција благодарение на околностите во кои сум принудена повеќе да се занимавам со физички активности, – објаснува Ружица како да бара оправдување за тоа.

Кога станува збор за поезијата, Ружица главно пишува за своја душа, иако уште од помлади години нејзини творби се објавувани во списанието „Наш свет". Од нејзината „поезија од фиока" таа извади неколку лични творби и ги прочита на поетската средба „Денови на поезијата" во Куманово – 2013–та година. Признанијата што ги доби за настап на оваа манифестација како и на спортските регионални натпревари, ги красат витрините на Военото здружение на пензионери и сведочат за нејзините успеси.

Покрај пишувањето, својата љубов Ружица ја посветила и на хортикултурата. Во својот прекрасен и како што вели божествен двор, одгледува разнобојни цвеќиња, билки, чаеви и разновидни растенија. Сета таа хармонија ја надоплонува и освежува убавиот базен, а опојниот мирис што се шири низ дворот ги разнежнува срцата на минувачите и гостите кои често доаѓаат кај неа.

Оваа поетска душа речиси нема слободно време за себе, но секогаш наоѓа моменти да му посвети внимание на својот внук, кого го подучува и воведува во повеќе области како што се: учењето англиски и германски јазик, културата, образованието, градежништвото и друго, кои мошне добро нејзе и се познати.

Восхитени од сознанието, посакавме повеќе вакви Ружици да има во Здружението на воените пензионери. Со убави желби ја оставивме во светот на нејзиното тивко и скромно живеење што се труди да го сочува само за себе, исто како што ја чува поезијата во фиока, која се надеваме наскоро да го здогледа светлото на денот!

**Милка Гирасова**

# Изложба по повод 8-ми март



По повод 8–ми март, Меѓународниот ден на жената, во Културниот дом „Крсте Петков Мисирков" во Свети Николе, придружена со нежни музички звуци, беше отворена изложба на слики, макраме и еколошки слики и икебани. Овие уникатни дела се изработени од вредните раце на светиниколските пензионерки членки на секцијата „Овчеполска ѕуница" при зружението на пензионери од градот. Иако секцијата постои само неполни четири месеци, ѕидовите на Салонот на библиотеката во културниот дом беа закитени со голем број дела, благодаренијe на ентузијазмот на овие талентираните припаднички на третата доба, членки на оваа секција која во секој поглед е поддржана од раководството на здружението на пензионери од Свети Николе. На отворањето од името на Сојузот присутните ги поздрави и им го честита празникот секретарот на Извршниот одбор на СЗПМ Станка Трајкова.

Инаку, како што беше истакнато од сите што говореа на отворањето на оваа изложба на уметнички пензионерски дела, при изработувањето на истите тие, си ги исполнуваат пензионерските денови, се дружат и разменуваат искуства. За изработка на своите дела се е нивно: и идеите, и реализацијата и материјалите.



На отворањето покрај доминантниот број пензионерки имаше и припаднички на сите генерации, кои покрај тоа што имаа можност да ги видат овие убави дела, слушнаа и интересни работи и за историјата и потеклото на макрамето, за тоа дека за да се создаде нешто не се потребни многу финансиски стедства, туку многу љубов и труд.

Оваа изложба беше убав пример за достоинствено и оригинално одбележување на празникот 8–ми март, кој треба да го следат и другите здруженија, но и пошироко.

**Вукица Петрушева**